Меѓународен Славјански Универзитет

“Гаврило Романович Державин”- Свети Николе - Битола

Факултет за Правни науки

Предмет : Малолетничко казнено право

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

„Компаративна анализа на казненото кривично право во Германија, Франција и Италија”

Ментор: проф. Д-р Васко Стамевски

Изработил: Андреј Личков

Индекс: М 227015

И З Ј А В А
од кандидатот

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи на Република Северна Македонија од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање.

Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

_____
Андреј Личков

Содржина:

Апстракт.....7

Клучни зборови.....7

Abstract.....8

Key words.....8

Вовед.....9

1. Правна рамка во Република Северна Македонија.....11

2. Правниот контекст според меѓународните документи за деца осомничени или обвинети за сторено кривично дело.....16

3. Правниот контекст според меѓународните документи за деца- жртви на кривично дело.....17

4. Малолетничко кривично право во Италија……...18

4.1.1 Пријавување кривично дело…….18

4.1.2 Обезбедување информации……..19

4.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот……...……20

4.1.4 Заштита од секундарна виктимизација и обезбедување на пријателска средина за деца……...……21

4.1.5 Заштита на децата за време на сослушувања и за време на сведочење..……..22

4.1.6 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка……...24

4.1.7 Право на правен советник, правна помош и застапување…….25

4.2 Детето како сведок……...……..26

4.3 Детето како осомничен или обвинет……..27

4.3.1 Возраст за кривична одговорност……27

4.3.2 Обезбедување на информации……...……..30

4.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи…….……31

4.3.4 Услови за притвор…….……32

4.3.5 Заштита на фамилијарниот и приватниот живот……..……34

4.3.6 Алтернативи на судската постапка.....34

4.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето.....35

4.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување.....35

4.3.9 Правни лекови и надомест за повреда на права и непостапување.....36

4.4 Детето како жртва или престапник.....36

4.4.1 Обезбедување на информации.....36

4.4.2 Санкции.....36

4.4.3 Лишување од слобода.....39

4.4.4 Кривична евиденција.....39

5. Малолетничко кривично право во Франција.....40

5.1.1 Пријавување кривично дело.....40

5.1.2 Обезбедување информации.....43

5.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот.....44

5.1.4 Заштита од секундарна виктимизација и обезбедување на пријателска средина за деца.....47

5.1.5 Заштита на децата за време на сослушувања и за време на сведочење.....48

5.1.6 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка.....50

5.1.7 Право на правен советник, правна помош и застапување.....50

5.1.8 Правни лекови или компензација постојат за повреда на правата и непостапување.....52

5.2 Детето како сведок.....54

5.3 Детето како осомничен или обвинет.....57

5.3.1 Возраст за кривична одговорност.....57

5.3.2 Обезбедување на информации.....59

5.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи.....60

5.3.4 Услови за притвор.....61

5.3.5 Алтернативи на судската постапка.....65

5.3.6 Минимизирање на товарот на постапката и обезбедување пријателска средина за деца.....67

5.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето.....70

5.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување.....70

5.3.9 Правни лекови и надомест за повреда на права и непостапување.....71

5.4 Детето како жртва или престапник.....72

5.4.1 Обезбедување на информации.....72

5.4.2 Санкции.....74

5.4.3 Лишување од слобода.....77

5.4.4 Кривична евиденција.....79

6. Малолетничко кривично право во Германија.....80

6.1.1 Пријавување кривично дело.....80

6.1.2 Обезбедување информации.....82

6.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот.....84

6.1.4 Заштита од секундарна виктимизација и обезбедување на пријателска средина за деца.....87

6.1.5 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка.....88

6.1.6 Право на правен советник, правна помош и застапување.....89

6.1.7 Правни лекови или компензација постојат за повреда на правата и непостапување.....89

6.2 Детето како сведок.....91

6.3 Детето како осомничен или обвинет.....92

6.3.1 Возраст за кривична одговорност.....92

6.3.2 Обезбедување на информации.....94

6.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи.....95

6.3.4 Услови за притвор.....96

6.3.5 Алтернативи на судската постапка.....97

6.3.6 Минимизирање на товарот на постапката и обезбедување пријателска средина за деца.....100

6.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето.....102

6.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување.....102

6.3.9 Правни лекови и надомест за повреда на права и непостапување.....103

6.4 Детето како жртва или престапник.....105

6.4.1 Обезбедување на информации.....105

6.4.2 Санкции.....105

6.4.3 Лишување од слобода.....108

6.4.4 Кривична евиденција.....110

7. Компаративна анализа на кривичното право во Франција, Италија и Германија со кривичното право во Република Северна Македонија.....115

Заклучок.....115

Користена литература.....118

Апстракт:

Во рамките на овој магистерски труд ќе бидат разработено малолетничкото кривично право и неговата уреденост во меѓународните документи, со акцент на компарацијата и неговата уреденост во Италија, Франција и Германија.

Поголем дел од магистерската е положбата на детето во Италија, Франција и Германија, кога тоа станува дел од кривична постапка, како и по завршетокот на кривичната постапка, без разлика дали е сведок, жртва, осомничен или обвинет.

Направено е истражување за прилагодувањето на казнените санкции во споменатите земји кога дете се судира со законот и за пријателски настроената правда кон децата.

Клучни зборови: малолетници, жртва, сведок, обвинет, осомничен, прекршок, кривично дело, санкции, пријателска правда спрема децата.

ABSTRACT:

The institute juvenile criminal law, his place in the international documents and comparation of the juvenile criminal law beetwen Italy, Frace and Germany shall be elaborate within my masters thesis.

Major part of my master thesis is the place of the child in Italy, France and Germany, when he starts to be part of the criminal proceedings, as well after the proceedings, whenever he is witness, victim, suspect or defendant.

A research has been made regarding the sanctions against child in this countries and the friendly justice against the child.

Key words: juvenile, victim, witness, offender, suspect, offence, crime, sanctions, child friendly justice.

Вовед

Криминалот е девијанта појава која го разорува секое општество и претставува напад врз мирниот поредок во тоа општество. Целта на секое општество е да и овозможи на граѓаните кој живеат во тоа општество мирен живот и да го лоцира и искорени секој вид на криминал. Криминалците се луѓе кои прават отстапки од правните норми и законите кои важат во тоа општество и ги прекршуваат со нивното девијатно поведение.

Како во минатото така и денес и кај некои деца може да се забележи девијантно однесување. Но, за разлика од минатото кога против децата се употребувале строги казни, кои многу не се разликувале многу од оние против возрасните сторители, денес против децата се употребуваат поблаги мерки и тоа во вид на воспитување и слично, се со цел децата- сторители на прекршоци полесно да се реинтегрираат во општеството.

Особено треба да се внимава на оние деца кои живеат во лоши средини, се опкружени со криминал, па поради тоа тие лесно можат да сторат кривично дело, следејќи го примерот на опкружувањето. За овие деца се вели дека се деца во ризик. Во овие случаи треба да се делува превентивно, а не репресивно.

За правилен развиток на детето има влијание целокупното опкружување и тоа родителите, врсниците со кои се дружат, училиштето и професорите, односно сите лица со кое детето доаѓа во контакт во секојдневниот живот. Секое дете за правилен развиток, треба да е прифатено од опкружувањето, од неговите врсници, доколку е спротивно најчесто ваквите неприфатени деца, тргнуваат кон лоши патишта, тражат друго место каде ќе бидат прифатени, а тоа најчесто е патот кон криминалот. Во вакви случаи се вели дека општеството во кое ова дете живее во целост потфрлило.

Секое дете кое постапува против одредбите од законот се вели дека тоа дете е малотенички деликвент. Сепак, треба да се разликува поимот малолетничка деликвенција од поимот малолетнички криминалитет, бидејќи не се работи за иста појава. За разлика од малолетничкиот криминалитет, малолетничката деликвенција е поширок поим бидејќи покрај казнените дела ги опфаќа и прекршоците заедно со социопатолошките појави како што се: алкохолизмот, наркоманијата, вагабундажата, проституцијата, самоубиството, вандализмот, никотинизмот, питачењето, па дури и

зависноста од интернет или позната како интернетманија, додека малолетничкиот криминалитет ги опфаќа само казнените дела.

Исто така треба да се прави разлика мегу пределиквентно и деликвентно однесување. Првото е она каде детето нема сторено кривично дело, но има такви манифестации и ако брзо не се интервенира, најверојатно ќе биде сторено кривично дело, па поради тоа во вакви случаи треба да се делува превентивно, додека во вториот случај прекршокот или кривичното дело се направени, па треба да се воспита и реинтегрира детето, а во краен случај да подлежи и на посериозни сакции, секако доколку има извршено посериозно кривично дело.

Првиот закон кој бил донесен во врска со заштита на запуштени деца бил донесен во Норвешка, далечната 1896 година. Првиот суд за малолетници бил основан во Чикаго, додека првото целосно малолетничко законодаство било досенено во Канада. Во Европа првото малолетничко законодаство било донесено на почетокот од 20 век.

За подобрување на положбата на децата- малолетници кои сториле некое кривично дело, во голема мера заслугата е на меѓународните документи. Така, Конвенцијата на ООН за правата на детето, се темели на тоа главната задача на системот е да детето да се интегрира со помош на третман, а не со санкции, да нема пунитивни мерки кон детето, туку да му се даде помош.

Советот на Европа во неговите документи се залагал за диверзиони постапувања и за поактивна употреба на постапката за медијација. Се залагал за поактивна и поголема улога на јавниот обвинител и тоа во секое време кога ќе оцени дека е време затоа да ја прекине постапката против детето, потоа да се прошири и улогата на детето така што и тоа ќе помага во детектирање и надминување на ризик-факторите, ако било сторено кривично дело и во краен случај соработка со неговото семејство. Во целиот овој процес најважно е детето да е доволно зрело, да ги сфати последиците кои настанале од неговото девијантно однесување и тоа да не ги повтори.

Никој не е вроден криминалец, па за да може детето да израсне во граѓанин кој ќе се придржува на општествено- прифатливите мерки, тоа треба да е добро воспитано и да биде опкружено во здраво општество. Затоа колку повеќе деца ќе тргнат кон патот на

криминалот во една заедница, толку повеќе се вели дека затаил целокупниот систем во таа заедница.

1. Правна рамка во Република Северна Македонија

Криминалната политика има сложена задача да направи категоризација на малолетниците. Треба да се определи старосната граница според која децата ќе имаат посебен статус на малолетници во кривичното право. Потоа треба да се определи рамка според која тие ќе се делат на постари и помлади малолетници и на крај да се определи критериумот на душевна развиеност на личноста како материјален критериум според кој тој би имал посебен третман како малолетник.

Како и голем број на други земји и нашиот законодавец се одлучил долната граница на душевна развиеност да биде 14 години. Понатаму, како и во другите законодавства, така и кај нас опфатените лица во овој временски период се делат на помлади и постари малолетници, а има и до извесен степен посебен режим и за помладите полнолетни лица.

Децата кои во моментот на извршување на кривичното дело не наполниле 14 години се сметаат за деца и тие се сметаат за кривично неодговорни, па поради тоа против нив не можат да се наметнат кривични санкции, но сепак треба да и се обрне повеќе внимание на овие деца и да и се наметнат од страна на родителите и од страна на социјалните органи, воспитни мерки.

Секој кој наполнил 14 години, а се уште не достигнал возрасна граница од 18 години ќе се смета за малолетник. Во таа возрасна граница децата потоа се делат на помлади и постари малолетници. Помлади малолетници се сметаа оние кои наполниле 14 години, а не и 16 години и кон нив може да се изречат само воспитни мерки, додека за постари малолетници се сметаат оние кои наполниле 16 години, а не наполниле 18 години и спрема нив може да се изречат воспитни мерки ако се исполнети некои законски услови, а во одредени исклучоци на кривично одговорниот малолетник, може да му се изрече и казната- малолетнички затвор.

Ако е тоа предвидено со закон, на малолетниците можат да и се изречат и определени мерки на безбедност. На малолетници не можат да и се изречат санкции

предвидени за полнолетни лица како на пример казна, условна осуда, мерки на безбедност.

Исто така лицата кои имаат наполнето 18 години, но немаат наполнето 21 година ќе се сметаат за помлади малолетници, па против нив можат да се применат воспитни мерки.

Основните кривични санкции против малолетници со кои се смета дека ќе се делува кај малолетникот при неговата ресоцијализација се воспитните мерки. Со овие мерки се претпоставува дека ќе се изврши максимален надзор врз развитокот на малолетникот и тоа ќе помогне за негова социјализација. Овие мерки се и од едукативна природа. Со овие санкции се наметнува идејата за превенција.[1]

Се наметнуваа и дуги термини во кривичното право за воспитувањето како на пример: социјализација, поправање, ресоцијализација и слично. Овие мерки се изрекуваат со неодредено траење, затоа што не е возможно да се знае потребното време за превоспитување на малолетникот. Поради тоа наместо фиксно траење на мерката се определуваат минимумот и максимумот на траење на мерката.

Овие мерки се изрекуваат само спрема дете кое извршило кривично дело и наполнило 14 години. Кога се изрекуваат овие мерки судот мора да земе во предвид повеќе фактори како возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, тежината на стореното кривично дело, во каква средина живеел, дали спрема него порано била изречена казна затвор за деца или пак воспитна мерка и сите други околности кои мора да се земат во предвид при определување на мерката за да се оствари нејзината цел[2]. При изрекување на воспитните мерки детето не се огласува за виновно.

Воспитни мерки кои може да се изречат се, укор или упатување во центар за деца, засилен надзор од страна на родителот односно старателот, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, засилен надзор од страна на ЦСР, а исто така може да се наметнат и заводски мерки кои може да бдат упатување во воспитна установа или воспитно- поправен дом.

[1] Камбовски В. (2006): Казнено право, општ дел, 2ри Август, Штип, стр.815
[2] Член 38 од ЗПД

За прва и најблага дисциплинска мерка која може да се наметне на малолетен сторител на кривично дело се смета укорот. Целта на укорот е да му се овозможи на малолетникот да ја согледа штетноста на кривичното дело кое го извршил, како и да му се укаже во случај повторно да изврши кривично дело дека ќе му биде наметната санкција.

Упатување во центарот за деца судот ќе определи во случаите кога ќе смета дека е потребно со краткотрајни интервентни мерки да се влијае врз личноста на детето и да се корегира неговото поведение. Престојот во центарот за деца може да изнесува, определен број на часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго, или определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец, или пак непрекинат престој во определен број на денови, но не повеќе од 20 дена.[3]

Кога се изрекува мерката на упатување во центарот за деца судот мора да води сметка детето да не изостанува од настава или пак од работа во случај да е вработено. Тоа во ЦСР ќе врши работа која одговара на неговата психофизичка состојба. Судот исто така по завршувањето на оваа мерка може да определи детето да биде под засилен надзор на ЦСР за период кој нема да надминува повеќе од шест месеци.

Мерки на засилен надзор се изрекуваат кога ќе се определи дека детето нема потреба да се одвојува од неговото семејство и тоа може да се воспитува во вонинституционални услови.

Како мерки на засилен надзор на детето може да му се изречат следните мерки, засилен надзор од родителите односно старателите, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, или засилен надзор од страна на ЦСР. При изрекување на некоја од овие мерки судот може да му наметне на детето и определена обврска.

За времетраењето на заводските мерки судот одлучува дополнително, но тие не можат да траат пократко од една, ниту подолго од три години. Детето останува да живее со своите родители, кога надзорот го врши ЦСР, но кога неговото опкржување штетно влијае врз него, ЦСР ќе го смести во воспитна установа.[4]

[3] Член 40 од ЗПД
[4] Член 43 од ЗПД

Заводските мерки се изрекуваат во случаите кога е потребно целосно одвојување од дотогашната средина на детето. Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но тие најмногу можат да траат до 23 години на детето.

Како заводски мерки се сметаат упатување во воспитна установа и упатување во воспитно- поправен дом. Детето може да биде упатено во воспитната установа за период од најмалку шест месеци, а најмногу три години додека во воспитно-поправниот дом тоа може да биде упатено за најмалку една година, а најмногу 5 години, односно до наполнување на 23-годишна возраст на детето. Секоја година судот ја преиспитува одлуката за престој на детето во воспитно- поправниот дом и тоа по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

КЗ предвидува и алтернативни мерки кои може да и се наметнат на децата. Овие мерки се наметнуваат кога се верува дека самата закана за казна може да влијае на детето за негово правилно воспитување, превоспитување и правилен развој. Предвидени се следните алтернативни мерки за сторено кривично дело на дете на 16 години, условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на постапката и општокорисна работа. Условната осуда со заштитен надзор се определува ако било извршено кривично дело во траење до три години или парична казна, истите услови се наметнуваат и за општокорисната работа, а исто така со општокорисната работа целта е да се постигне воспитно влијание врз личноста на детето, додека условно прекинување на постапката може да се наметне во случаите кога делото кое било е извршено е до пет години или пак се работи за парична казна.

Исто така може да се наметнат и мерки на безбедност кога детето треба да подлежи на третман и лекување. Има три вида на мерки на безбедност кои може да се наметнат за дете и тоа, задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на деца од зависности.

На дете над 16 години кое ќе влезе во судир со законот може да му се изрече една од следните казни, затвор за деца, парична казна, забрана на управување на моторно возило од определен вид и категорија или протерување на странец од земјата.

Затвор за деца може да се пресуди само против деца кои имаат наполнето 16 години, за затворска казна за која е предвидено минимум казна затвор од 5 години и делото е сторено под отежнувачки околности и има висок степен на кривична одговорност на сторителот. Казната затвор се изрекува во должина од една година најмалку до 10 години најмногу.

Паричната казна се определува како главна казна, освен во случаевите кога е извршено кривично дело од користољубие, па се определува како споредна казна, заедно со казната затвор за деца или пак со условна осуда со заштитен надзор. Ако детето не ја исплати паричната казна таа може да се замени со општокорисна работа, а во случај и на неизвршување или делумно извршување на општокорисната работа, судот може да ја замени со упатување во центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија, или протерување на странец од земјата се изрекуваат како главни казни, а во одредени случаеви може да се изречат и како споредна казна заедно со паричната казна.

Санкции кои и биле наметнати на полнолетни лица како деца како и воспитни мерки на помлади полнолетни лица не ги лишуваат од никакви права.

Евиденција води судот според местото на раѓање на детето за изречените санкции против него. До петтиот ден од наредниот месец надлежниот суд е задолжен да доставува информации на Основниот суд Скопје 1 кој води единствен регистар за целата територија на Република Северна Македонија.

Бришење на санкциите зависи од санкцијта или мерката која му била наметната на детето и тоа кога се работи за укор или упатување во центар за деца, мерките на засилен надзор и прекршочни санкции, по една година од нивното застарување или извршување ако детето во тој период не стори ново кривично дело или пак прекршок.

Кај условната осуда со заштитен надзор осуда исто така се брише по една година од истекот на времето за проверување, ако детето во тој период не стори ново кривично дело или пак прекршок.

Заводските мерки, алтернативните мерки и паричната казна исто така се бришат по една година од нивното извршување или застарување, ако детето во тој период не стори ново кривично дело или пак прекршок.

Затворот за деца пак се брише по пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна, ако детето во тој период не стори ново кривично дело или пак прекршок.

Застареноста на санкциите се предвидува на следниот начин, кога детето е осудено на над пет години затвор, потребно е да поминат десет години од осудата. Кога детето е осудено на над три години затвор, потребно е да поминат пет години од осудата. Кога детето е осудено до три години затвор, потребно е да поминат три години од осудата. Ако е пресудена парична казна, таа застарува по две години откако одлуката станала правосилна. Времето кое е предвидено за забрана со управување моторно возило, или протерување странец од земјата, а кога се работи за странец ако е протеран засекогаш во рок од пет години. Мерките на безбедност и општокорисната работа застаруваат во рок од една година. Заводската мерка упатување во воспитно-поправен дом во рок од пет години. Заводската мерка упатување во воспитна установа и мерката на засилен надзор во рок од три години. Упатување во центарот за деца застарува во рок од шест месеци.

2. Правниот контекст според меѓународните документи за деца осомничени или обвинети за сторено кривично дело

Правото да учествува во кривичната постапка во која дете е осомничено или обвинето, е пропишано во голем број на меѓународни документи. Може да биде пронајдено во Европската конвенција за човекови права[5], во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[6] и конкретно со респект за децата осомничени или пак обвинети за извршено кривично дело, правото да учествуваат во постапката е загарантирано во Конвенцијата за правата на детето[7]. Дополнително, Советот на

[5] Article 6 ECHR

[6] International Covenant on Civil and Political Rights, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 2200A (XXI) of 16 December 1966

[7] Convention on the Rights of the Child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 44/25 of 20 November 1989

Европа ги објави своите насоки за пријателски настроена правда спрема децата[8], кој и покрај необразувачкиот карактер веднаш добија висока морална вредност.

Во Патоказот за процедурални заштитни мерки од 2009 година беше пропишано дека во иницијативите на ниво на ЕУ треба не само да се препознаат постоечките стандарди, туку и да се препознае можноста да се дигне границата и да се овозможи висок стандард кога станува збор за спроведување на правдата[9]. Без оглед на широкото признавање на правата на деца осомничени или обвинети за сторено кривично дело, постојните меѓународни инструменти не се сметаа за доволни за да се обезбеди потребната доверба за ефективна соработка помегу Земјите- членки на ЕУ.

На ниво на ЕУ беше преземена иницијатива за изготвување на директива за процедурални заштитни мерки за осомничените или обвинети деца (Директивата на ЕУ 2016/800 за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети лица во кривичната постапка).[10]

3. Правниот контекст според меѓународните документи за деца жртви на кривично дело

Правата на децата жртви да учествуваат во кривичната постапка исто така се разработени во меѓународните инструменти. За среќа, нема веќе заборавени страни во кривичната постапка.[11]

Правата на жртвата да учествува во кривичната постапка може да се најде и како обврзувачка и како необврзувачка според меѓународните инструменти, како што е декларацијата на Обединетите Нации за основните принципи за правда на жртвите на криминал и злоупотреба на власта[12] и насоките на Обединетите Нации во прашања каде се инволвирани деца- жртви и сведоци на криминал[13]. Најважно, е тоа што

[8] Committee of Ministers of the Council of Europe, Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe of 17 November 2010 on child-friendly justice.
[9] Resolution of the Council of 30 November 2009 on a Roadmap for strengthening procedural rights of suspected or accused persons in criminal proceedings [2009], OJ C 295/1.
[10] Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council of 11 May 2016 on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings, OJ L 132/1 (hereafter Directive (EU) 2016/800 on procedural safeguards for children).
[11] Suzanne van der Aa, 'Post-Trial Victims' Rights in the EU: Do Law Enforcement Motives Still Reign Supreme?' [2014] 21/1 European Law Journal 239.j
[12] General Assembly Resolution 40/34, adopted on 29 November 1985.
[13] General Assembly Resolution 2005/20, adopted on 25 May 2005.

Советот на Европа воведе насоки за пријателската правда спрема децата[14], која исто така вклучува насоки кои се однесуваат на децата жртви или пак сведоци на кривично дело.

Треба да се забележи дека Конвенцијата за права на децата не ги споменува експлицитно правата на децата жртви за нивно учество во кривичната постапка. Член 40 на оваа конвенција ги споменува само децата кои се осомничени и обвинети за кривично дело. Би можело да се аргументира дека правото на учество може да се толкува дека е спомнато преку правото да биде сослушано и неговите погледи да се земат во предвид, како што е прикажано во Член 12 на оваа конвенција.[15]

За инструменти под евалуација може да се смета директивата на Европската Унија 2012/29 за жртвите на кривично дело. Клаузалата 14 на преамбулата вели дека, „*што се однесува до директивата, најдобриот интерес за децата мора да се земе примарно во предвид, во согласност со Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија и на Обединетите Нации Конвенцијата за права на децата усвоена на 20 Ноември 1989. Детето жртва мора да биде земено во предвид да се третира како носител на права, кој се споменати во оваа директива и имаат право да ги остваруваат овие права на начин, што ги зема во предвид нивниот капацитет да ги искажат своите погледи.“*. Ваков инструмент не беше прв од овој вид кој беше усвоен. Беше заклучено дека со влегувањето во сила на одлуката од 2001 година, што се однесувало за жртвите на кривичната постапка, се квалификува како важна пресвртница во историјата за правата на жртвите во Европската Унија[16]. Член 5 на оваа одлука тражи од земјите членки да им даде на жртвите ист статус како и на сведоците, за да се минимизира тешкотиите во комуникацијата попречувајќи го нивното разбирање за постапката.

4. Малолетничко кривично право во Италија

4.1.1 Пријавување кривично дело

[14] Committee of Ministers of the Council of Europe, Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe of 17 November 2010 on child-friendly justice

[15] Convention on the Rights of the Child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 44/25 of 20 November 1989.

[16] Suzanne van der Aa, 'Variable Vulnerabilities? Comparing the Rights of Adult Vulnerable Suspects and Vulnerable Victims under EU Law' [2016] 7/1 New Journal of European Criminal Law 39

Секој може да поднесе жалба за прекршок, или да пријави кривично дело на полицијата или пак на јавниот обвинител.[17]

Дете кое има наполнето 14 години може самото да ја пополни жалбата. Кога детето нема наполнето 14 години, жалбата може да биде пополнета само од родителот, или пак од лице кое се грижи за детето, односно старателот. Родителите или пак старателот, исто така може да поднесат жалба, во ситуации кога детето има 14 години или повеќе, и тоа со негова волја или против негова волја.[18]

Како дел од генералниот мандат за подршка на децата кој се инволвирани во кривична постапка, социјалните служби за административна малолетничка правда, може да и асистираат на децата кога пријавуваат кривично дело. На децата може исто така да и асистираат и приватни и невладини организации, кога пријавуваат кривично дело или пак поднесуваат жалба. Овие организации може само да ги подржуваат децата (на пример: пишувајќи ја жалбата, придружувајќи го детето до правата канцеларија и слично), а тие не можат да дејствуваат во име на детето.

4.1.2 Обезбедување информации

Јавниот обвинител испраќа на жртвата писмени информации, во врска со истрагата и лицето кое е под истрага, кога тој или таа ќе имаат потреба да извршуваат акт од постапката, на кој мора да присуствува и легалниот преставник на странката, како на пример на испрашувањето на детето.[19] Информацијата мора да вклучува опис на правото што потенцијално било прекршено. Исто така го вклучува и местото и времето на кривичното дело. Присуство на правниот советник на детето за време на истражните активности е дозволено, само кога детето жртва е граѓанска странка во кривичната постапка. Жртвите мора да бидат известени за нивното право да имаат законски застапник.[20]

Социјалните служби на детската малолетничка администрација ги подржуваат децата кој се вклучени во кривична постапка, обезбедувајќи информации што му се

[17] Article 120 Italian Penal Code and Article 333 Code of Criminal Procedure.
[18] Article 120 Italian Penal Code
[19] Article 369 Code of Criminal Procedure.
[20] Article 369 Code of Criminal Procedure.

потребни на детето и објаснувајќи му ги причините и значењето на изведените факти и на одлуките кои се донесени.

Во отсуство на родителите или на старателите, или кога се јавува конфликт на интереси, се поставува специјален легален застапник од судијата, да го застапува детето во текот на постапката. Овој застапник му ги обезбедува на детето потребните информации за самата процедура и за донесените одлуки, раководејќи се од зрелоста на детето.[21]

Сепак, нема официјални упатства, за јазикот што треба да се употребува од надлежните органи, правниот советник или законските застапници кога се комуницира со дете, или кога му се објаснуваат судските одлуки.

4.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот

Кога детето е жртва на детска проституција, детска порнографија и сексуално насилство, судењето се одвива секогаш позади затворени врати и не се дозволени прашања за сексуалниот живот или сексуалноста на жртвата ако не е неопходно за реконструкција на фактите.[22]

Јавно изнесување на имиња и фотографии или други информации кои можат дирекно или индирекно да водат до идентификација на детето како сведок, жртва или оштетена страна се забранети се до наполнување на 18 години на детето. Како и да е, Судот за малолетници може да донесе одлука за публикација на вакви информации, ако тоа оди во прилог на детето.[23]

Со цел да се обезбеди безбедност на детето жртва на кривично дело, судијата преку наредба за ограничување, може да побара престапникот да ги избегнува местата кои обично ги посетува жртвата или пак да одржува одредена дистанца од тие места и од жртвата.[24]

Кога наводниот сторител е родител, член на семејството или старател, судијата може да нареди обвинетиот да го напушти семејниот дом и да не се враќа во него без

[21] National Juvenile Chambers 'Guidelines on the special legal representative in the proceedings of adoptability'
[22] Article 472 Code of Criminal Procedure.
[23] Article 114 Code of Criminal Procedure.
[24] Article 282 ter Code of Criminal Procedure.

овластување на судијата. За да се осигура безбедноста на жртвата, судијата може да забрани на обвинетиот да посетува места каде што обично одела жртвата[25]. За да ја подржи жртвата, судијата може исто така да нареди интервенција на компетентните социјални служби, семејни центри за медијација или пак здруженија на жртви.[26]

Строго се регулирани и информациите што се даваат за децата во медиумите. Иако фундаменталното право за информација секогаш е гарантирано, анонимноста на детето во медиумите е заштитена. Всушност, идентитетот и сликата за децата кој можат да водат до идентификација на детето како на пример името на родителите, адресата или училиштето , не може да се објавуваат.[27]

4.1.4 Заштита од секундарна виктимизација и обезбедување на пријателска средина за деца

За да се обебеди средина погодна за деца, за време на прелиминарната истрага и испитувања, може да се земе сведочењето на детето во врска со сексуалната злоупотреба, експолотација, ропство и трговија со луѓе во вид на заштитени испитувања.

Во овие случаи јавниот обвинител веднаш го известува судот за малолетници, кој ја активира заштитата на децата од страна на социјалните служби за деца на младинската администрација за правда, заедно со локалните авторизирани социјални служби. Понатаму, емоционална и психолошка поддршка е гарантирана преку присуството на родителите или други личности посочени од детето во секоја фаза од постапката.[28]

Никакви посебни одредби не дозволуваат казнено посредување меѓу жртвите и престапниците во секоја ситуација. Меѓутоа, во случаи на прекин на судењето и пробен период, судијата може од случај до случај, да нареди мерки за посредување кои ќе помогнат детето- престапник да се помири со жртвата. Во пракса, приватни организаии кои го подржуваат детето и социјални служби ја применуваат медијацијата,

[25] Article 282 bis Code of Criminal Procedure.
[26] Article 342 ter Italian Civil Code.
[27] Article 2 and Article 3 Treviso Chart of 5 October 1990 as it was amended by the Regulation of 30 March 2006 of the National Roll of Journalists.
[28] Article 609 decies Italian Penal Code.

кога престапникот е дете, за да му овозможат социјална реинтеграција на детето престапник.[29]

Специјални превентивни програми и програми кои овозможуваат психолошка подршка за децата- жртви на насилство се воспоставени. Овие програми се финансираат од издадени казни, конфискувани суми и суми кој произлегуваат од продажба на одземена стока во врска со кривично дело. Исто така, ако има се уште ресурси, преку истиот систем се финансираат и програми за рехабилитација на престапникот.[30]

Не постојат мерки кои гарантираат максимум време на траење на судските постапки.[31]

4.1.5 Заштита на децата за време на сослушувања и за време на сведочење

Детето може да се сослуша за време на предистражната и истражната фаза.

Во текот на прелиминарната истрага детето може да биде сослушано од страна на експерт поставен од полицијата, јавниот обвинител или судијата, во текот на сослушувањето на сведоците[32].

Полицијата може да побара помош од експерти кога на почетокот од постапката се собираат информации, за да се подигне обвинение[33], вклучувајќи помош и од психолог да асистира, кога е во тек сослушувањето на детето[34]. Присуството на експерт во оваа фаза не е задолжително, одлучува самата полиција по сопствена проценка[35]. Меѓутоа, присуството на преведувач е загарантирано и е бесплатно.[36]

---

[29] Save the Children, 'Report on Legislation and Practices Identified in Italy Using the Transnational Framework of Analysis'.

[30] Article 17 Law n. 269/1998 'on exploitation of prostitution, pornography, sexual tourism as new forms of slavery'.

[31] Save the children, 'Report on Legislation and Practices Identified in Italy Using the Transnational Framework of Analysis'.

[32] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli Innocenti, Florence, 2006)

[33] Article 348 Code of Criminal Procedure.

[34] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli Innocenti, Florence, 2006)

[35] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli

Во оваа прва фаза, не се користи аудио-визуелно снимање и декларацијата на детето може да се земе во полициската станица или пак во место кое му е познато на детето како неговиот дом, училиштето или пак ако е потребно во центар за заштита на децата.[37]

Покрај тоа, откако детето ќе биде сослушано од полицијата, може да биде сослушано и од јавниот обвинител.

Јавниот обвинител, ако е нејасна психолошката состојба на детето и неговиот или нејзиниот капацитет да сведочи, може да назначи технички консултант кој ќе го сослуша детето и ќе сведочи за неговата психолошка состојба во текот на судењето.

Како општо правило, доказите мора да бидат презентирани во текот на судењето и сите искази дадени пред полицијата и јавниот обвинител, мора да бидат презентирани пред судијата.

Како и да е, во текот на прелиминарната истрага, може да се искористи сослушувањето на сведоците, за да се земе сведочење на дете, за кривични дела како што се сексуална злоупотреба, трговија со луге, експолотација и ропство[38]. Ова му овозможува на детето да дава докази кога тоа има свежа меморија за фактите, да му се даде адекватна психолошка поддршка и да се избегне детето- жртва повторно да сведочи на судењето.[39]

Во текот на сослушувањето на сведоците, судијата на прелиминарната истрага има опции како да го сослуша детето кое било жртва на сексуална злоупотреба, експлотација, ропство и трговија со луге, одлучувајќи за местото, времето и другите процедури излегувајќи во пресрет на потребите на детето, како на пример: заштитните сослушувања на детето да бидат во неговиот дом или во специјализирани институции. Изјавите мора да бидат гласовно снимени или пак со видео[40]. Кога опремата за

Innocenti, Florence, 2006)

[36] Save the children, 'Report on Legislation and Practices Identified in Italy Using the Transnational Framework of Analysis'.

[37] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli Innocenti, Florence, 2006).

[38] Article 392 Code of Criminal Procedure

[39] UNCRC 'Consideration of reports submitted by States parties under Article 44 of the Convention. Third periodic report of States parties due in 2003 Italy'.

[40] Article 398 Code of Criminal Procedure.

снимање или техничкиот персонал не е достапен, судијата за прелиминарната истрага мора да користи стручно лице или технички совети.

Во текот на судењето судијата врши вкрстено испрашување на дете, по барање поднесено од странките. Роднина или пак експерт во детската психологија може да биде присутен да му дава подршка на детето. Ако судијата смета дека дирекното вкрстено испрашување не е штетно за детето и по сослушувањето на странките, тој или таа може да дозволи да се изврши вкрстено испрашување на детето на ист начин како за возрасен. Дополнително, во текот на дебатата вкрстеното испрашување може да биде спроведено како заштитено рочиште, како во постапката опишана погоре.[41]

Исто така и во текот на судењето, вкрстеното испрашување може да биде спроведено како заштитено рочиште следејќи ја процедурата опишана погоре.

Детето е ослободено на почетокот од постапката од декларирање дека тој или таа ке ја кажува вистината и судијата нема потреба да го потсетува детето за казнените последици, во случај ако не ја кажува вистината.[42]

При одговарањето на прашањата на судијата детето- жртва може да даде забелешки кои ја надминуваат содржината на прашањата, но без да даде свое мислење. Всушност, генерално правило е дека никој не може да го искажува своето мислење и да дава спонтани изјави за време на кривичната постапка.

Јавниот обвинител мора да ја оцени изјавата на детето, од случај до случај, со цел да оцени дали е веродостојна во споредба со другите собрани докази.

4.1.6 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка

Детето има право да тужи и да биде тужено во судски постапки. Како и да е, дете под 14 години нема капацитет да врши акти само, туку само преку легален застапник како родител, старател или пак легален застапник назначен од судијата[43] за да го застапува во текот на постапката, во отсуство на родител или старател, или кога конфликтот помеѓу нив постои.

[41] Article 498 Code of Criminal Procedure.
[42] Article 497 Code of Criminal Procedure.
[43] Article 78 Code of Civil Procedure and Article 321 Italian Civil Code.

Како генерално правило, жртвата на кривично дело има право да учествува во постапката, со писмени поднесоци и докази.[44]

Детето може да дејствува како граѓанска странка за време на судењето. Доколку родителот, старателот или специјалниот законски застапник реши да тужи за надомест за штета[45], детето има право преку неговиот приватен правен советник, да има пристап до документите, да поставува прашања до правниот бранител на сведоците и да именува сведоци.[46]

Меѓутоа, кога е и престапникот дете, не може да се тужи за надомест за штета во малолетничката кривична постапка и не може да се надомести штетата предизвикана од делото.[47]

4.1.7 Право на правен советник, правна помош и застапување

Кога дете е жртва на кривично дело и нема легален застапник (родител или старател), судијата мора да додели специјален легален застапник, да дејствува во негово или нејзино име, во текот на конретната постапка[48]. Специјалниот правен застапник може да избере правен бранител[49], може да пополни жалби и може да биде граѓанска странка во постапката во интерес на детето[50]. Специјалниот правен застапник ги заштитува интересите на детето, кога тие се во конфликт со интересите на неговите родители.[51]

Одлуките на специјалниот правен застапник мора да го следат принципот на нанесување најмалку штета за детето. Специјалниот правен застапник соработува со социјалните служби на младинската правна администрација и присуствува на сослушувањето, гарантирајќи дека принципот на пријателски однос кон детето се

[44] Article 90 Code of Criminal Procedure.
[45] Article 77 Code of Criminal Procedure.
[46] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli Innocenti, Florence, 2006).
[47] Article 10 Decree of the President of Republic n.448/1988 approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders.
[48] Article 78 Code of Civil Procedure.
[49] CRC, 'Day of General Discussion 15 September 2006: To Speak, Participate and Decide – The Child's Right to Be Heard. Analysis of the practice in the field of the hearing of child victims of violence- Italy' (Istituto degli Innocenti, Florence, 2006).
[50] Article 338 Code of Criminal Procedure.
[51] Cendon P., Baldassarri A., Annotation to the Civil Code and Jurisprudence, (UTET, Torino, 2005) .

почитува. Тој исто така го обезбедува детето со сите неопходни информации[52]. Целта на специјалниот правен застапник е да гарантира дека е постигната заштита на најдобриот интерес на детето.[53]

Правната помош е бесплатна за обвинетиот, жртвата и оштетениот кои не можат да си ја дозволат поради нивните ограничени средства[54]. Бесплатна правна помош се доделува само на деца кои исполнуват одредени економски критериуми според економската средства и финансиската состојба на нивното семејство.

Преку својот правен застапник, детето има право да ја оспори одлуката на одделот за млади на Апелациониот суд, па дури и на Касациониот суд. Не е утврдена специјализирана поддршка за да му се помогне на детето да пристапи до механизмот за судска ревизија.

Како и да е, приватни и невладини организации се активни во давање поддршка на деца инволвирани во кривична постапка, а исто така и помагаат да имаат пристап до механизми на правниот систем.

4.2 Детето како сведок во Италија

Во Италија одредбите што се применливи за децата жртви се исто така применливи и за децата- сведоци.

Нема специјални одредби кои гарантираат сведоците да бидат информирани за правата.

Во врска со сослушувањето на детето и со лимитот на достапни слики и податоци за детето- жртва, наредбите за ограничување насочени кон заштита на безбедноста на децата и информациите обезбедени за децата во медиумите – се однесуваат и за децата- сведоци.

Исто така гарантираниот пријателски однос кон децата, кога и се зема изјава на децата, односно кога сведочат за дела со кој се сексуално злоупотребени или пак експлотирани, важи како за децата жртви така и за децата сведоци.

---

[52] National Juvenile Chambers 'Guidelines on the special legal representative on the proceedings of adoptability'

[53] Save the Children 'Access to justice for children at risk of social exclusion in Greece, Italy and Spain

[54] Article 98 Code of Criminal Procedure.

Дете може да биде сведок во судска постапка, но дете под 14 години не може да биде ставено под заклетва дека ќе ја кажува вистината[55].

Судијата може да нареди да бидат направени сите неопходни проверки за проценка на психичката и менталната подобност на сведокот да сведочи[56], а сведокот не може да биде принуден да даде само-обвинителски докази.[57]

Нема специфични одредби кои се однесуваат на децата сведоци. Никој не може да го искажува сопственото мислење и да дава спонтани изјави во текот на кривичната постапка. Но, секој има обврска да сведочи кога е повикан од јавниот обвинител, или пак од правниот бранител на обвинетиот.

Што се однесува до правниот советник, правната помош и застапување, исто така не важат посебни правила.

Ако сведокот пак е и жртва на нападот, родителот, старателот или специјалниот законски застапник на детето делува како граѓанска странка во постапката и во име на детето може да поднесува докази.[58]

4.3 Детето како осомничен или обвинет

4.3.1 Возраст за кривична одговорност

Во Италија обвинетиот има право да биде сметан за невин се до финалната судска одлука[59]. Обвинетиот може да биде осуден за виновен за прекршок само ако се докаже без никаков сомнеж дека го сторил прекршокот.[60]

Исто така, никој не може да биде казнет за кривично дело за кое не бил кривично одговорен во времето кога делото било сторено. Личностите под 14 години се сметаат дека не се кривично одговорни[61]. Во која било фаза од постапката, во која

[55] Article 120 Code of Criminal Procedure.
[56] Article 196 Code of Criminal Procedure.
[57] Article 198 Code of Criminal Procedure
[58] Article 77 Code of Criminal Procedure.
[59] Article 27 Constitution of the Italian Republic.
[60] Article 533 Code of Criminal Procedure.
[61] Article 97 and Article 98 Italian Penal Code.

судијата ќе констатира дека детето е под 14 години, судијата мора да изрече ослободителна казна, затоа што обвинетиот не е кривично одговорен[62].

Дете над 14 години може да се смета за кривично одговорно, ако тоа е во состојба да разбере и преземе акција. Казната во вакви случаеви е намалена, во однос на вообичаената казна.[63]

Да се утврди дали детето е целосно свесно за своето криминално однесување и да се утврди криминално одговорно за кривичното дело кое го има направено[64], јавниот обвинител и судијата ги собираат релевантните информации за личните и фамилијарните состојби на детето и за социјалната средина во која детето живее[65]. Според нивна проценка, јавниот обвинител и судијата ја земаат во предвид и секоја ментална или физичка попреченост.

На 14- годишна возраст, можноста на детето да ги сфати и да ги преземе своите постапки ги оценува судијата од случај до случај имајќи ја во предвид социјалната релевантност[66] на стореното кривично дело[67].

На деца под 14 години не може да им се изречат мерки на лишување од слобода.

Табела 1. Малолетници кој се осудени

Година	Италијанци	Странци	Вкупно
2009	10.059,00	2.435,00	12.494,00
2010	11.050,00	2.903,00	13.953,00
2011	10.811,00	3.233,00	14.044,00
2012	10.820,00	3.276,00	14.096,00
2013	10.501,00	3.391,00	13.892,00
2014	10.429,00	3.472,00	13.901,00
2015	9.970,00	3.096,00	13.066,00
2016	11.772,00	2.972,00	14.744,00
2017	4.397,00	3.417,00	17.814,00
2018	15.480,00	3.405,00	18.885,00

[62] Article 26 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'
[63] Article 85 and Article 98 Italian Penal Code.
[64] Ministry of Education 'Criminal responsibility and children: the role of the school director'
[65] Article 9 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'. 118 Information gathered through int
[66] Article 9 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[67] Viale S., 'Juvenile Justice in Italy'.

2019	15.672,00	2.691,00	18.363,00
2020	16.884,00	3.273,00	20.157,00
2021	16.630,00	3.777,00	20.407,00
2022	15.870,00	3.969,00	19.839,00

Извор: Ministero della giustizia

Табела 2. Вкупна бројка на деца против која е преземена некоја превентивна мерка и број на ослободени деца

Ослободување		**Италијанци**			**Странци**			**Вкупно**		
		машки	**женски**	**вкупно**	**машки**	**женски**	**вкупно**	**машки**	**женски**	**вкупно**
СО ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ	Ограничува-ња	150	13	163	70	21	91	220	34	254
	Куќен притвор	346	11	357	95	60	155	441	71	512
	Поставување во интернат	406	23	429	198	61	259	604	84	688
	Превентивен притвор	187	6	193	174	55	229	361	61	422
Други ослободувања	Простување и слобода	95	9	104	118	49	167	213	58	271
	Истекување на казна	2		2				2	0	2
	14- годишни		3	3	7	15	22	7	18	25
	Бремени малолетници					1	1		1	1
	Недостаток на предуслови за притвор	6		6	15	4	19	21	4	25
Вкупно		1.192	65	1.257	677	266	943	1.869	331	2.200

Извор: Ministero della giustizia

4.3.2 Обезбедување на информации

Како основен принцип на малолетничкиот правен систем судијата мора вербално да му го објасни на детето кое е обвинето значењето на судењето.[68]

Датумот на прелиминарното рочиште ќе му биде соопштено на обвинетото дете преку уредба.[69]

За информациите и за гаранцијата мораат да бидат известени и родителот или старателот на детето[70]. Ако оваа одредба не е почитувана сите акти изнесени пред или по постапката ќе се сметаат за неважечки[71].

Судијата мора вербално да му го опише на обвинетото дете значењето на судењето[72]. Националната служба за набљудување на деца и адолесценти, која е задолжена за изготвување на службени документи кои се однесуваат на децата и адолесцентите, даде упатства дека полицијата, правниот застапник и јавниот обвинител, а не само судијата, треба да му достават доволно информации на обвинетото дете за значењето на постапката[73], земајќи ја во предвид зрелоста на детето.

Социјалните служби за младинска правна администрација го подржуваат детето, обезбедувајќи му информации што му се потребни, на начин на кој детето, а особено дете- странец лесно ќе ги разбере. Гарантирано е присуството на преведувач за време на постапката за дете кое не зборува и не разбира италијански јазик и тоа бесплатно.

4.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи

[68] Article 1 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[69] Article 31 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[70] Article 7 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[71] Article 179 Code of Criminal Procedure.
[72] Article 1 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[73] Save the Children 'Report on legislation and practices identified in Italy using the transnational framework of analysis'

Веднаш по апсењето полицијата го информира јавниот обвинител, родителите или старателот и јавните служби за деца на младинската административна правда. Потоа, јавниот обвинител гледа дали детето е веднаш одведено во центарот за прием[74]. Јавниот обвинител, ги зема во предвид годините и семејната ситуација на детето, а може исто така да нареди детето да биде однесено во домот на неговите родители. Родителите понатаму ке бидат задолжени да го надгледуваат детето. Тој или таа понатаму ке мора да бидат секогаш достапни за јавниот обвинител[75].

За сериозни кривични дела, за кој казната затвор е доживотен или повеќе од пет години, а детето е фатено како го врши актот и тоа го прави намерно, полицијата може да го однесе детето во нивните канцеларии и да го држи колку и да е неопходно се додека неговите родители или пак старател не се идентификуваат. Откако ке се идентификуваат родителите, детето ке и биде однесено. Сепак, детето треба да остане достапно на јавниот обвинител. Во секој случај, детето не може да биде задржано во полицијата повеќе од 12 часа[76]. Дополнително, во овој случај ако полицијата не успее да ги информира родителите на детето или пак старателот, дејствијата во текот и по постапката може да бидат неважечки. Кога полицијата нема да може да ги идентификува родителите, или не е во можност да се грижи за детето, судијата може да нареди детето да се однесе во образовна заедница.[77]

Детето веднаш се информира за неговите права на правно застапување и помош од страна на полицијата. Но, полицијата нема право да разговара со детето. Не се поставуваат прашања за прекршокот и неговото извршување, пред да пристигнат неговите родители или пак старател.

4.3.4 Услови за притвор

[74] Article 18 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[75] Article 18 bis Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[76] Article 18 bis Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[77] Article 18 bis Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.

Мерка- притвор за време на претходна постапка, може да се додели само на дете кое извршило сериозно кривично дело за кое е предвидена казна- доживотен затвор или пак казна повеќе од девет години.[78]

Судијата може да се одлучи за притвор во ситуации кога постои ризик за собирање на докази за истрага, кога детето се има обидено да избега, кога има сериозен ризик дека тој или таа ќе се обиде да избега, како и кога има конкретен ризик дека детето ќе изврши исто кривично дело како и претходното или пак друго сериозно кривично дело.

Времетраењето на притворот во фазата на претходната постапка утврдено со Кривичниот законик, сепак е редуцирано за пола од случаите извршени од лице од 16 до 18 години, а за две третини за кривични дела извршени од дете на возраст меѓу 14 и 16 години.

За време на истражната фаза, осомничени помегу 14 и 21 година може да бидат приведени во казнени заводи за деца.

Кога млад престапник кој е сместен во казнен завод за деца, ќе наполни 21 година. Тој ќе биде преместен во затвор за возрасни. Како генерално правило е дека секогаш ќе биде загарантирано, одделување помеѓу затворениците од 21 до 25 години од другите затвореници.[79]

При одлучувањето на судијата да нареди било каква мерка пред судењето, тој мора да ги земе во предвид образовните потреби на детето[80] и мора да оцени дали мерката е адекватна на околностите и сериозноста на прекршокот[81].

При изрекување на претходна мерка, судијата мора да го довери детето на службите за малолетничка правда, кои ќе обезбедат поддршка и надзор во соработка со локалните канцеларии за благосостојба.[82]

---

[78] Article 23 and Article 36 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[79] 142 Article 14 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[80] Article 19 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[81] Article 275 Code of Criminal Procedure.
[82] Article 19 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.

Судијата исто така може да ги нареди следните мерки пред судењето како замена за притвор:

■ **Забрани.** Откако ќе го сослуша лицето кое ја има родителската одговорност, судијата може да наметне одредени забрани за детето, кои се однесуваат на образованието или работата или други активности корисни за образованието на детето. Судијата може да одлучи да го смести детето во куќен притвор, ако овие забрани повеќе пати се прекршуваат.[83]

■ **Домашно затворање.** Судот може да го ограничи детето да не излегува од домот на родителите или друга приватна резиденција. Судот исто така може и да нареди детето да не комуницира со други лица освен со оние кои живеат со него. Како и да е, судот може да му дозволи на детето да го напушти домот поради студирање и работа, како и поради други активности кој се корисни за неговото образование. Родители се супервизори на детето и тие треба активно да соработуваат со социјалните служби за деца во рамките на управата за малолетничка правда. Од родителите се бара да не ги попречуваат проверките и контролите од страна на Судот за малолетници. Во случај на сериозни и повторени повреди на изречените обврски или во случај на неоправдано напуштање на домот, судот може да нареди мерка на сместување во образовна установа.[84]

■ **Сместување во образовна установа.** Судот може да нареди детето да биде сместено во специјализирана образовна установа и да следи специфични училишни и едукативни активности. Во случај на сериозни и повторени повреди на обврските кои им се наметнати на децата или ако ја напушти установата без оправдување, судијта може да нареди притвор за детето.[85]

4.3.5 Алтернативи на судската постапка

[83] Article 20 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[84] Article 21 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[85] Article 22 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.

Нема пропишани алтернативи на судската постапка. Сепак, откако ќе се отвори судската постапка, можноста за алтернативни мерки постои и тие се насочени кон овозможување на детето да ја напушти постапката што е можно поскоро.

Во текот на прелиминарната истрага, јавниот обвинител може да бара од судијата да изговори ослободителна пресуда поради кривична нерелевантност на факт ако детето нема извршено сериозен прекршок, ако неговото однесување е повремено и ако кривичната постапка може да го загрози неговото образование.[86]

4.3.6 Минимизирање на товарот на постапката и обезбедување пријателска средина за деца

Детето престапник е континуирано придружувано од неговите родители и од службите за младинска правна администрација.

Како општо правило, во текот на постапката се обезбедува почитување на достоинството на секој поединец. Дополнително, користење на лисици е забрането за деца.

Детето мора да биде сослушано во присуство на родител или старател. Сепак, родителите на децата не се обврзани да присуствуваат на сослушувањето. И судијата може да им забрани на родителите да присуствуваат на сослушувањето, ако тоа е во најдобар интерес за детето.

Кога се работи за кривично дело извршено од дете, не може да се бара надомест на штета и не може да се тужи детето за надомест на оштета.[87]

4.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето

[86] Article 27 Decree of the President of Republic n.448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[87] Article 10 Decree of the President of Republic n.448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.

Во текот на прелиминарната истрага, јавниот обвинител кој го врши сослушувањето на детето може да побара помош од психолог при оценувањето на зрелоста на детето.

Кога детето е во притвор, сослушувањето го врши судијата на предходната постапка и дозволено е видео- снимање. Во тој случај, исказот на детето може да се земе како доказ.

Во текот на судската фаза, ако престапникот е дете, сослушувањата во судот се одвиваат зад затворени врати. Престапник кој има наполнето 16 години може да бара сослушувањето да е јавно. Како и да е, ова барање нема да биде прифатено ако има соучесници и некој од нив нема наполнето 16 години, или некој од нив не се согласува со ова. Испитувањето на обвинетиот го врши претседателот на судот. Другите судии, јавниот обвинител и правниот застапник, може да бараат од претседателот на судот да му постави одредено прашање на детето.[88]

4.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување

Детето има право на правен советник[89], преку неговите родители или старатели.

Во случај да нема, тоа има право да има јавен правен советник, изберен од Младинскиот суд кој е специјално трениран во вакви случаи, кога е во прашање младинската кривична правда. Правната помош е бесплатна за обвинетиот, жртвата и оштетениот кој имаат ограничени средства.[90]

4.3.9 Правни лекови и надомест за повреда на права и непостапување

[88] Article 33 Decree of the President of Republic n.448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[89] Article 96 Code of Criminal Procedure.
[90] Article 98 Code of Criminal Procedure.

Механизмот на преиспитување на санкциите за наменети за деца или возрасни е обезбеден преку жалба до Апелациониот и Касациониот суд.

Барање за надомест на штета може да има кога барателот се појавува како граѓанска странка во кривичната постапка, кога обвинетиот е возрасен. Ова не е возможно кога обвинетиот е дете. Сепак, во овој случај оштетениот може да бара надомест на штета пред Граѓанскиот суд.

4.4 Детето како жртва или престапник

4.4.1 Обезбедување на информации

На крајот од постапката особено во случаи кога детето ќе биде осудено, судијата мора да даде објаснување за својата одлука. Ова е со цел детето да размисли за своето однесување и да одбегне рецидивизам. Додека кога е во прашање дете- жртва, судијата не е обврзан да ја образложува својата одлука.

Во случај на медијација помегу жртвата и обвинетиот, сите релевантни информации ќе и бидат обезбедени на жртвата од службите на младинскиот правен систем или пак од локалните социјални служби.

Специфични правила за објаснување на детето- жртва на достапните правни лекови не беа идентификувани.

4.4.2 Санкции

Правниот систем постапува врз основа на основното право на образование. Принципите кои управуваат со кривичната постапка се унапредување на образованието и зголемување на чувството за одговорност. За таа цел, едукативните проекти за секое дете престапник се фокусираат на барања за подобро однесување, обврски за образование и се креираат обуки за децата. Таквите проекти исто имаат за цел да го направат детето одговорно за нивна имплементација.

За конкретни алтернативни казни за притвор се сметаат следните:

■ се става под надзор на социјалните служби[91];

■ куќен притвор[92];

■ полустарателство[93];

■ предвремено ослободување[94];

■ условно ослободување[95].

Вметнати се специјални мерки да му дозволат на детето да ја напушти кривичната постапка колку може побрзо[96] и да му осигураат брза рехабилитација и реинтеграција во општеството.

■ **Веднаш да се изјасни за отсуство од кривична одговорност.** Во секоја фаза од постапката, кога судијата ќе утврди дека обвинетиот не наполнил 14 години, тој мора да изрече ослободителна пресуда, бидејќи обвинетиот не е кривично одговорен.[97]

■ **Ослободителна пресуда за криминална нерелевантност на фактот.** Во текот на прелиминарната истрага, јавниот обвинител може да побара од судијата да изрече ослободителна пресуда, поради криминална нерелевантност на факт. Ако детето не извршило сериозен прекршок, ваквото негово однесување било повремено и кривичната постапка може да го загрози неговото образование.[98]

■ **Запирање на судењето со условна казна.** Судијата може да ја суспендира постапката за не повеќе од три години и да го довери детето на социјални служби за деца на административна младинска правда за пробен период. Во текот на овој период, детето мора да помине под образовни и работни проекти, што се воведени да го подржат детето, додека неговото однесување подлежи на оценување. Суспензијата се

[91] Article 47 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[92] Article 47 ter Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[93] Article 50 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[94] Article 54 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[95] Article 176 Criminal Code.
[96] Save the Children 'Report on legislation and practices identified in Italy using the transnational framework of analysis'.
[97] Article 26 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[98] Article 27 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.

укинува во случај на повторени повреди на правилата, кој се воведени од страна на социјалните служби за деца на административната младинска правда[99]. На крајот од овој пробен период, судијата може да го отповика прекршокот ако се смета дека периодот на условна казна има дадено позитивен резултат и детето станало поодоговорно и зрело[100]. Оваа мерка може да се смета како мерка за пренасочување кога се употребува во текот на судењето, или пак како условна мерка кога се применува пред да му се изрече казна на детето- наводен сторител.[101]

■ **Судско помилување.** Се јавува кога, се зема во предвид природата и сериозноста на прекршокот кој е направен, судијата одлучува да не продолжи со судењето, сметајќи дека детето нема да стори никаков друг прекшок. Судското помилување може да се даде само еднаш.[102]

■ **Условно одложена казна.** Судот може да нареди, казната на детето да биде условна од пет години, ако е досудена казна лишување од слобода за детето во рок до три години.[103]

Социјални или психолошки мерки се предвидуваат за дете кое е осудено на алтернативни мерки во замена за притвор.

Италијанскиот правен систем не предвидува можност за итно извршување на привремени одлуки. Впрочем, горенаведените мерки кои му дозволуваат на детето да ја напушти кривичната постапка, мора да бидат донесени како правосилна пресуда за да бидат извршени.

Смртната казна е забранета во Италија и децата не може да бидат осудени на доживотен затвор.[104]

---

[99] Article 28 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[100] Article 29 Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[101] Giostra, G., Criminal Juvenile Justice Proceedings. Comment to the Decree of the President of Republic 488/1988 (Giuffre' Editore),
[102] Article 169 Italian Penal Code.
[103] Article 163 Italian Penal Code.
[104] UNCRC 'Consideration of reports submitted by States parties under Article 44 of the Convention, Third periodic report of States parties due in 2003' Italy.

4.4.3 Лишување од слобода

Лишување од слобода е мерка во краен случај. Може да се наметне само кога детето преставува опасност за општеството.[105]

Затвор како казна може да се додели само на дете кое извршило казнено дело за кое казната затвор е доживотна или поголема од 9 години.[106]

Затворот изречен како казна на лица од 14 до 21 година се спроведува во казнени заводи за деца. Казнените заводи за деца функционираат така што соработуваат со другите служби за младинска правда, за да се осигураат дека едукацискатa цел на казната е загарантирана.[107]

Кога ќе наполнат 21 година младите затвореници во казнените заводи за деца, се преместуваат во затвори за возрасни[108]. Како и да е, загарантирано е дека затворениците од 21 до 25 години ќе бидат одвоени од другите затвореници.[109]

Генерално правило е дека сите затвореници имаат право да пополнат писмена жалба или усно да искажат жалба до директорот на затворот или пак супервизорскиот судија.[110]

4.4.4 Кривична евиденција

Записникот за судските постапки се брише од казнената евиденција на децата кога тие ќе наполнат 18 години. Оваа казнена евиденција може да се размени единствено помеѓу правните власти. Записот во врска со законските помилувања се брише на 21- годишна возраст, а исто така се брише и евиденцијата во врска со мерките за притвор.[111]

---

[105] L'altro diritto, 'The D.P.R. 448/88 and its implementation'.
[106] Article 23 and Article 36 of Decree of the President of Republic n. 448/1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
[107] Penal institute for children, Ministry of Justice.
[108] Article 14 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[109] Article 14 Law n. 354/1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[110] Article 75 Decree of the President of Republic n. 230/00 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
[111] Article 5 Decree of the President of Republic n. 313/2002 'Single Act of laws and regulations on criminal records, the register of administrative sanctions resulting from crime and related pending proceedings'.

5. Малолетничко кривично право во Франција

5.1.1 Пријавување кривично дело

Во Франција не постојат посебни одредби за способноста на детето да пријави кривично дело. Во пракса детето може да пријави кривично дело со помош на пријавување на полицијата преку националниот итен број (17), или пак децата кои се во опасност можат да пријават преку националната линија за итни случаи (119), а потоа професионалецот кој е на линија ќе ги пријави самите факти самиот и тој има обврска да го направи тоа со одење во полициската станица самиот, или пак да се обрати писмено дирекно до Јавното обвинителство или до Судот за малолетници. Исто така и родителите може да го пријават случајот во име на детето.

Кога дете е во опасност облигаторно е за тој што го знае тоа да го пријави. Во пракса, пријавувањето треба да се направи кога возрасен човек ќе дознае директно од самото дете, или пак индиректно од друго дете, дека детето е во опасност. Детето се смета дека е во опасност или веројатно дека е во опасност кога претрпело телесна повреда (физичка траума, исеченици и слично), кога покажува абнормално однесување (анксиозност, самоубиствени тенденции и слично), или знаци кои покажуваат недостаток на родителска грижа (недостаток на физичка хигиена, неухранетост, недостаток на сон, отсуство од училиште и слично).[112]

Кога возрасен човек ќе стане свесен или ќе се сомнева дека детето е во опасност, тој има обврска да го пријави ова. Кривично дело е да не се помогне на лице кое е во опасност[113], или да не се открие информации за дело за кое се знае дека се врши или дека ќе биде извршено[114]. Покрај тоа, било кое лице кое знае дека дете под 15 години, или лице кое не е во состојба да се заштити поради возраст, болест или немоќ и е малтретирано или пак е предмет на сексуална злоупотреба, мора да ја пријави оваа ситуација[115]. Овие генерални задолженија се дел од професиите на одредени категории на професионалци кои би можело да бидат во директен контакт со децата, вклучувајќи ги и здравствените и образовните работници.

Со оглед на тоа што пријавувањето на деца во опасност е важен чин, се смета за евоулација тоа што се инволвирани луѓе и професионалци кои ќе имаат можност да

[112] Civil Code, Article 375.
[113] Criminal Code, Article 223-6.
[114] Criminal Code, Article 434-1.
[115] Criminal Code, Article 434-3

стапат во контакт со детето и имаат предност пред да има пријава. На пример, доктор кој ќе открие дека одредено дете било малтретирано или слично, ќе ги извести неговите родители или роднини, а можеби и некој социјален работник заедно со неговите родители. Ова исто така важи за социјалните служби кој се сомневаат дека детето било малтретирано, или пак за полицијата од која детето побарала помош. Меѓутоа, оваа фаза на евалуација може да се прескокне, кога има итни ситуации односно треба да се превземат итни заштитни мерки.

Нема единствен начин да се пријави дете кое во опасност, (signalement d'un enfant en danger) и исто така чинот на пријава зависи од тоа кое возрасно лице ја поднесува пријавата. Детето може да се најде во опасност и пријави во различни ситуации како што е после хоспитализација, може да го посети лекар во училиште[116] или пак надвор, детето да ја каже својата ситуација на роднина или професионалец, да има формална поплака до полициските службеници, или пак да се испрати писмо до детскиот оддел на Националниот правобранител (défenseur des droits) и слично. Родителот може да отиде до полициската станица и да поднесе жалба, додека здравствен работник може едноставно да пријави дека дете е во опасност преку лекарско уверение.

Секогаш кога ситуација на детето се пријавува на овластените лица усно, актот на пријавување мора да биде внесен и во писмена форма[117]. Со пријавувањето мора да се даде и одредена информација како што е идентитетот на детето, годините, адресата и слично, како и да се објасни ситуацијата во која се наоѓа детето (било какви факти забележани или пријавени, однесувањето на родителите или роднините, претходни направени дејствија, резултати на евулација и слично.). Исто така се препорачува да се опише семејниот контекст, затоа што тоа обично помага во подоцнежната истрага.

Известувањето може да се направи на повеќе начини, но после извештајот следи само еден процес. Првично извештајот се смета за административно прашање (signalisation à l'autorité administrative), и стигнува кај надлежните регионални органи (service de l'Aide Social à l'Enfance (ASE) du Conseil Général). Судските власти потоа можат да бидат известени (signalisation à l'autorité judiciaire), од регионалните власти кога е очигледно дека детето е жртва на малтретирање или е очигледно дека ќе биде во

[116] Public Health Code, Article L.2112-2 (2°), Education Code, Article L.541-1 (2nd indent).
[117] Law n° 89-487 of 10 July 1989 : 'un écrit objectif comprenant une évaluation de la situation d'un mineur presumé en risque de danger ou en danger nécessitant une mesure de protection administrative ou judiciaire'.

иднина, кога е невозможно да се оцени ситуацијата, или кога семејството на детето одбива да добие административна помош.[118]

Поради директниот контакт со детето, само професионалци од националниот образовен систем (Education nationale), здравствени работници, или пак јавни установи и други јавни и приватни тела, кои веројатно ќе станат свесни дека некои деца се во опасност, можат да пријават дека дете е во опасност дирекно до судските власти. Полицијата можеби нема дирекно да контактира со Јавниот обвинител, затоа што се сомнева дека детето е во опасност. Како и да е, кога доаѓа до евалуционата фаза, полицијата може да нареди да влезе осомниченият во притвор, без разлика дали се работи за возрасно лице или пак дете. Во вакви ситуации јавниот обвинител ќе биде дирекно предупреден. На крај, секоја индивидуа, тука вклучувајки го и самото дете, може да пријави писмено, дирекно до Јавниот обвинител или пак до Судот за малолетници и во вакви случаеви пријавата ќе стигне до судска фаза дирекно.

Кога ќе стигне до судските органи дека дете е во опасност, првото нешто кое треба да го направи Јавниот обвинител е да го обезбеди местото каде обично го поминува детето своето време. Потоа Јавниот обвинител може да преземе и голем број на други акции. Јавниот обвинител потоа мора да ја извести службата која го пријавила детето во опасност, за оваа своја одлука[119]. Сепак, кога детето е жртва на сексуално насилство, Јавниот обвинител мора веднаш за ова да го извести Судот за малолетници и да побара да му се даде едукативна помош[120], а Јавниот обвинител може да ја преземе и која било друга дополнителна мерка. Јавниот Обвинител е во срцето на кривичното судско пријавување на дете во опасност, филтрирајки ги и ориентирајќи ги пријавите. Сепак, и Судот за малолетници исто така може да управува со автоупатување во случаите кога детето е во опасност. Ова може да се случи, пример кога судијата е веќе инволвиран со фамилијата, на пример преку братот или сестрата на детето.

Три елементи влегуваат во игра за да се олесни пријавувањето за извршување на прекршок врз дете:

[118] Social Action and Family Code, Article L.226-3.
[119] The duty of retour d'information of the Criminal Procedure Code, Article 40-2
[120] Criminal Procedure Code, Article 706-49.

■ Должноста за чување на професионална тајна не се применува во случаи кога има малтретирање врз деца (во вакви случаи не можат да се применат дисциплински или друг вид на санкции). Ова пред се е важно за здравствените работници.

■ Лажните обвинувања се сметаат за прекршок според францускиот закон. Сепак, само обвиненијата изнесени со лоша намера, може да доведат до кривична санкција. Возрасен човек кој е убеден дека дете е во опасност и затоа ќе поднесе пријава, не треба да биде загрижен евентуално од некакви легални импликации против него, ако се утврди дека сепак детето не е во опасност.

■ Неколку кривични дела против децата, имаат поголем период на застарување и тие рокови почнуваат да течат само откако детето ќе наполни одредена возраст.[121]

5.1.2 Обезбедување на информации

Во Франција не постојат посебни одредби за давање информации на дете- жртва, затоа што детето не се смета за правно способно до наполнување на 18 години. Сепак, детето мора да биде вклучено во одлуки што имаат влијание врз него, според неговата возраст и неговата созреаност. Исто така, кога прекршокот ќе биде извршен против дете и тоа ќе биде откриено од трета страна, законските застапници на детето мора да бидат информирани писмено.

Сепак, кога родителите на детето се вмешани со осомниченият или осомничените, овие задолженија не важат затоа што инаку може да бидат загрозувачки за самото дете или можат да донесат опструкција за правдата. Во такви случаеви, делегираниот администратор (administrateur ad hoc), ке има задолженија да го претставува детето во текот на кривичната постапка и да ги користи правата на детето на начини кои би биле најповолни за самото дете. Делегирање на администратор е задолжително во случај на инцест[122]. Администраторот е одговорен да дава информации на детето и да му објасни кои се останатите актери во кривичната постапка и кои се нивните улоги, вклучувајќи ја и неговата улога.

Затоа што нема специјални одредби за давање информации на деца, важат нормалните начини на давање информации како за возрасни. Полициските службеници

[121] Criminal Procedure Code, Article 7 and Article 8 (2).
[122] Criminal Procedure Code, Article 706-50.

имаат задолженија да ги информираат жртвите (или во овој случај нивните преставници), за нивните права. Се вклучува можноста да се трага, да се биде дел од кривичната постапка[123], да се бара помош од здруженија за жртви и да се биде придружуван од адвокат. Кога судската истрага започнува со наредба на Јавниот обвинител, истражниот судија е задолжен да им дава информации на жртвите за текот на постапката. И истражниот судија и Судот за малолетници ќе имаат улога на истражен судија и се тренирани да работат со деца и во пракса тие треба да даваат информации како на застапниците на детето, така и на самото дете.

Во пракса, секој бригаден офицер кој зема изјави од деца е трениран да им објасни што се случува, тој го спроведува интервјуто и знае што значи ова интервју.

Давањето информации, во голема мера исто така се смета за задолжително за адвокатот.

Конечно Адвокатската комора на Париз (barreau de Paris), има формирано детска канцеларија (antenne des mineurs). Оваа канцеларија им овозможува на децата да побараат бесплатен и сигурен правен совет и тоа преку телефон на национално ниво или пак на лице место и тоа без закажување. И други локални адвокатки комори го имаат направено истото и таму исто така има отворено куќи за млади (Maison des jeunes), во кој им се дава бесплатни правни информации на децата.

5.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот

Судот за малолетници е одговорен за мерките на заштита за деца. Судот за малолетници мора да настојува да добие поддршка од семејството за секоја преземена мерка. Понатаму, Судот за малолетници мора да го земе во обзир најдобриот интерес за детето. Конечно, мерките шти ги презема Судот за малолетници во принцип се привремени и можат да бидат модифицирани во секој момент зависно од фактите и евулацијата на ситуацијата на детето[124]. Во овој поглед, законот предвидува кога дете

[123] 1945 Ordinance, Article 6.
[124] Civil Code, Article 375-6.

кое е веќе под заштитни мерки е жртва на прекршок, Јавниот обвинител мора да го информира Судот за малолетници веднаш.[125]

Заштитните мерки се граѓански по природа, но две се особено релевантни во криминални ситуации:

■ Нарачување образовна помош во отворена средина. Детето ќе остане со неговото семејство , но таа ќе биде следена од социјален работник, која ќе биде следена за период од 6 месеци до 2 години. Образованиот работник мора да му даде рапорт на судијата за извршена работа во рок определен од судијата, или пак најмалку еднаш годишно[126]. Оваа мерка може да му се изречи на семејството. Детето или неговото семејство може да ја обжалат оваа одлука.

■ Наредба детето да се стави на привремена грижа (одредба за сместување), ефикасно преземање на грижата надвор од грижата на неговите родители.

Како генерално правило е детето да биде задржано во неговата средина колку е можно повеќе[127] и да не биде одвоено од неговите браќа и сестри[128]. Покрај тоа детето има право да одржува врска со неговите родители и другите роднини[129]. Како и да е, кога неговиот најдобар интерес го бара тоа, судијата може да нареди детето да биде сместено на привремена нега, да биде сместено со член на неговото семејство или пак со трета страна од доверба. Во зависност од ситуацијата и најдобриот интерес на детето тоа може да биде сместено во специјализирана јавна или асоцијативна служба овластена од службата за судска заштита на млади или од служба за детска социјална помош. Во текот на привремената нега, додека родителите го држат родителското овластување врз детето, модалитетите за посета и сместување ги одредува судијата[130]. Правата за посета може да бидат неколку часа неделно, за време на кои детето и неговите родители повторно се обединети, често под надзорот на професионалци во средина погодна за деца.

Фазата на еволуација на известувањето може да се изостави во итни случаи, дозволувајќи заштитните мерки да се применуваат веднаш. Во такви ситуации,

[125] Criminal Procedure Code, Article 706-49.
[126] Civil Procedure Code, Article 1199-I.
[127] Civil Code, Article 375-2.
[128] Civil Code, Article 371-5
[129] Civil Code, Article 371-4.
[130] Civil Code, Article 375-7.

Јавниот обвинител е компетентен да примени заштитни мерки за деца, наместо Судот за малолетници. Истите мерки кои може да ги донесе Судот за малолетници, може да ги донесе и Јавниот обвинител, но за тоа тој мора да го информира Судот за малолетници во рок од 8 дена. Судот за малолетници потоа мора ги потврди или укине одлуките на Јавниот обвинител во рок од 15 дена.

Исто така и Судот за малолетници може да нареди мерки за привремена нега во итни ситуации и тоа без да ги сослуша другите инволвирани лица. Во оваа ситуација, судот мора ги сослуша овие лица во рок од 15 дена, во спротивно детето ќе се врати во својата претходна средина[131]. Детето исто така ќе се врати во претходното опкружување, доколку не се донесе конечна одлука во рок од 6 месеци од наредувањето на привремените мерки[132]. Овие законски мерки обезбедуваат детето и родителите редовно да се повикуваат од страна на Судот за малолетници и ситуацијата често да се преоценува во најдобар интерес на детето.

Правата на приватност на детето се заштитени во текот на кривичната постапка, односно забрането е да се открие идентитетот, адресата и други елементи кои овозможуваат идентификација на детето жртва[133]. Дури искажување на вистинското име на детето во јавноста, неговото училиште или пуштање слика од неговите родители во јавност, ќе се смета како прекршок[134]. Доколку недостасува известување тоа може сеуште да се издаде. Дополнително, Јавниот обвинител може да започне со формална тужба, под услов лицата да знаат дека ги повредиле правата на приватност на детето жртва.

Конечно кога тоа е потребно, рочиштето може да се нареди да биде во затворена сесија. Затворената сесија е правило во случај на сексуална агресија, тортура и варварски дела, се додека една од жртвите не се спротивставува на тоа.[135]

5.1.4 Заштита од секундарна виктамизација и обезбедување на пријателска средина за деца

[131] Civil Procedure Code, Article 1184.
[132] Civil Procedure Code, Article 1185.
[133] Article 39 bis and quinques of the Law of 29 July 1881 on press liberty (loi du 29 juillet 1881 relative à la liberté de la presse) modified by the Law n°2000-516 of 15 June 2000 (loi n°2000-516 du 15 juin 2000).
[134] See the judgment in Cour de Cassation, Chambre Criminelle 4 Juin 1998.
[135] Criminal Procedure Code, Article 306.

Нема конкретни одредби со кои се обезбедува релевантните одлуки и започнувањето на постапките да се одвиват без непотребно одлагање. Некои постапки како оние за деца осомничени или обвинети може да се спроведат во пократки временски периоди. Овие постапки се исто така достапни за возрасни лица кои се осомничени или обвинети, но во никој случај не се релевантни кога се работи за деца жртви на кривично дело.

На некои категории на ранливи деца може да им се помогне во текот на некој медицински или пак судски процедури од обучен професионалец (воспитувач, психолог и слично). Јавниот обвинител го зема во обзир тоа што детето е ранливо и донесува одлука врз база на тоа.

Детето мора да помине медицински преглед и тоа физички, психолошки или пак и двата. Бидејќи детето може да го доживее овој преглед како агресија, за да овој тест не се прави често, истиот може да се прави само по барање на Јавниот обвинител или по барање на полициски службеник, или пак по барање на еден од родителите. Сепак, родителите може да одбијат да дадат дозвола за ваков преглед. Исто така може да се случи детето да било донесено во полицијата од трета страна, во ваков случај Јавниот обвинител мора да ја искористи итната процедура за привремена нега, пред да се направи било каков преглед.

За крај, физичкиот преглед не се бара секогаш. Може да се искористи во зависност од околностите на случајот и загрозеноста на детето, особено се користи во случај на наводен напад, сексуален напад и малтретирање. Психолошкиот преглед пак никогаш не е задолжителен и може да се побара само во случај на одредени тешки прекршоци или пак во одредени околности.

5.1.5 Заштита на децата за време на сослушувања и за време на сведочење

Сослушувањето на дете- жртва во текот на истрага се врши по одлука на Јавниот обвинител, истражниот судија или Судот за малолетници[136]. Исто така може да се направи по барање на детето. Јавниот обвинител или истражниот судија треба да достави систематско барање до младинските бригади да испрашуваат дете.[137]

Полициските службеници може да следат обука во националниот центар за обука. Во текот на обуката полициските службеници учат како да создадат врска на доверба со детето, да го подготват психолошки за интервјуто, да му ја објаснат целта на интервјуто и улогата на секој инволвиран во него, да му дозволат да ја открие неговата околина или да му ја објаснат улогата и функционирањето на видео- опремата. Покрај тоа полицаецот се учи на вообичаената комуникација со дете (јазик, цртање, игри...) и да користи само кратки и отворени прашања овозможувајќи му на тој начин на детето слободно да зборува.

Понатаму, полицискиот службеник мора да може да му помогне на детето кое страда или има тешкотии да се потсети на своите искуства, да се обезбеди правилно разбирање на нивните зборови, да ја процени способноста на детето за вербална комуникација и да го земе во предвид неговото логично размислување. За крај, полициаецот учи да ги разбере во целост со прецизност и објективност изјавите на детето, вклучувајќи ги и неговите гестикулации. Од друга страна, се обезбедени специјални обуки за полициските службеници на националната жандирмерија за психолошката состојба на децата и адолесцентите и нивниот развој и најдобрите техники при земања на интервјуата.

Испрашувањето на детето-жртва може да биде само од специјализирани обучени полицајци во полициската станица, или пак во младите бригади на полицијата или жандермеријата. Меѓутоа, испрашувањето може да се случи и во форензички единици, места каде медицинските практиканти соработуваат со судските власти и каде медицинските процедури се применуваат по барање на полицијата или судијата. Форензичните единици обезбедуваат соодветна грижа за детето кое има статус на жртва, обезбедувајќи му детска пријателска средина (зидовите и мебелот се во јасни и светли бои, има детски цртежи, играчки и слично). Понекогаш самите испрашувања се

[136] Criminal Procedure Code, Article 706-53

[137] Circular of the Ministry of Justice of 2 May 2005 on the improvement of the judicial treatment of procedures on sexual offences (circulaire du Ministère de la Justice du 2 may 2005 relative à l'amélioration du traitement judiciaire des procédures relatives aux infractions de nature sexuelle)

одржуваат во вакви услови. На пример во Париз, младите полициски бригади се компетенти за сите детски сексуални злоупотреби и често испрашувањата се одржуваат во форензичната единица на болницата Трусо со која тие имаат договор.

Сослушувањето на децата мора да биде снимано со помош на видео кога наводното кривично дело е од сексуална природа[138]. Снимањето е со цел да се минимизира бројот на интервјуата. Во практика, сепак детето ќе биде сослушано минимум три пати, еднаш од полицијата како формално сослошување, еднаш од неговиот адвокат, а еднаш од судијата кој ќе побара да ги повтори или одобри претходните изјави. Снимањето на испрашувањето на детето-жртва, исто така овозможува да се обезбеди начинот на испрашување и анализа на понатамошната невербална комуникација[139]. По писмена одлука на Јавниот обвинител или истражниот судија, оваа снимка може да биде исклучиво тонска снимка кога тоа го бара најдобриот интерес на детето (на пример, кога детето било жртва на кривично дело од порнографска природа). Во отсуство на убедливи докази (на пример, од медицински поглед), сослушувањето и неговото снимање ќе станат клучни елементи на судењето.

Ново сослушување може да има само со претходна согласност од страна на Јавниот обвинител или истражниот судија. Кога осомниченият ќе побара соочување со жртвата[140], судијата може да побара осомниченият прво да ја слушне снимката. Ова може да го обесхрабри осомниченият во желбата за соочување. Ако и после ова соочувањето е побарано, можно е ова соочување да се одвива во различни соби и во секој случај ќе се одвива во пријателски настроена средина за детето и во присуство на адвокатите на двете страни и на полициски службеници.

Истражниот судија може да побара психолошки тест. Особено се користи во околности на наводни сексуални деликти кои ги негирал осомниченият и во отсуство на убедливи докази (како на пример медицински физички преглед), а каде зборовите на детето се основниот доказ на прекршокот[141]. Оваа процедура, која се смета како кредибилитивно вештачење, обезбедува евалуација на коефициентот на интелигентност на детето, психолошката рамнотежа и го анализира контекстот во кој детето ги открило наводните прекршоци.

---

[138] Criminal Procedure Code, Article 706-52.
[139] Criminal Circular 99-4 F1 of 20 April 1999 (circulaire criminelle 99-4 F1 du 20 avril 1999)
[140] Article 82-1 of the Criminal Procedure Code.
[141] Criminal Procedure Code, Article 706-48 (that refers to the crimes of Article 706-47).

5.1.6 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка

Детето не може да ги користи своите права, само неговите родители или старатели може да ги користат во негово име, притоа тие се одговорни да ги користат во најдобар интерес за детето[142]. Како и да е, детето мора да биде инволвирано во одлуките кој се однесуваат на него, според неговите години и степен на зрелост. Кога правната истрага и нејзиното започнување ќе биде наредено од јавниот обвинител, истражниот судија има задача да им обезбеди на жртвите информации за напредокот на истрагата. На крај од истрагата жртвата ќе биде информирана за намерите на судијата и може да реагира на нив.

Детето има право да биде сослушано во која било кривична постапка[143] и поради тоа детето може самото да побара да биде присутно и сослушано. Судијата исто така може да побара детето да биде испрашувано во текот на сослушувањето, иако пред да се нареди детето- жртва да биде испрашувано во текот на судењето, судијата мора да ја прегледа секоја направена снимка во текот на судењето.

Покрај тоа, судијата обично ќе се распраша дали детето жртва сака да излезе од просторијата пред да се прикажат какви било и видеа или друг шокантен материјал за време на судењето.

5.1.7 Право на правен советник, правна помош и застапување

Детето има право да се консултира со адвокат, без да има потреба да бара одобрение од неговите родители. Кога детето ќе се консултира со адвокат спонтано, правниот совет во принцип е бесплатен.

Еднаш инволвирано во кривичната постапка, детето ќе биде прашано да избере адвокат ако неговата зрелост го дозволува тоа. Зрелоста не е дефинирана според фиксна возраст и ќе зависи од самото дете. Оваа возраст претежно е помегу 8 и 12 години.

---

[142] Civil Code, Article 371-1.

[143] Law n° 98-468 of 17 June 1998 on the prevention and repressing of sexual offences, and the protection of children (loi n° 98-468 du 17 juin 1998 relative à la prévention et à la répression des infractions sexuelles ainsi qu'à la protection des mineurs).

Адвокатите на децата- жртви се вклучуваат во кривичната постапка откако предметот ќе биде предаден на судијата. Судијата е должен да го праша детето за избор на адвокат во текот на првото сослушување[144]. Единствениот случај кога адвокатот треба да интервенира во предистражната истрага е во случај на конфронтација помегу жртвата и осомниченият. Во овој случај, адвокатот ке може да обезбеди информации на детето и неговите родители на почетокот од постапката. Адвокатот исто така ке му асистира на детето во текот на постапката.

Ако детето, родителите или администраторот не знаат адвокат или не изберат адвокат во рок од 8 дена, судијата ќе побара адвокатот да биде изберен од локалната комора на адвокатите[145]. Кога родителите не ги бранат или пак лошо ги бранат најдобрите интереси на детето, или пак не можат да го платат адвокатот, адвокатот ќе биде платен според француската шема за бесплатна правна помош.

Адвокатот мора да биде присутен во текот на постапката (на пример, кога детето е сослушувано од истражниот судија[146]) и да има генерална улога. Адвокатот се смета за главен давател на информации и има придружна улога. Адвокатот треба да му објасни на детето за легалните импликации на направените избори и да се осигура дека судијата и другите актери ги почитуваат правата на детето.

Адвокатот исто така игра заштитна улога за детето. Поради ова, адвокатот може да побара:

■ судење во затворени сесии.

■ детето да биде позиционирано така што нема да гледа во осомниченият.

■ двоумењето на детето да биде забележано во официјалната изјава.

■ секој дополнителен лекарски преглед да биде заменет со преглед на случајот.

■ одредени истражни дејствија да не се бараат.

[144] Civil Procedure Code, Article 1186.
[145] Criminal Procedure Code, Article 706-50.
[146] Criminal Procedure Code, Article 706-51-1.

Конечно адвокат е одговорен да му помага на детето за време на судењето, да го застапува ако тоа одлучи да не се појавува на судењето и да бара компензација за штета кое ја направило дете кое побарало да учествува на судењето.

5.1.8 Правни лекови или компензација постојат за повреда на правата и непостапување

Лице кое има можност, а не му помогне на лице кое е во опасност, може да биде казнето со казна затвор до 5 години и парична казна од 75 000 евра[147]. Лице кое не пријави информација за прекршок кој знае дека е извршен или ќе биде извршен, може да се казни до 3 години затвор и парична казна од 45 000 евра[148]. За крај, лице може да биде казнето со казна затвор до 3 години и парична казна од 45 000 евра[149], затоа што не пријавил дека дете под 15 години или пак лице кое не е во можност да се заштити себеси поради годините, болест или пак немоќ, а знае дека се предмет на малтерирање или пак сексуална злоупотреба.

Откривање на идентитетот на детето, адресата и слично и со тоа кршејќи ги неговите права на приватност ќе се казни со парична казна до 15 000 евра.[150]

Доколку детето жртва се смета за странка во текот на постапката[151], тие можат да барат надоместок за настаната штета. Откако ќе се изрече пресудата, услугите на извршител ќе бидат неопходни за да се достави формално барање за плаќање на осуденият престапник.

Ако осуденият сторител е несоодвентен, жртвата може да добие компензација од Гарантниот фонд за жртви. Франција формираше голем број на такви фондови да опфатат различни околности како што се прекршоци против имот или лица, или пак автомобилски несреќи каде престапникот не е осигуран. За сите други прекршоци, каде жртвата нема да добие соодветна компензација, службата за помош при закрепнување на жртви од криминал исто така може да и даде соодветна компензација на жртвата.

---

[147] Criminal Code, Article 223-6.
[148] Criminal Code, Article 434-1.
[149] Criminal Code, Article 434-3.
[150] Article 39 bis and quinques of the Law of 29 July 1881 on press liberty (loi du 29 juillet 1881 relative à la liberté de la presse) modified by the Law n°2000-516 of 15 June 2000 (loi n°2000-516 du 15 juin 2000).
[151] 1945 Ordinance, Article 6

Комисии за компензација на жртви на прекршоци постојат во секој Висок суд[152] и тие можат да бидат контактирани од родителите или адвокатот на детето во рок од три години од настанувањето на прекршокот или пак во рок од една година по пресудувањето на конечната одлука[153]. Како и да е, овие комисии може да го прифатат барањето и по истекот на овие рокови.

Кога се пресудува и донесува пресудата, судијата ќе ја информира жртвата за нејзините права да ги користи овие комисии. Нормално, може да ги искористи и адвокатот на жртвата. Комисиите за компензација на жртви на прекршоци мора ги почитуваат основните правила на судењето. Жрвите може да имаат корист од овие комисии под услов да се жртви на :

1. Напад врз лицето (убиство или насилство), што резултирало со смрт или целосна неспособност поголема или еднаква на еден месец.

2. Сексуален напад (напад или сексуален напад, силување, трговија со луѓе), или

3. Напад врз имотот (кражба, измама, уништување) или прекршок против лице кое предизвикува неспособност за помалку од еден месец.

Еднаш откако се контактирани, комисиите за компензација на жртви на прекршоци, може да ја стават постапката во мирување по барање на жртвата, или до донесување на конечна одлука од страна јурисдикцјата за конечниот случај. Комисијата ќе бара од гарантниот фонд да презентира понуда за компензација во рок од два месеци[154]. Ако оваа понуда е одобрена, комисијата ќе ја официјализира. Детето и родителите може да се противат на понудата. Откако понудата ќе биде формализирана, фондот може да бара компензација од прекршителот на делото извршено врз детето жртва.

Службите за помош за закрепнување на жртвите од криминал и дозволуваат на жртвите на кои им била загарантирана надомест за штета до конечната судска одлука, а не може да ги добие овие средства да биде компензирана. Овие служби мораат да

[152] Criminal Procedure Code, Article 706-4.
[153] Criminal Procedure Code, Article 706-5.
[154] Criminal Procedure Code, Article 706-5-1.

бидат контактирани во рок од два месеци до една година од конечната одлука. Формата за барање на компензација е достапна онлине[155].

Конечно, детето и неговите родители се заштитени од нечесноста и неспособноста на нивниот адвокат (адвокатот не почитувал одредени рокови, бил невнимателен и слично).

5.2 Детето како сведок

Нема специфични одредби за детето како сведок, освен во неколку ситуации кога на детето му се зема изјава како жртва или како осомничен. Оттука, детето сведок во голема мера ќе потпадне под одредбите кои се однесуваат за возрасните сведоци. Покрај тоа, не постои јасна разлика меѓу редовните сведоци и оние од поранливата категорија. Оттука судството има улога, да ги открие ранливите сведоци и да оцени од случај до случај дали да се бараат заштитни мерки или не. Полициските службеници, јавниот обвинител и одредени судии, кои се инволвирани да контактираат со децата - сведоци се специјализирани за детски случаи и тие случаи со деца од ранлива категорија мора да ги земаат во предвид.

Детето исто така може да добие статус на помошник сведок (témoin assisté), ако има веродостоен доказ дека детето можеби учествувало во прекршокот.[156] Одговорноста на сведокот- асистент може исто така да биде испитана, во зависност од исходот на постапката и нема воопшто потреба постапката да почне повторно. Личноста поради тоа останува високо инволвирана во текот на постапката и поради тоа и е гарантирано некој од правата за осомничени. Едно од правата на сведокот- асистент е да бара да биде обвинет, што му дозволува потоа да ги има сите права што ги има обвинетиот. Доделувањето на улогата сведок асистент може да биде завршена во секој момент на постапката пред судењето и поради тоа детето- асистент, сведок можеби ќе има бенефити од правата за обвинет пред да му биде доделена улогата на сведок асистент. И за крај, детето кое е асистент-сведок не може да биде изложено на рестриктивни мерки, но може да биде предмет на едукативни мерки.

[155] www.sarvi.org
[156] Criminal Procedure Code, Article 113-2.

Детето во никој случај, не може да биде обвинето за лажно сведочење.[157]

Пред да стане сведок асистент, детето може да се смета за осомничено. Овој сведок може да праша колку ќе трае постапката и да биде информиран за се дури на крајот од истрагата. Како и да е, детето треба да биде информирано за сите мерки кои се донесени од истражниот судија и за донесените заклучоци.

На детето-сведок ќе му се обезбедат информации кога ќе се сослуша од професионалци, без разлика дали се наставници, полициски или правосудни службеници. Јавниот обвинител ќе ги известува детето и неговите родители за постапката и нејзината еволуција.

За време на истрагата се обезбедува заштита на сведоците со помош на полицијата и службите за помош и слушање преку телефонска линија, психолози и советници[158]. Сведок не може да биде притворен или задржан.

За да се спречат притисоци, ризици и закани за одмазда, заштитата на сведоците е облигаторна во Франција[159]. Притисоци, закани и други однесувања со кој се тера сведокот лажно да сведочи, или пак да се обесхрабри да сведочи се забранети и насилството врз сведоците со цел да се влијае врз сведочењето се систематски казниви.[160]

Конечно, голем број на одредби обезбедуваат заштита за сведокот уште на самиот почеток. На пример, сведокот може да побара неговата куќна адреса да не биде забележана во официјалната изјава и да биде заменета со адреса на некој од полицијата или жандермеријата[161]. Сепак, Јавниот обвинител или истражниот судија мора да се согласат со ова. Сведокот исто така може да побара да сведочи анонимно[162], ако направениот прекршок е казнив со најмалку 3 години затвор. Дополнително, неопходно е да се утврди дека откривањето на идентитетот на сведокот најверојатно сериозно ќе го загрози животот или физичкиот интегритет на членовите на неговото семејство или роднините.

---

[157] Criminal Code, Article 434-13.
[158] Law of Orientation and Programming for Security (29 August 2002).
[159] Criminal Procedure Code, Article 706-57 to 706-63
[160] Criminal Procedure Code, Article 434-15.
[161] Criminal Procedure Code, Article 706-57.
[162] Criminal Procedure Code, 706-58 to 706-63.

Меѓутоа, овие мерки во никој случај не треба да бидат штетни за осомниченият кој може да ги оспори и да побара соочување со сведокот[163]. Конечно, не може да се изрече казна базирана на анонимно сведочење.

Доколку е потребно сведокот- асистент може да биде предмет на испитување на личноста и на психијатриско вештачење. Овие мерки може да помогнат да се расветли ситуацијата на детето и неговото евентуално учество во извршување на делото.

Доколку се отвори истрагата, сведокот се сослушува на барање на судијата, на барање на една од странките, или пак ако сведокот спонтано се пријави. Сведокот се појавува доброволно или ако е повикан. Сведокот има должност да се појави кога е повикан од полицијата или пак судијата.

Кога ќе се сослушува од судијата, сведокот може да се сослушува насамо, или пак може да учествува во конфронтација со други сведоци или пак странки.

Сослушувањето на сведокот не е аудио-визуелно снимано, но официјалната изјава сведокот мора да ја потпише.[164]

Сведоците може да присуствуваат на сослушувањето[165]. Деца под 16 години не мора да се заколнат при сведочењето[166]. Сведокот- асистент понатаму може да бара соочување со лицето кое го обвинува, иако истражниот судија може да го одбие ова барање[167].

За време на судењето во Трибуналот за малолетници или пак Кривичниот трибунал за малолетници, судијата може да бара сведоците да ја напуштат судницата по нивното сведочење.[168]

Претседателот на Врховниот суд може, пред во текот или откако ќе го сослуша сведокот, да побара отстранување на еден или повеќе обвинети или сведоци и посебно да испита одредени елементи на нивните искази. Дополнително, кога потребите на истрагата го бара тоа, сведочењето или испитувањето на сведоците може да се направи

[163] Criminal Procedure Code, Article 760-60.
[164] Criminal Procedure Code, Article 706-52.
[165] 1945 Ordinance, Article 14.
[166] Derogation to the general rule to take an oath under Criminal Procedure Code, Article 103; Criminal Procedure Code, Article 113-7.
[167] Criminal Procedure Code, Article 113-3.
[168] 1945 Ordinance, Article 14.

преку далечинска телекомуникација, обезбедувајќи доверливост на преносот и заштита на сведокот.

Сведокот може да консултира адвокат. Сведокот асистент има право да биде придружуван од адвокат кога се сослушува[169]. Детето кое е асистент- сведок кое прво се сметало како осомничено, веќе има добиено адвокат во претходните постапки.

Сведокот- асистент може да достави барање до истражниот судија со кое одбива да се соочи со други страни, вклучувајќи ги и оние кои го обвинуваат.

Конечно откривањето на адресата или пак идентитетот на сведокот кој има право да ги користи одредбите со кои се заштитува неговиот идентитет, е казниво со казна- затвор до 5 години и парична казна од 75 000 евра.[170]

5.3 Детето како осомничен/обвинет

5.3.1 Возраст на кривична одговорност

Во Франција децата се делат во две групи и тоа: деца помеѓу 13 и 18 години и деца помеѓу 10 и 13 години.

Во принцип, возраста за кривична одговорност стартува на 18 години. Како и да е, децата можат да бидат кривично одговорни кога се смета дека има доволна зрелост (discernement), да ја разбере природата на кривичното дело (principe de l'irresponsabilité pénale relative).[171] Судијата е тој кој треба да размисли и да ја донесе оваа одлука (appréciation souveraine). Покрај тоа, јавниот обвинител и соодветната јурисдикција ќе ги испита околностите на случајот и ќе ја испита личноста на детето и ќе утврди дали да се применат мерки како лишување од слобода наместо едукативни мерки. Како и да е, такви криминални санкции може да му се дадат само на дете кое има наполнето 13 години[172]. Како резултат на тоа, често лабаво се вели дека во Франција возраста за кривична одговорност е 13 години.

[169] Criminal Procedure Code, Article 113-4
[170] Criminal Procedure Code, Article 706-59.
[171] Criminal Code, Article 122-8
[172] Criminal Code, Article 122-8, and 1945 Ordinance, Article 2.

Само заштитни, помошни, надзорни и едукативни мерки (mesures de protection, d'assistance, de surveillance et d'éducation), може да се досудат за дете кое ќе се најде дека е криминално одговорно за прекршок што го направило пред да наполни 13 години. Децата помеѓу 10 и 13 години понатаму можат да бидат предмет на едукативни санкции кога околностите на случајот и личноста на детето тоа ќе го налага.

Табела 3. Малолетници кои се осудени

Година	Французи	Странци	Вкупно
2009	12.188,00	3.544,00	15.732,00
2010	10.412,00	4.177,00	14.589,00
2011	11.555,00	3.577,00	15.132,00
2012	11.314,00	4.984,00	16.298,00
2013	13.484,00	4.988,00	18.472,00
2014	12.577,00	2.521,00	15.098,00
2015	12.512,00	3.944,00	16.456,00
2016	7.514,00	3.846,00	11.360,00
2017	9.982,00	4.477,00	14.459,00
2018	11.668,00	3.424,00	15.092,00
2019	10.441,00	3.577,00	14.018,00
2020	15.854,00	3.775,00	19.629,00
2021	17.541,00	3.752,00	21.293,00
2022	18.864,00	2.446,00	21.310,00

Извор: Ministère de la Justice

Табела 2. Вкупен број на деца против кој е преземена некоја превентивна мерка и на ослободени деца

Ослободување		**Французи**			**Странци**			**Вкупно**		
		машки	**женски**	**вкупно**	**машки**	**женски**	**вкупно**	**машки**	**женски**	**вкупно**
СО ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ	Ограничувања	165	19	184	85	16	101	250	35	285
	Куќен притвор	596	14	610	77	70	144	673	84	757
	Поставување во интернат	356	66	422	269	93	362	625	159	784
	Превентивен	298	11	309	211	39	250	509	50	559

	притвор									
Други ослободувања	Простување и слобода	190	36	226	138	69	207	328	105	433
	Истекување на казна	5	1	6	3		3	8	1	9
	14- годишни	4	2	6	19	1	20	23	3	26
	Бремени малолетници					3	3		3	3
	Недостаток на предуслови за притвор	9		9	25	8	33	34	8	42
Вкупно		1.623	149	1.872	827	266	1130	2450	448	2.898

Извор: Ministère de la Justice

5.3.2 Обезбедување информации

Дете може да биде задржано или притворено. Секој полициски службеник е компетентен да постапува со осомничени деца. Во одредени области, младите бригади можат да бидат ексклузивно компетентни. Кога детето е во притвор, тоа веднаш ќе биде информирано за природата на прекршокот за кое е осомничено дека го извршило или се обидело да го изврши, за условите и времетраењето на притворот и за неговите права[173]. Овие права (се однесуваат за секое дете), вклучуваат можност детето да воспостави повик, да биде прегледано од лекар (задолжително за дете под 16 години) и да бидат придружувани од адвокат. Родителите на детето мора веднаш да бидат информирани од полицијата дека нивното дете е задржано во притвор.

За секоја понатамошна мерка преземена од Јавниот обвинител мора да бидат известени родителите на детето и службите на кој тоа морало да биде или е доверено.

Прво, Јавниот обвинител може да побара од некој полициски службеник да го информира детето за неговото свикување (покана) или во Судот за малолетници или кај истражниот судија. Детето мора да потпише официјална изјава дека ја примило поканата и било информирано за нејзиното значење. Притоа во оваа покана се наведуваат фактите и законот кој ги забранува овие дела, исто така се наведува името на судијата и датата и местото на сослушувањето. На крај, се наведува дека детето

[173] Criminal Procedure Code, Article 63-1.

може да биде придружувано од адвокат и во случај да не избере, ќе го придружува адвокат изберен од локалната комора.

Второ, Јавниот обвинител може веднаш да го достави детето на Судот за малолетници или пак истражниот судија. Ова обично се случува по предистражниот притвор, кога Јавниот обвинител има доволно докази да бара појавување на детето веднаш, или пак бара едукативни мерки или дополнителна мерка- притвор да биде наредена[174]. Во овој случај и Јавниот обвинител и судијата во присуство на родителите ќе го советуваат детето за состојбата на постапката и за импликациите и фазите кои треба да следат.

5.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи

Откако ќе биде пријавено или забележано кривично дело од страна на полицијата, секое дете кое е осомничено дека извршило прекршок, може да биде уапсено ако е фатено на дело или повикано. Родителите ќе бидат директно инволвирани во сите акти на постапката. Прекршоците направени од деца во пракса никогаш не бараат долги и комплексни прелиминарни истраги, затоа што обично децата се фаќаат во самиот акт. Децата се сослушувани од страна на полицијата.

Ако полицијата сака да го задржи или притвори детето, мора затоа да го информира веднаш Јавниот обвинител. Детето ќе биде информирано за неговите права, вклучувајќи го и правото да избере адвокат.

Јавниот обвинител е единствениот орган кој може да поднесе обвинение против детето доколку има доволно елементи или докази собрани во текот на прелиминарната истрага.[175]

Во зависност од околностите на случајот, јавниот обвинител може да предложи алтернатива на судската постапка, или да бара појавување на детето веднаш пред судот. Јавниот обвинител исто така во случај да е неопходно може да бара едукативни мерки, вклучувајќи граѓански мерки за дете во опасност.

[174] 1945 Ordinance, Article 6-1.
[175] 1945 Ordinance, Article 7.

5.3.4 Услови за притвор

Условите за притвор на детето во предистражната фаза се базирани врз основа на неговата возраст. Детето ќе биде секогаш притворено или задржано под надзор на тренирани професионалци во места резервирани за деца одвоени од возрасните.

Деца кој се под 16 години мора да бидат прегледани од доктор во првите 3 часа откако ќе бидат притворени.

Деца под 10 години

Деца под 10 години не може да бидат притворени или пак задржани.

Деца помеѓу 10 и 13 години

Деца помеѓу 10 и 13 години, може да бидат задржани во полициската станица доколку има сериозни или потврдни докази дека извршиле или се имаат обидено да извршат кривично дело или прекршок за кој е предвидена казна затвор од најмалку 5 години[176]. Оваа мерка бара претходна согласност од Јавниот обвинител, истражниот судија или Судот за малолетници. Овој орган го одредува времетраењето на задржувањето, зимајќи го во предвид потребното време за сослушување на детето и времето потребно да се запознае со Јавниот обвинител или да се стави под надзор на трета страна од доверба. Во секој случај детето не може да биде задржано повеќе од 12 часа, освен ако овој орган со писмено решение одобрува вонредно продолжување за уште 12 часа. Локалната адвокатска комора се информира за задржувањето за да предложи веднаш адвокат кој ке го застапува детето.

Деца над 16 години

Дете над 16 години може да биде притворено доколку е осомничено за какво било кривично дело или прекршок кој се казнува со затвор. Полицијата одлучува дали е корисно да го затвори детето или не и затоа го известува Јавниот обвинител веднаш. Деца над 16 години ќе бидат предмет на исти правила како и возрасните. Во пракса притворот може да трае во рок од 24 часа и може да се обнови по писмено барање на јавниот обвинител кој може да бара да го испраша детето.

[176] 1945 Ordinance, Article 4-1.

Деца над 16 години може да изберат да бидат прегледани од доктор. За овие права се информирани од нивните родители и може да се одлучат да ги искористат.

Прекршоци поврзани со дрога, тероризам и сериозни кривични дела може да резултираат со поголем период на притвор.[177]

Предистражен притвор

Дете под 13 години не може да се држи во предистражен притвор. Дете над 13 години може да биде задржано ако подлежи на обвинение, во очекување на судењето. Истражниот судија или Судот за малолетници може да ја преземат оваа мерка само кога е неопходна, кога друга мерка не може да се примени и кога алтернативните мерки како судска контрола или куќен притвор под електронски надзор ќе се покажат како недоволни.

Детето на кое му е одреден привремен притвор ќе биде задржано или во посебни простории за краткотраен домашен притвор наменети за деца, или пак во еден од шесте детски затвори. Деца помегу 13 и 16 години ќе бидат притворени во места каде ќе бидат изолирани од возрасните затвореници и специјалните едукатори ќе бидат присутни.[178]

Затворите за деца се менаџирани од комбинација од едукатори за млади под судска заштита и чувари на националниот казнено-поправен систем. Деца во привремен притвор се чуваат во индивидуална ќелија, но медицински или лични причини може да бараат тој да ја дели ќелијата со притвореник кој е на иста возраст како неговата. Машките и женските притвореници може да имаат заеднички активности во текот на денот, но тие се чуваат во посебни единици и се нагледувани од персонал од истиот пол. Бидејќи образованието во Франција е задолжително само до 16 години, образованите мерки може да се применат само за деца кои се наоѓаат во предистражен притвор, а имаат под 16 години. Деца над 16 години сепак се силно охрабрени да продолжат со својата образовна програма. Спортски и културни активности исто така се организираат постојано.

Дете над 13 години и под 16 години

[177] Criminal Procedure Code, Article 706-88.
[178] 1945 Ordinance, Article 11.

Дете над 13 години и под 16 години може да биде во притвор најмногу до 6 месеци во случај да сторило кривично дело. Сепак притворот може да продолжи во случај, откако ќе има дебата пред судијата во присуство на адвокатот на детето и родителите во период кој не може да надмине 6 месеци.

Дете над 14 години и под 16 години

Деца над 14 години и под 16 години може да подлежат на привремен притвор ако се осомничени за кривично дело, или кога доброволно не се придружувале на алтернативните мерки како што се судска контрола или куќен притвор под електронски надзор.

Деца над 16 години

Деца над 16 години може да бидат задржани максимум еден месец, кога се осомничени за дело за кое е предвидена затворска казна од 7 години. Притворот може да се продолжи уште еднаш, откако ќе има дебата пред судијата и во присуство на адвокатот на детето и неговите родители. За прекршоци за кој може да се изрече казна од над 7 години, притворот може да биде подолг од еден месец, но не може да биде подолг од една година во прв степен и не може да се продолжи над две години.

Деца помеѓу 17 и 18 години

Деца над 17 години може да бидат притворени кога се осомничени за кривични дела, прекршок за кој може да има казна од најмалку 3 години, или кога доброволно не се придржувале на нивните обврски од досудени алтернативни мерки како што се судска контрола или куќен притвор под електронски надзор.

Право на посета во притвор

Нема специфични одредби за правото на деца да бидат посетувани во притвор. Поради тоа важат истите одредби како за возрасните.

Посета на адвокатот на детето. Посета на адвокатот на обвинетиот се заснова на правото на одбрана и може да се ограничи само ако се загрозува дисциплината и безбедноста на местото на притворот. Секој адвокат, дури и ако не го застапува лично детето во текот на судењето, мора да биде во можност да комуницира со својот клиент слободно, без присуство на супервизор. Адвокатот по презентирање на неговата дозвола за посета и неговата адвокатска идентификација, адвокатот може

да се сретне со детето во специјална соба за посети, во која конверзацијата нема да може да биде слушната или снимена.[179]

Посета од членови на фамилијата и други лица. Секој притвореник без разлика дали е во привремен притвор или по осуда има право да прима посети. Право да прима посети на притвореникот е право кое може само привремено да му се одземе. Сепак, нема посета која може да помине без административно овластување и поради тоа секоја посета потенцијално може да биде одбиена од страна на надлежните органи. Дополнително, било кој од властите што ја издава дозволата може да нареди да се истражи лицето кое бара да посети затвореник.[180]

Дозвола за посета на привремено притворени лица може да издава само судијата кој е надлежен за истрагата, кој може да бара посетата да биде во соба во која нема да е достапен физички контакт. Лице кое ќе посака да посети затвореник мора да достави писмено барање, а може и да достави докази со кој ќе го убеди судијата да го прифати барањето, на пример семеен однос или пријателство од особено значење за притвореникот, лична подршка, немање поврзаност со делото и слично[181]. Дозволите за посета се трајно важечки и може да се користи за посета во секое место каде притвореникот е задржан.

Лицето кое ја води истрагата може да одбие да даде дозвола за посета на лица кои не припагаат на фамилијата на притвореникот без тоа да го образложи. Тој може да одбива да даде дозвола на членови на фамилијата без образложение во рок од еден месец откако била побарана дозволата. Само членови на семејството може да го оспорат одбивањето од страна на истражниот судија[182]. После еден месец, судијата мора да ги образложи причините за одбивањето писмено и тоа мора го направи само во граница на потребите на истрагата. Кога наредува привремен притвор, судијата исто така може да воведе забрана за комуникација на затвореникот со други лица во рок од 10 дена и во барање може да се обнови уште еднаш[183]. Лицето кое е главно во местото каде се одржува притворот може да бара забрана за посети, ако со посетата би се загрозила дисциплината и безбедноста на местото каде лицето е притворено.

---

[179] Criminal Procedure Code, Articles D.56, D.67, D.68, and D.411. Also, Circular of 9 May 2003 JUSE0340055C.
[180] Criminal Procedure Code, Articles D.403 to D.404.
[181] Criminal Procedure Code, Articles 145-4, D.64, D.403 and D.507
[182] Criminal Procedure Code, Articles D.404.
[183] Criminal Procedure Code, Articles 145-4 and D.403.

Истите правила важат и за дете кое сака да посети затвореник. Како и да е, потешко е да се оправда забраната за посета на дете, затоа што е нејасно како би можело да го загрози судењето или да ја загрози дисциплината и сигурноста на местото каде се извршува притворот.

5.3.5 Алтернативи на судската постапка

Во сите случаи јавниот обвинител е слободен да одлучи дали ќе подигне обвинение против осомниченият и со тоа да го однесе пред суд или не[184]. Ако одлучи да не подигне обвинение против детето, јавниот обвинител има три алтернативи. Прво, едноставно да го затвори случајот. Второ, за деца над 13 години, да го затвори случајот под услови[185], или трето да предложи кривична спогодба[186]. Ако се одлучи за втората или третата опција со тоа мора да се согласат и детето и неговите родители.

Затворање на случајот под услови

Јавниот обвинител може да одлучи да се затвори случајот под услов детето да извршува една обврска. Јавниот обвинител може да се одлучи за ваква мерка ако верува дека со ова ке има компензација за штетата направена од жртвата и ке се стави крај на нарушувањето од прекршокот. Покрај тоа оваа мерка се обидува да му даде на детето можност да ги разбере елементите на неговиот акт ставајќи го во контекст во рамките на општеството, неговите правила, институции и поединци. Во зависност од извршениот прекршок од детето оваа мерка може да вклучува и:

■ Да зема обука во здравствена или санитарна служба, или пак професионална или социјална организација.

■ Да следи курс за државјанство. Ова може да значи учество во групни курсеви на некој од следните теми, полиција, правда, здравство, училиште, заедница и слично.

■ Регулирање на состојбите во однос на законот и важечките прописи.

■ Надоместување на штетата. Властите може да предложат детето инволвирано во надоместување на штетата кое самото ја направило, да ја надомести и да се извини на жртвата.

[184] Criminal Procedure Code, Article 40-1.
[185] Criminal Procedure Code, Article 41-1 and 1945 Ordinance, Article 7-1.
[186] Criminal Procedure Code, Article 41-2 and 1945 Ordinance, Article 7-2.

■ Да бара медијација. Оваа мерка овозможува на детето шанса да и објасни на жртвата и да понуди извинување. Може исто така да значи наплата на штета, барање да се врати тоа што е украдено и слично.

■ Почитување на претходната пресуда од судијата.

■ Да се консултира со психијатар. Ако ова го прифати детето, јавниот обвинител нема да покрене обвинение.

Кривична спогодба

Јавниот обвинител може да предложи кривична спогодба. Оваа мерка може да се предложи само во случај детето да признае дека извршило едно или повеќе кривични дела кој се казниви со парична казна или казна затвор до 5 години. Оваа мерка ретко се користи бидејќи е блиску до работата која ја презема Судот за малолетници, па затоа поверојатно е Јавниот обвинител да му го препушти детето на судот.

Во зависност од кривичното дело направено од детето оваа мерка може да вклучува:

■ плаќање казна.

■ да врши општо корисни работи за заедницата, за максимум од 60 часа, за период кој не надминува 6 месеци.

■ преземање пракса или обука во здравствена или санитарна служба, или професионална или социјална организација, за период кој не надминува 3 месеци, во период не повеќе од 18 месеци.

■ Да посетува курс за државјанство.

■ Обезбедување на државата со предметот кој е користен за извршување на делото или кој е производ на прекршокот.

5.3.6 Минимизирање на товарот на постапката и обезбедување пријателска средина за деца

Присуство на родителите

Франција има воспоставено голем број на правила за да обезбеди пријателска правда за децата, со давање одредени права и опции за родителите на децата во различни фази од постапката:

■ Во текот на притворот или задржувањето, родителите можат да го посетат детето, да одберат адвокат за него и мора да бидат сослушани од полициските службеници[187]. Тие може да побараат да присуствуваат на сослушувањето на нивното дете, но ова може да биде одбиено од полициските службеници.

■ Во било која фаза од постапката детето и неговите родители се повикуваат и сослушуваат заедно[188], во присуство на нивниот адвокат ако е побарано.

■ Родителите можат да се спротистават на предлогот за итно појавување.

Служба за судска заштита за млади

Секоја истражна мерка може да ја преземе Службата за судска заштита на младите, или овластени здруженија од соседството на детето. Според ова, полицијата може да биде малку искористена во текот на истрагата, минимизирајќи ја стигмата поврзана со истрагата. Ова е особено случај за личната папка за прашања. Оваа папка се бара од судијата во текот на судската истрага. Истражувачите имаат должност да го обезбедат профилот на осомничениот, да го вратат патот на нејзинот живот до денот на истражувањето и на крајот да направи проекција за него во иднина.

Во секој случај овие служби мораат да бидат контактирани и да го дадат нивното мислење без разлика дали детето е објект на мерки од страна на истражниот судија, Судот за малолетници или Јавниот обвинител, или санкција од страна на Судот за малолетници[189]. Ова е исто така случај откако одлуката ќе биде донесена, Судот за малолетници може да и даде задача на службите за малолетничка судска заштита да се погрижат за имплентацијата на мерките за детето[190]. Овие служби ќе бидат

[187] 1945 Ordinance, Article 4
[188] 1945 Ordinance, Article 10.
[189] 1945 Ordinance, Article 12.
[190] 1945 Ordinance, Article 20-9.

контактирани и откако мерката за притвор ќе заврши. Веднаш откако детето ќе биде ослободено, овие служби мораат да се осигураат дека детето се придружува на едукативните или пробациските мерки кои биле преземани во негов најдобар интерес.

Адвокат

И адвокатот е инволвиран во сите фази заедно со детето. Јавниот обвинител, Судот за малолетници или пак истражниот судија ќе бидат екстремно претпазливи адвокатот да е присутен заедно со детето секогаш кога е побарано. Овие власти може да бараат од локалната адвкатска комора да постави адвокат на детето во било каква околност. [191]

Процедурални мерки во текот на судењето

Што се однесува до самото судење, Судот за малолетици може да дозволи детето да не присуствува на сослушувањето ако е тоа во негов најдобар интерес[192]. Ова исто така може да биде наредено во секое време во текот на дебата[193]. Понатаму, кога возрасните се исто така осомничени со едно или повеќе деца, од детето никогаш нема да се бара да присуствува на сослушувањето на возрасните[194]. Во двата случаја, детето ке биде преставувано од страна на неговите родители или адвокат. За крај, ако повеќе деца се осомничени заедно, секое од нив ке биде судено индивидуално и само жртвата, нивните преставници, преставниците на осомниченото дете, адвокатите и правните преставници може да присуствуваат на сослушувањето.[195]

Процедури што овозможуваат брзо следење на пресудата

Во поглед на должината на процедурата, два елементи се во игра за да се забрза процесот. Прво, Јавните обвинители може да наредат краткотрајна пресуда[196], дозволувајќи сослушувањето да биде одржано во рок од 10 дена до 2 месеци. За ова прекршокот од страна детето мора да ги исполнува следните критериуми:

---

[191] 1945 Ordinance, Article 10.
[192] 1945 Ordinance, Article 13.
[193] 1945 Ordinance, Article 14.
[194] 1945 Ordinance, Article 6.
[195] 1945 Ordinance, Article 14.
[196] 1945 Ordinance, Article 8-2.

■ За дете од 13 до 16 години, сомнение за сторено кривично дело или прекршок за кој е предвидена санкција од најмалку 5 години, но не повеќе од 7 години затвор.

■ За дете од над 16 години, сомнение за сторено кривично дело или прекршок за кој е предвидена казнена санкција- затвор од најмалку 3 години во случај на флагрант (детето да биде фатено на дело), или пет години во други случаи.

Второ, постапката на моментално појавување, му дозволува на Јавниот обвинител да нареди сослушување во Судот за малолетници во рок од еден или два дена. Само најзагрижувачките ситуации може да доведат до ова (на пример, дете извршило прершок по втор пат, а е во очекување на на првото судење). Во текот на сослушувањето, судијата се уште ќе има можност да го откаже сослушувањето и да го испрати случајот назад до Јавниот обвинител, ако не е задоволен и смета дека не се собрани сите елементи или дека постапката е прилагодена на околностите. Процедурата за моментално појавување може да се искористи само во следните случаи:

■ Мора да биде дадена сугестија од Јавниот обвинител и детето и неговиот адвокат мора да се согласни со ова. Родителите на детето се уште можат да се противат на ова.

■ Јавниот обвинител е задоволен од доказите кои биле собрани (во пракса, вака случајот ќе се смета за лесен со мала доза на несигурност за одговорноста на детето).

■ Папката за испитување на личноста на детето мора да е составена предходната година[197].

Понатаму, прекршокот на детето мора ги исполнува следните критериуми[198]:

■ За дете од 13 до 16 години, сомнение за сторено кривично дело или прекршок за кој е предвидена санкција од најмалку 5 години, но не повеќе од 7 години затвор.

■ За дете од над 16 години, сомнение за сторено кривично дело или прекршок за кој е предвидена казнена санкција затвор од најмалку 3 години во случај на флагрант (детето да биде фатено на дело), или пет години во други случаи.

5.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето

[197] 1945 Ordinance, Article 14-2.
[198] 1945 Ordinance, Article 14-2.

Сослушувањето ќе биде извршено од страна на офицери на младинската бригада или пак од специјално обучени офицери. Исто така сослушувањето може да се случи во форензичарската единица.

Испрашувањето во текот на притворот или пак при задржувањето мора да биде снимено со видео[199]. Никој, па ни детето, не може да се противи на ова снимање. Снимката може да се прегледа само со одлука на истражниот судија, судот за малолетници или пак Јавниот обвинител, во случај на оспорување на официјалната изјава од испрашувањето.

Родителите може да побараат да бидат присутни во текот на испрашувањето, што може да биде одбиено од полицијата.

Конечно Јавниот обвинител може да побара психолошки преглед. Сепак, ова е и задолжително кога се извршени кривични дела.

5.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување

Во принцип дете кое се гони од страна на правдата мора да биде застапувано од адвокат[200]. Француската локална адвокатска комора организира групи на адвокати тренирани за случаи во кои се инволвирани деца. Исто така детето може да ја користи шемата за судска помош за да го плати адвокатот.

Од самиот почеток на притворот, детето е информирано за правото да се консултира со адвокат. Детето може едноставно да назначи адвокат или да побара да му биде назначен. Детето може да зборува со адвокат од самиот почеток на притворот и потоа повторно по 20 часа од притворот по барање на детето или неговите родители. Прекршоците поврзани со продажба на дрога, тероризам и сериозни кривични дела, може да доведат до подолг престој во притвор. Детето осомничено за вакви кривични дела може да зборува со адвокат само после 24 часа од притворот (во случај притворот да бил продолжен). Во секој случај, консултациите во текот на притворот не може да траат повеќе од 30 минути. Овие консултации ќе останат доверливи. Адвокатот ќе го информира детето и неговите родители за неговите права и ќе се осигура дека овие

[199] 1945 Ordinance, Article 4-VI.
[200] 1945 Ordinance, Article 4.

права се почитувани. Адвокатот исто така ќе ги информира за различните исходи кои може да настанат од постапката.

Во текот на првото сослушување пред Јавниот обвинител детето ќе биде потсетено за неговите права да биде придружувано од адвокат. Ако се уште не се назначи адвокат за одбраната на детето, Јавниот обвинител ќе ги праша детето и неговите родители да назначат некој, или пак тоа ќе го побара од локалната адвокатска комора. Во текот на било кое сослушување или пак судењето, детето ќе биде потсетено за ова негово право и под одредени околности (како и кога судијата сака да преземе мерка или да ја измени) присуството на адвокат е задолжително.

Во случај детето редовно да се изведува пред судија, може да се назначат неколку последователни адвокати. Во најдобар интерес на детето, Судот за малолетници свесен за овој проблем, ќе се осигура со локалната адвокатска комора дека истиот адвокат ќе биде назначен за детето. Како и да е, дури и кога е назначен адвокат, детето и неговите родители се слободни да го заменат и да назначат нов.

5.3.9 Правни лекови и надомест за повреда на права и непостапување

Кога не се почитува едно од правата на детето како осомничено, притворот и постапката може да бидат неважечки.[201]

Казни кој се однесуваат на правата на приватност на детето

Откривање на било каква информација поврзана со папката за истражување на личноста се казнува со парична казна од 3750 евра[202]. Пуштање во промет на снимката, или копија од неа од сослушувањето на детето е казниво со една година затвор и парична казна од 15 000 евра. Објавувањето на било какви материјали од судењето, или пак текстови кои се однесуваат на идентитетот и личноста на обвинетото дете се казнува со парична казна од 15 000 евра.[203]

Правни средства против мерките и санкциите преземени од судијата на претходната постапка

[201] Cassation Court, Criminal Chamber, Decisions of 31 May 2011 (n° 2673; n° 2674; n° 3049; n° 3107).
[202] 1945 Ordinance, Article 5-2 (9th indent).
[203] 1945 Ordinance, Article 14.

Во однос на одлуките во врска со случајот, детето може да се жали против одлуките на истражниот судија во рок од еден месец[204]. Што се однесува до едукативните мерки кои се преземени од Судот за малолетници или пак истражниот судија и нивната имплементација и прогресот и еволуацијата на детето, ќе преставува важен елемент во проценката на фактите, личноста и во наметнување на санкции или алтернативни мерки.

Компензација

Детето и неговите родители се заштитени од нечовечноста и неспособноста на нивниот адвокат. Локалните адвокатски комори го заштитуваат сите свои членови од професионално недолично однесување. Детето и неговите родители мора писмено да го известат адвокатот дека се незадоволни од неговите услуги и да ги наведат причините затоа. Адвокатот мора веднаш да го пријави ова во осигурителна компанија. Случајот потоа ќе биде следен од оваа компанија, која во случај на докажано недолично однесување, ќе понуди компензатерно порамнување на детето и неговите родители. Во случај да ја одбијат оваа спогодба, давателот на осигурувањето ќе го брани адвокатот во случај на парница. Овде вистинскиот износ на надоместокот би се определил со судската практика во примената на концептот на губење можност, кој се состои од испитување на реално настаната загуба, или ако не може прецизно да се утврди, веројатноста на успехот на легалната акција.

5.4 Детето како жртва или престапник

5.4.1 Обезбедување на информации

Детето како жртва

Во случај детето да е жртва како граѓанска страна, започнувањето на постапката во голема мера зависи од одлуката на Јавниот обвинител. Без разлика која е одлуката на Јавниот обвуинетел тој мора да ги информира адвокатот или родителите на детето.[205]

После судењето, судовите ги советуваат страните за нивните одлуки. Може да да се жали и Јавниот обвинител против било која одлука на судот. Детето како жртва

[204] Criminal Procedure Code, Article. 82-1.
[205] Criminal Procedure Code, Article 40-2 et q.

може да се жали против било која одлука на судот, вклучувајќи ја и одлуката за притвор[206], но тој може да се жали само на оние аспекти кои се однесуваат на него како граѓанска странка[207]. Дури кога жртвата не поднела жалба е информирана за датумите на било која жалба.[208]

Детето како осомничен/престапник

Во текот на обвинението, детето кое е осомничено неговите родители или адвокат се вклучени при преземањето на сите мерки. После судењето, судовите ги советуваат страните за нивните одлуки. По пресудата и за мерките преземени во текот на обвинението детето сторител и неговите родители можат да користат два правни лека кои се исти и за возрасни:

■ Опозиција

Оваа мерка е достапна само во случај на пресуда по дифолт, кога детето не било придружувано во текот на сослушувањето. Откако пресудата ќе биде изречена детето има 10 дена да ја обжали[209]. Жалбата се доставува до Јавниот обвинител кој навремено организира опозициска расправа и одлучува дали ќе се одржи ново судење во истиот суд. Јавниот обвинител ја известува жртвата за опозицијата[210].

Ако детето не е присутно на сослушувањето на опозицијата, тогаш првата пресуда е валидна. Ако детето не е застапено на опозицијата ќе нема да може адекватно да се спротивстави на втората пресуда.

■ Жалба

Откако пресудата ке биде изречена и детето ќе биде информирано, тоа има рок од 10 дена да ја обжали пресудата. Детето е информирано за ова негово право, а исто така и неговите родители и адвокат[211]. Жалбата може да се однесува на целата пресуда, или пак на дел од неа. Надлежен суд за жалби е Апелациониот суд со специјалниот совет за деца во Апелациониот суд.

---

[206] Criminal Procedure Code, Article 186.
[207] e.g. Criminal Procedure Code, Article 380-1.
[208] e.g. Criminal Procedure Code, Article 380-2.
[209] Criminal Procedure Code, Article 491.
[210] Criminal Procedure Code, Article 490.
[211] 1945 Ordinance, Article 8-2.

5.4.2 Санкции

Голем број на мерки можат да бидат наредени од Судот за малолетници или пак од истражниот судија во текот на истрагата или пак при изречувањето на пресудата.

Едукативни мерки (mesures éducatives durant l'instruction) кои може да се изречат во текот на истрагата од Судот за малолетници или пак од истражниот судија за деца од 10 до 18 години се:

■ Мерки за поставување (mesures de placement);

Детето може да биде ставено на привремена нега (placement provisoire). Иако оваа мерка се смета за криминална по природа[212], сепак е иста како мерката за заштита од штета на децата жртви. Може исто така датето да биде предмет на условна казна пред судење (liberté surveillée préjudicielle)[213]

■ Медијација (mediation-réparation);

■ Активности во текот на денот (activité de jour).

Судот за малолетници или пак истражниот судија може да ги преземат следните превентивни мерки (mesures d'ordre public) во текот на истрагата за деца од 13 до 18 години:

■ Привремен притвор (détention provisoire);

■ Социјално-едукативна судска контрола (contrôle judiciaire socio-éducatif)[214].

Оваа мерка има за цел да го ограничи бројот на привремени притвори на детето и со неа се осигурува бројот на обврски и забрани кои мора да ги направи и почитува детето, како што е: одење на лекарски преглед или третман, забрана за посета и интеракција со одредени луѓе или пак локации и слично.

Воспитни мерки изречени од Судот за малолетници како казна за малолетници од 10 до 18 години може да бидат[215]:

■ Вина (admonestation or avertissement solennel);

[212] 1945 Ordinance, Article 10.
[213] 1945 Ordinance, Article 28.
[214] 1945 Ordinance, Article 10-2.
[215] 1945 Ordinance, Article 8.

Судијата го смета детето за виновно, но нема да постапува понатаму. Ова дело останува забележано во криминалното досие на детето.

■ Да го даде детето назад на неговото семејство;

Ова вообичаено значи дека завршува мерката за привремено сместување во дом или пак завршување на притворот.

■ Медијација (médiation-réparation);

Оваа мерка е слична на мерките за посредување и за репарација, што може да бидат предложени пред обвинение. Оваа мерка може да биде изречена во било кое време од постапката, под услов детето и неговите родители да се согласуваат со тоа. Кога ќе се изрече медијацијата по обвинението, обвиненијата ќе бидат поништени, но сепак не се поништуваат правата на жртвата да бара оштета преку граѓански суд. Ако детето не ја извршува својата обврска од медијацијата, тоа сепак можеби нема да води до санкција.

■ Дневни активности (activité de jour);

Ова се состои од приклучување и интеграција или реинтеграција на детето во активности со професионалец или во школо со помош на институција за јавна служба, или со помош на здружение што работи како јавна служба или пак со младинска судска служба за заштита. Оваа мерка не може да трае над 12 месеци. Според природата на мерката дневни активности мора да се земаат во предвид прекршокот кој е направен, возраста и личноста на детето, како и неговите обврски во училиштето.

За деца од 16 до 18 години, дневната активност може да се состои од општествено-корисна работа (Travaux d'Intérêt Général)[216], подложувајќи ги да извршуваат обврски како промовирање на обука, или пак социјална инклузија. Оваа мерка вообичаено се презема кога детето покажува разбирање за неговите акции и подготвеност за промена, дозволувајќи му на судот да го санкционира, без да му изрече санкција во вид на затвор. Дневните активности не можат да надминат 35 часа во текот на една недела.

■ Мерки за сместување (mesures de placement);

Може да се превземат различни мерки за сместување, како на пример: обврската да учи и да биде сместено во интернат (exécution de travaux scolaires et placement en

[216] 1945 Ordinance, Article 20-5.

internat), каде детето мора да биде училиштен практикант во рок од една година и може да му биде дозволено да патува назад во домот на неговите родители за време на викендите или на празниците, или пак да биде сместено во институција (placement en institution) наменета за образовни, стручни или пак медицински намени и тоа за пократок или за подолг период.

Детето може исто така да биде ставено на условна казна (mesure de liberté surveillée)[217], оваа мерка може да ја надополни изречената воспитна санкција или пак изречената казна. Може да биде наведена во обвинението (liberté surveillée préjudicielle), или пак на крајот од постапката. Оваа мерка е лимитирана во траењето и престанува да важи откако детето ќе наполни 18 години. Во пракса, оваа мерка се имплементира на различни начини, затоа што нејзината главна задача е да се адаптира на методите на следење на ситуацијата на детето. На пример, може да го следи детето и неговото семејство преку редовна посета од воспитувач, но исто така може да вклучи поставување на детето во затворен образовен центар (Centre d'Education Fermé). Во последниот пример, службата за судска заштита на младите, мора ова да му го предложи да судијата.

За крај, детето може да биде ставено под судска заштита (mise sous protection judiciaire). Како и условната казна, оваа мерка му дава на судијата флексибилна легална рамка, дозволувајќи му да ги индивидуализира образовните мерки, додека може да преземе соодветни мерки во согласност со еволуацијата на детето. Како таква оваа мерка може да се направи како образовна помош во отворена средина или како привремена нега.

Овие мерки судијата може да ги менува според сопствена волја.[218]

Судот за малолетници може да користи едукативни санкции како казна за деца од 10 до 18 години. Оваа неодамнешна модификација на уредбата од 1945 г. воведува хибридни мерки со построги барања, отколку едноставни образовни мерки. Едукативните мерки се следните:

■ обезбедување на државата со предметот со кој е извршен прекршокот, или кој е производ на прекршокот;

[217] 1945 Ordinance, Article 28.
[218] 1945 Ordinance, Article 29

■ забрана да го посетува местото или местата каде е извршен прекршокот за период не подолг од една години;

■ забрана да се среќава или комуницира на било кој начин со жртвата за период не подолг од една година;

■ забрана да се среќава или комуницира со соучесникот на било кој начин за период не подолг од една година;

■ мерка за репарација[219];

■ курс за државјанство, за период кој можеби нема да биде подолг од еден месец;

■ мерки за сместување во институција за период од 3 месеци, што може да се обнови еднаш за период од еден месец максимум кога детето е од 10 до 13 години, или пак задолжително да учи и престојува во интернат;

■ вина.

5.4.3 Лишување од слобода

Во краен случај, Судот за малолетници може да нареди затворска казна. Деца под 13 години не може да бидат затворени. Деца над 13 години можат да бидат предмет на затворски казни кога тоа го бара случајот и нивната личност. Сепак, деца под 16 години може да имаат корист од законското ублажување и можат да бидат осудени само половина од законските затворски и парични казни[220]. Со тоа вкупната затворска и парична казна не може да надминува 20 години и 7500 евра.

Децата над 16 години може да немаат бенефит од истите законски мерки во следните случаи:

1. Кога тоа го налага околностите на случајот и личноста на детето.

2. Кога е извршено намерно кривично дело напад на животот, физичкиот или менталниот интергритет, а извршителот е рецидивист.

3. Кога се работи за физички или полов напад, или прекршок извршен со насиство, а извршителот е рецидивист.

[219] 1945 Ordinance, Article 12-1.
[220] 1945 Ordinance, Article 20-2.

Под одредени околности Судот за малолетници мора да објасни зошто го осудило детето на целосна казна и покрај правилото за ублажување. Од друга страна, исто така ако делото е извршено под одредени околности, Судот за малолетници мора да ги објасни причините зошто се одлучил да ги примени правилата за ублажување.[221]

Задолжителна казна

Франција воспостави систем на задолжителни казни, со кои е осигурано дека рецидивистите ке бидат казнети со одредени години во затвор. Во Франција задолжителна казна за прекршок е:

- 1 година затвор за прекршок за кој е предвидена казна од 3 години затвор.
- 2 година затвор за прекршок за кој е предвидена казна од 5 години затвор.
- 3 година затвор за прекршок за кој е предвидена казна од 7 години затвор.
- 4 година затвор за прекршок за кој е предвидена казна од 10 години затвор.

За кривични дела задолжителна казна е:

- 5 години ако максималната казна е 15 години.
- 7 години ако максималната казна е 20 години.
- 10 години ако максималната казна е 30 години.
- 15 години ако максималната казна е доживотен затвор.

Места на детски притвор

Како и кај привремениот притвор, ќе се бара дете на возраст од 13 до 18 години да бидат задржани или во посебни простории наменети за деца на краткотраен домашен притвор, или во детски затвор. Деца помеѓу 13 и 16 години може да бидат притворени само во места во кои ќе бидат целосно изолирани од возрасните затвореници и специјални едукатори ќе бидат присутни.[222]

[221] 1945 Ordinance, Article 20-2.
[222] 1945 Ordinance, Article 11

5.4.4 Кривична евиденција

Националната кривична евиденција

Кривичната евиденција за деца ги вклучува сите казни кои се пресудени од Кривичниот суд против него и го следи тоа во текот на неговиот живот.

Постојат 3 дела во француската кривична евиденција и тоа, дел 3 и дел 2 кој не вклучуваат постапки, пресуди или казни од било кој суд против дете без разлика на природата или висината на изречената казна. Спротивно на тоа, дел број 1 од казненото досие, кое е достапно само за судските органи, ги содржи целокупните воспитни мерки и казни изречени против дете, со исклучок на санкциите што ги има судот изречно исклучени од евиденцијата и правните лекови за посредување.[223]

Едукативните мерки и санкции ќе бидат отстранети од кривичното досие после 3 години од пресудата, под услов да нема извршено кривично дело или прекршок во меѓувреме.

Други релевантни евиденции

Освен кривичното досие постојат многу други досиеја како што се:

■ Системот за обработка на прекршоци.[224] Овој систем содржи информации кои се однесуваат за децата- прекршители за кривични дела за кој има одредено казна затвор од минимум 5 години, 10 години за посериозни кривични дела (на пример, грабеж, насилство, продавање дрога) и 20 години за најсериозните кривични дела (на пример, грабеж со насилство на ранливи лица, сексуално насилство и силување). Системот содржи информации и за жртвата, во овој случај се чуваат и до 15 години, освен ако жртвата побара да се избришат, или пак ако осудата на сторителот е конечна и не е предмет на жалба.[225]

■ Национална автоматизирана ДНК датотека[226]. Првично само за сексуални кривични дела, потоа беше проширено и за други кривични дела, без разлика дали осомничените се осудени или не. Се однесува за осуди за кривични дела при кои е причинета телесна повреда[227], како и лица осомничени за кривични дела и прекршок, предизвикување

[223] 1945 Ordinance, Article 12-1.
[224] Created by Decree n°2001-583 of 5 July 2001 (OJ July 6, 2001).
[225] Decree of 5 July 2001 and Justice Circular of 6 July 2001.
[226] Criminal Procedure Code, Article 706-54 CPP
[227] Law of 15 November 2001 on daily safety

штета на лица и имот (кражба, уништување, напад и слично) и трговија (дрога, проституција и слично)[228]. Детето е регистрирано во датетеката како возрасен и не може да бара бришење од оваа датотека. Јавниот обвинител наредува да се земаат ДНК примероци за регистрација.

■ Судска автоматизирана датотека за лица кои извршиле сексуални или насилни престапи. Овде може да се регистрираат сексуални и насилни престапници. Регистрацијата е задолжителна кога делото е казниво со најмалку 5 години затвор. Не е задолжително ако делото е казниво со помалку од 5 години затвор и тоа влегува во евиденција само по наредба на судот или Јавниот обвинител. Детето не може да се избрише од датотеката без разлика дали во рочиштето или пак по подоцнежно барање. Регистрацијата трае од 20 до 30 години за кривични дела.

6. Малолетничко кривично право во Германија

6.1.1 Пријавување кривично дело

Во Германија нема специфични одредби, кога се работи за пријавување на кривично дело од страна на дете. Секое лице, вклучувајќи го и детето како жртва, неговите или нејзините родители или старатели, роднини, другари, соседи или сведоци, можат да пријават кривично дело и тоа е нивно лично право, без претставник и тоа на било која полициска станица, полициски службеник, на јавното обвинителство или пак на било кој локален суд. Што се однесува до полициските службеници нема задолжително однесување за нив, кога се соочуваат со пријавување на кривично дело од страна на деца. Како и да е, предвидено е тие да се однесуваат пријателски со овие деца и за таа цел има и вакви пријателски соби каде и се зима изјави на децата, а исто така некој служби што се грижат за правата на жртвите, постојано се осигуруваат дека со децата жртви се постапува пријателски.[229]

Кривичното дело може да се пријави анонимно, под псевдоним, на писмен начин или пак усно. Усното пријавување мора да биде забележано и писмено.[230]

---

[228] Law of 18 March 2003 on internal security.
[229] На пример: Сервис за заштита на жртвите во полициската станица во Северна Рајна-Вестфалија http://www.polizei.nrw.de/rhein-kreis-neuss/artikel__3043.html.
[230] Section 158(1) of the German Code of Criminal Procedure.

Кога еднаш ќе се пријави кривичното дело, веќе не може да се повлече пријавата. Органите на прогонот, мораат да ги истражат фактите за секое осомничено дело со кое се крши законот, веднаш откако ќе дознаат за тоа.[231]

Во Германија нема лимитирано времетраење за пријавување и истражување на кривично дело. Сепак, после одредено време, за кое има влијание и тежината на кривичното дело, повеќето кривични дела, нема да можат да бидат казниви повеќе. Во овој контекст што се однесува до сексуалното искористување на дете, овој период на течење на лимитот се суспендира се до наполнување на 18 години на детето, тоа значи дека не може да се пријавуваат и да се гони за вакви случаеви, се до наполнување на 18 години на детето.[232]

Организации кои се задолжени за поддршка на сведоци како Der Weiße Ring, услуги за деца и млади (Kinder und Jugendhilfe), и итни услуги за млади (Jungendnotdienst) ги подржуваат децата да пријавуваат кривични дела и се осигуруваат дека нивните специјални потреби, години, зрелост и можност за разбирање на работите се земени во обзир од страна на овластените лица.

Секој кој ќе пријави кривично дело ќе добие број за случајот. Кога децата ќе пријават кривично дело, нивните родители или пак старатели ќе добијат референтен број во нивно име. Жртвата може да следи какви чекори прави полицијата и да добива понатамошни информации користејќи го тој број. Во подоцнежната фаза, тој или таа можат исто така да бараат од полицијата или пак од јавното обвинителство, број на датотека, кој ќе биде различен од бројот даден од полицијата. Се преферира да се цитираат и референтниот број и бројот на дототеката, кога се контактираат овластените лица.[233]

6.1.2 Обезбедување информации

[231] Section 160 of the German Code of Criminal Procedure.
[232] Section 78b(1) of the German Criminal Code.

[233] European Commission's E-justice portal.

Децата кој се жртви на кривично дело мораат да бидат информирани за нивните права, колку може побрзо, од овластените лица со кои дошле во првичен контакт и тоа во писмена форма и тоа колку може побрзо на јазикот кој го разбираат[234]. Нема дополнителни одредби како да и се соопшти ова на децата на пријателски начин. Децата секогаш мораат да бидат во придружба на родител или пак старател.

Како и сите други жртви, така и децата жртви треба да бидат информирани за:

■ за нивните права да се придружат на јавното обвинителство како приватни помошни обвинители (Nebenklage), што и дава на децата жртви одредени дополнители криминалистички можности да имаат влијание на главниот процес (да ги предизвикува судиите или експертите, да го вежба правото да поставува прашања или правото да бара да ги види доказите, или правото да дава изјави). Приватните помошни обвинители може да бараат да имаат правен советник, кој ќе биде назначен за нив, или пак да бидат наградени со легална правна помош, за да можат да бидат советувани.[235]

■ за правото на барање за штета на имотот што произлегува од кривичното дело, во кривичната постапка.[236]

■ за можноста да имаат барање за компензација против туженият во текот на кривичната постапка во согласност со актот за компеназација на жртвите на криминал (Opferent-schadigungsgesetz).[237]

■ за можноста да бараат издавање на наредби против обвинетиот во согласност со актот за граѓанска правна заштита против насилни акти и демнење (Gewaltschutzgesetz).[238]

■ за правото да добиваат поддршка и помош преку институциите за поддршка на жртвите, во форма на совети и психолошка поддршка во текот на постапката.[239]

■ за правото да бидат придружувани на интевјуата од лице од доверба, но само доколку нивното присуство не влијае негативно врз текот на постапката.[240]

---

[234] Section 406f of the German Code of Criminal Procedure.
[235] Section 406h(1) n. 1 of the German Code of Criminal Procedure.
[236] Section 406h(1) n. 2 of the German Code of Criminal Procedure.
[237] Section 406h(1) n. 3 of the German Code of Criminal Procedure.
[238] Section 406h(1) n. 4 of the German Code of Criminal Procedure.
[239] Section 406h(1) n. 5 of the German Code of Criminal Procedure.
[240] Section 406f (2) of the German Code of Criminal Procedure.

■ за правото на правен советник во текот на испитувањето и тоа уште од првата изјава[241]. Адвокатот може да ги прегледа датотеките, што се достапни на судот, ако тој или таа покажат легитимен интерес за ова.[242]

■ за правото на легална правна помош во одредени ситуации.[243]

■ за правото на адвокатот да ги прегледа датотеките.[244]

■ за правото да бараат информации, без разлика дали на осуденото лице му е наредено да се воздржи од контакт со жртвата или пак да се здружи со жртвата.[245]

■ за правото да бараат информации, без разлика дали мерките за притвор се наредени или пак се завршени за обвинетиот или осудениот, или без разлика дали за првпат се одобрени олеснување на условите за притвор или пак отсуство.[246]

■ за можноста да добијат помош и поддршка од организации за поддршка на жртвите.[247]

■ за правото на оспорување на одлуката и рокот предвиден за ова.[248]

■ за правото да биде известена за завршувањето на постапката и за одлуката на судот за случајот, што е од важност за жртвата.[249]

Секое дете жртва или пак сведок на кривично дело (исто како и возрасните) ќе биде информирано за:

■ правото да одбие да сведочи против блиски роднини, со цел заштита на фамилијата.[250]

■ правото да биде рефундирано за патни трошкови, направени трошкови, губење на време, тешкотии во домаќинството или губење на приход (до одредени граници).[251]

---

[241] Section 406f of the German Code of Criminal Procedure.
[242] Section 406e of the German Code of Criminal Procedure.
[243] Section 406f (4) of the German Code of Criminal Procedure.
[244] Section 406e of the German Code of Criminal Procedure.
[245] Section 406d(1) n. 1 of the German Code of Criminal Procedure.
[246] Section 406d(1) n. 2 of the German Code of Criminal Procedure.
[247] Section 406d(1) n. 5 of the German Code of Criminal Procedure.
[248] Section 171 2nd sentence of the German Code of Criminal Procedure.
[249] Section 406d of the German Code of Criminal Procedure.
[250] European Commission's E-justice portal.
[251] Section 52(1) of the German Code of Criminal Procedure.

■ правото да биде известено зошто јавното обвинителство одлучило да не продолжи со обвинението.[252]

Во поканата за сведоци треба да се наведат процедуралните средства што му служат на интересот на сведокот, формите на помош кои се достапни за сведокот, како и правните последици на кои ќе подлежи сведокот доколку не се појави.[253]

Организациите за поддршка на жртвите како што се Der Weiße Ring, услуги за деца и млади (Kinder und Jugendhilfe), и итни услуги за млади (Jungendnotdienst), ги подржуваат и дружат децата кога првпат доаѓаат во контакт со полицијата, со јавното обвинителство или пак со судот и се осигуруваат дека нивните специјални потреби, години, зрелост или можност за разбирање се земени во обзир од надлежните лица.

6.1.3 Заштита од штета и заштита на приватниот и семејниот живот

Има неколку одредби во Германија кои го заштитуваат детето жртва и сведок од повреда и неговиот приватен и семеен живот. На пример, сослушувањето на детето жртва и сведок може да биде снимано со помош на аудио- снимка.[254]

Многу полициски департмани овозможуваат за децата пријателски соби за сослушување и служби за заштита на жртвите осигурувајќи се дека детето е сослушувано на пријателски начин.[255]

Единствено судијата го испрашува детео, за да се одбегне тоа да биде испрашувано од повеќе луѓе[256]. Судијата се очекува да биде обучен за сослушување на дете. Сепак, ова не е законски уредено.

Во постапките кои се однесуваат на одредени сериозни кривични дела, претежно од сексуална или животно загрижувачка природа, испрашувањето на детето може да биде заменето со прикажување на аудио- визуелно снимање од претходното интервју на детето[257]. Ова е единствено дозволиво ако обвинетиот и неговиот адвокат

[252] Section 171 1st sentence of the German Code of Criminal Procedure.
[253] Section 48(2) of the German Code of Criminal Procedure.
[254] Section 220(2) of the German code of Criminal Procedure.
[255] На пример: Сервис за заштита на жртвите во полициската станица во Северна Рајна-Вестфалија http://www.polizei.nrw.de/rhein-kreis-neuss/artikel__3043.html.
[256] Section 241a German code of Criminal Procedure.
[257] Section 255a(2) of the German code of Criminal Procedure.

имале можност да учествуваат на такво испрашување и со тоа им е овозможено да ја оспорат оваа изјава.

Ако постои ризик да не се почитува најдобриот интерес за детето, а тоа е детето да биде испитувано во присуство на други лица, како на пример во присуство на престапникот и ако ризикот не може да се отстрани на некој друг начин, тоа ќе биде испитувано во отсуство на овие лица, со снимање на испитувањето и потоа трансмисија на сниманото.[258]

Судот може да му нареди на престапникот да ја напушти собата за судење во текот на испрашувањето на детето, ако присуството на обвинетиот претставува ризик за најдобриот интерес на детето[259]. Јавноста треба да ја земе во предвид ранливоста и правото на приватност на детето инволвирано во кривичната постапка.[260]

За да се одбегне злоупотреба на правото на приватност на детето од страна на медиумите, судот може да нареди на јавноста, вклучувајќи ги и медуимите да ја напуштат салата за судење.[261]

Детето- жртва или сведок кое сведочење е многу важно и чие тело, здравје, слобода или пак важни материјални добра се загрозени, може да остане целосно анонимно, или пак може да учествува во програмата за заштита на сведоците. Оваа програма вклучува и привремено нов идентитет.[262]

Во случај на насилство, наредбата за заштита може да се даде по барање на жртвата, со наредба за обвинетиот да не си оди дома и со давање на забрана да и се приближи на жртвата[263]. Во интерес на заштита на децата, лицата кое има старателство, генерално родителите, може да и се земе целосно или делумно ова право. Истото се однесува и на нивните права за приближување (вклучувајќи го и контактот). Полицијата може исто така може да го испрати обвинетиот надвор од дома и да го уапси, користејќи налог од суд.[264]

---

[258] Section 168e and 147a of the German code of Criminal Procedure.
[259] Section 247 2and sentence of the German code of Criminal Procedure.
[260] N. 4.2. and 13.3 of the Guidelines for publications.
[261] Section 172 n. 4 of the Courts Constitution Act.
[262] Section 1 of the Art to Harmonise Protection for Witnesses (Zeugenshutzharmonisierungsgesetz).
[263] Section 1 of the Protection Against Violence Act (Gewaltschutzgesetz).
[264] European Commission's E-justice portal.

За да се минимизира стресот на детето жртва, повтореното испрашување на децата жртва, пред да започне главната постапка, треба да се избегне.[265] Понатаму, детето мора да биде испрашувано пред другите жртви и да му биде овозможена соодветна грижа во собата за чекање[266]. Во случај на кривични дела во кои имало сексуално насилство, испрашувањето на детето мора да биде во присуство на експерт психолог за деца[267]. Ако личноста која е обвинета за сексуалното кривично дело живее во иста куќа со жртвата, младите полициски офицери мора да бидат запознаени со тоа, со цел детето да го отстранат од тоа живеалиште[268].

Случаи во кои има деца жртви сослушувањето може да биде одржано во регионалниот суд, а не во локалниот суд, на овој начин детето жртва е ослободено од товарот да оди на две судења[269]. Дополнително, некои судови имаат воведено јурисдикција за одредени материи, Младите судови имаат јурисдикција за случаи во кои се инволвирани деца.[270]

За заштитата на децата, Јавниот обвинител треба да наметне обврски пред Судот за малолетници, ако детето жртва треба да се појави како сведок во постапката, или ако сослушувањето пред Судот за малолетници е одложено поради некои причини.[271]

Дополнително, Германскиот законик за кривична постапка, содржи дополнителни одредби за заштита на сведоците, (без разлика дали се малолетници или возрасни). На пример, детето има право да наведе друга адреса на живеење од неговата вистинска на документите кои се даваат на страните, ако тоа се плаши оправдано дека со давањето на неговата адреса тоа или член на неговото семејство ќе биде во опасност. Ако детето оправдано се плаши дека тоа или член на неговото семесјтво ќе биде во опасност, тоа има право да бара неговиот идентитет да биде скриен. Документите со неговиот вистински идентитет и вистинска адреса треба да бидат чувани од страна на

[265] Pursuant to RiStBV n. 19(1) (The Guidelines for the public prosecutor Office (Richtlinienfur das Strafverfahren und das Bubgeldverfahren – RiStBV).
[266] Pursuant to RiStBV n. 135(3).
[267] Pursuant to RiStBV n. 222(1).
[268] Pursuant to RiStBV n. 221(2).
[269] Section 24(1) n. 3 of the Courts Constructions Act.
[270] Section 26(1) of the Courts Constructions Act.
[271] Section 26(2) of the Courts Constructions Act.

Јавниот обвинител. Тие може да бидат вклучени во официјалните фајлови само откако опасноста за детето ќе помине.[272]

Што се однесува до заштита за семејството, секој сведок има право да одбие да сведочи против блиски роднини за да го заштити своето семејство[273]. Ако детето се уште нема интелектуално зрелост да го сфати значењето да одбие да сведочи, тоа може да сведочи само ако тоа го сака и ако даде одобрение неговиот правен застапник. Ако правниот застапник на детето е осомничен, тој нема можеби да има право да даде одобрение дали детето треба да сведочи.[274]

6.1.4 Заштита од секундарна виктимизација и обезбедување на пријателска средина за деца

Германската легислатива има неколку одредби со кој се осигурува постапката во која е инволвирано дете, да започне што е можно побрзо, со цел да се заштити најдобриот интерес на детето.[275]

За децата жртви и сведоци не се предвидени претходни одлуки, или пак специјални процедури, како и да е во случаи каде дете ќе биде директно повредено или пак инволвирано, во случаи каде правната рамка за заштита или едукација на детето ќе биде повредена, може да се суди од страна на Судот за малолетници, без оглед на возраста на престапникот.[276]

Судиите во Судот за малолетници и Јавниот обвинител кој води случаи во кои се инволвирани деца над 14 години, според правото од нив се бара да имаат соодветно образование и обука, како и искуство во едукација на деца.[277]

За да се минимизира стресот на детето жртва, полицијата е охрабрена да го заштити најдобриот интерес на детето, адаптирајќи се на потребите на детето и на потребата растојанието и должината на постапката да се ограничи на минимум. Некои судови обезбедуваат играчки за децата во собата за чекање и обезбедуваат различни

[272] Section 68 of the German Code of Criminal Procedure.
[273] Section 52(1) of the German Code of Criminal Procedure.
[274] Section 52(2) of the German Code of Criminal Procedure.
[275] E.g RiStBV n. 221(1).
[276] Section 26(1) of the Courts Constructions Act.
[277] Section 37 of the Youth Courts Law.

влезови во судот за обвинетиот и сведокот. Како и да е, сите овие мерки не се базирани на никакво правно обврзување. Нивната имплементација варира.

Кога децата жртви се испрашувани тие може да бидат придружувани, по претходно барање, од личност на која им веруваат, освен во случаите кога ова би имало влијание на истрагата[278]. Ова лице може да биде родител, правен застапник, или пак социјален работник од канцеларииите за млади.

Судијата може да постави и психолог да му даде поддршка на детето и да му овозможи подобро да ја разбере работата на судот и улогата на официјалните лица кои се инволвирани. Како и да е ова зависи од самиот судија.

За да се избегнат повеќе судења, жртвата може да има барање за имотна штета, против обвинетото лице, надвор од кривичниот прекршок во кривичната постапка, ако барањето паднало пред обичните судови и се уште не е поднесено пред друг суд.[279]

6.1.5 Право да се биде сослушан и да се учествува во кривичната постапка

Само обвинетиот и неговата одбрана имаат право да бидат сослушани во кривичната постапка. Децата -жртви и сведоци немаат право да бидат сослушани, туку само имаат задолжение да сведочат ако тоа ќе помогне да се реши случајот.

Не постои возрасна граница за да се сведочи. Вредноста и тежината на сведочењето зависи од зрелоста и кредибилитетот на сведокот. Судијата е охрабрен да ги земе во предвид, специјалните потреби, возраст и ниво на разбирање на детето и да го користи јазикот кој детето го разбира. Сепак, нема правна обврска за ова.

Договор со правен застапник, или пак негово активно учество, не е предуслов за се продолжи со постапката.

Институциите нормално ќе се осигураат дека сведочењето е преведено, ако сведокот сведочил на јазик различен од германскиот. Како и да е, сведоците немаат право на бесплатен преведувач.[280]

---

[278] Section 406f (2) of the German Code of Criminal Procedure.
[279] Section 402 of the German Code of Criminal Procedure.
[280] European Commission's E-justice portal.

Со цел да се овозможи децата жртви или сведоци да имаат целосен пристап до правда, тие може да имаат поддршка од социјален работник, или пак од друго лице од доверба.[281]

Резимирано, децата може да учествуваат во постапката лично само кога пријавуваат кривично дело и кога сведочат, ако имаат интелектуална зрелост да го разберат нивното право да одбијат да сведочат[282]. Инаку, тие имаат право да земаат акции само преку нивните родители, или пак преку правниот застапник.

6.1.6 Право на правен советник, правна помош и застапување

Детето не може да го избере својот правен советник и претставник во свое име. Кога родителите се обвинети, или пак кога интересот на детето се судира со интересот на родителите, советникот ќе биде поставен од младите во канцеларијата за млади, да ги застапува погледите и интересите на детето.

Детето може да има помош од судијата, од моментот на првото сослушување. Понатаму, лице на кое му верува детето може да биде присутно на сослушувањето, освен во случај ова да не и штети на постапката[283]. Адвокатот има право да ги разгледа фајловите кои му се достапни на судот, ако покаже легитимен интерес затоа.[284]

Покрај правната помош за детето жртва, тоа има право и на правен советник, во текот на испрашувањето под одредени околности. Детето кое нема правен советник, а кое има потреба од заштита може да биде придружувано од правен советник на трошок на државата за време на испитувањето.[285]

6.1.7 Правни лекови или надомест за повреда права и непостапување

Нема правни лекови или пак права за компензација специјално за деца.

[281] Section 406f (2) of the German Code of Criminal Procedure.
[282] Section 52 (2) of the German Code of Criminal Procedure.
[283] Section 406f of the German Code of Criminal Procedure.
[284] Section 406e of the German Code of Criminal Procedure.
[285] Section 68b of the German Code of Criminal Procedure.

Кога Јавниот обвинител ќе одлучи да не гони за одредено кривично дело затоа што нема јавен интерес затоа, за одредени кривични дела правниот застапник на детето може да поведе приватно обвинение, наместо јавно.[286]

Понатаму, детето жртва може да се придружи на постапката како приватен дополнителен обвинител, преку неговиот правен застапник. Ова може да се случи ако детето било жртва на неколку прекршоци како сексуални кривични дела, обид за убиство, напуштање, напад врз телото, продажба на луѓе. Жртвите како приватни дополнителни обвинители имаат право да имаат влијание врз постапката, како правото да поставуваат прашања или пак да бараат некои докази да бидат земени во предвид, или да даваат изјави[287]. Приватниот дополнителен обвинител има право да бара да му биде поставен советник, или да бара правна помош за да земе советник[288]. Таквиот советник може да биде поставен привремено, ако се поставува поради посебни причини и ако оваа помош од советник е ургентно побарана и оваа правна помош е возможна, но одлуката не може да биде донесена на време[289]. За одредени прекршоци како сексуално насилство, правен советник ке биде поставен после апликација на приватниот дополнител обвинител, ако е под 18 години или не е во можност да ги заштити своите права. Ако не е запазено времето во кое треба да биде побарана правната помош од судијата таа ке биде одбиена.[290]

Детето приватен дополнителен обвинител може да ја обжали пресудата. Ова сепак не може да има влијание врз одлуката пресудена против обвинетиот, или пак за пресудата против обвинетиот за различно кривично дело. За некој прекршоци, дополнителниот приватен обвинител, има право веднаш да се жали против наредбата одбивајќи да се отвори главната постапка или пак да се затвори постапката.[291]

Дополнително, приватниот дополнител обвинител може да ги обжали мерките независно од канцеларијата на Јавниот обвинител.[292]

Во име на детето жртва, правниот застапник на детето може да побара надомест на штета врз имотот од обвинетиот, со цел да дојде до компензација надвор од

[286] Section 374 of the German Code of Criminal Procedure.
[287] Section 395 of the German Code of Criminal Procedure.
[288] Section 406h (1) of the German Code of Criminal Procedure.
[289] Section 406g (4) of the German Code of Criminal Procedure.
[290] Section 397a of the German Code of Criminal Procedure.
[291] Section 400 of the German Code of Criminal Procedure.
[292] Section 401 of the German Code of Criminal Procedure.

кривичниот прекршок[293]. Ова барање мора да биде со прикажување на оштетениот предмет и мора да бидат прикажани сите достапни докази. Вакво барање има ист ефект како и поведување на граѓанска парница. Апликантот и обвинетиот, после апликацијата, треба да имаат правна помош под исти одредби како и во граѓанската парница, веднаш откако обвинението ќе биде поднесено.[294]

После апликацијата од детето- жртва, застапувано од неговиот правен советник и од обвинетиот, судот може да вклучи во судската евиденција, спогодба во согласност со обвинувањата надвор од кривичниот прекршок[295]. Судот ќе одлучи после апликацијата во пресудата во која обвинетиот е прогласен за виновен за кривичниот прекршок[296]. Жртвата може веднаш да подигне жалба, ако не е задоволна од пресудата на Судот.[297]

Одредбите од Законот за кривична постапка кои се однесуваат на компензација на жртвите, не се однесуваат на постапките против деца.[298]

Дополнително, жртвата може да има барање за компензација против обвинетиот во текот на кривичната постапка во согласност со актот за компензација на жртвите на кривично дело.[299]

6.2 Детето како сведок

Генерално треба да се забележи дека жртвата на кривично дело исто така е и сведок на делото. Затоа, детето како жртва ги ужива истите права како и сведокот. Како и да е, жртвите уживаат поголема заштита на нивните права од сведоците кој не се жртви.

Кога се пријавува кривично дело, важат истите правила и за децата- жртви и за децата сведоци.

[293] Section 403 of the German Code of Criminal Procedure.
[294] Section 404 of the German Code of Criminal Procedure.
[295] Section 405 of the German Code of Criminal Procedure.
[296] Section 406 of the German Code of Criminal Procedure.
[297] Section 406a of the German Code of Criminal Procedure.
[298] Section 81 of the Youth Courts Law.
[299] Section 406h(1) n. 3 of the German Code of Criminal Procedure.

Сведокот има право на правен советник во текот на испрашувањето. Сведокот кој нема правен советник, а има потреба за заштита може да биде придружуван од правен советник на државен трошок за време на испрашувањето[300]. Сведокот кој е исто така и жртва може да има повеќе права кои може да се бараат преку адвокатот, како на пример да бара информации без разлика дали осомничениот е притворен, правото да ги испита фајловите под одредени околности или пак да задржи информации од нив.

Детето жртва може да биде компензирано за неговите трошоци[301]. Инаку, нема правни лекови или пак права за компензација специфични за деца сведоци кои не се и жртви на кривичното дело.

6.3 Детето како осомничен или обвинет

6.3.1 Возраст за кривична одговорност

Германското право за судови за млади (Jugendgerichtsgeset), се применува кога малолетник или помлад полнолетник ке направат прекршок кој е казнив според германското кривично право. Под малолетник овде се смета секој кој има наполнето 14 години, а нема наполнето 18 години во времето кога го сторил прекршокот, а под помлад полнолетник се смета секое лице кое има наполнето 18 години, а нема наполнето 21 година, во времето кога го сторил прекршокот[302]. Децата кој немаат наполнето 14 години не се сметаат за одговорни за извршување на криминални прекршоци[303]. Како и да е, дете кое наполнило 7 години, може да биде одговорно за сторена штета на друго лице, според граѓанското право.[304]

Дете кое наполнило 14 години се смета за одговорно само под германскиот кривичен законик, кога тој или таа покажуваат доволна зрелост и ментална состојба на развиеност во времето на прекршокот, со што тој или таа ја разбираат незаконитоста на прекршокот и се во можност да реагираат во линијата на таа разбирливост[305]. Судијата во вакви случаеви може да наметне надзорни мерки (Erziehungsmaßregeln), дисциплински мерки (Zuchtmittel) и казни за млади (Jugendstrafe).

---

[300] Section 68b of the German Code of Criminal Procedure.
[301] Section 71 of the German Code of Criminal Procedure.
[302] Section 1(2) of the Youth Courts Law.
[303] Section 19 of the German Criminal Code.
[304] Section 828 of the German Civil Code.
[305] Section 3 of the Youth Courts Law.

Што се однесува до помладите полнолетници, лицата кои наполниле 18 години, а не наполниле 21 година, судијата може да ги наметне истите мерки кои се однесуваат на малолетниците кои наполниле 14 години, ако се процени дека севкупната проценка на личноста на сторителите, земајки ја во предвид неговата или нејзината семејна средина, покажува дека во времето на делото неговиот или нејзиниот морален и интелектуален развој бил еднаков на дете помеѓу 14 и 18 години, или пак типот, околностите и мотивите укажуваат на тоа дека станува збор за младо недолично однесување.[306]

Затоа, во Германија минималната возраст за кривична одговорност не зависи од видот на кривичното дело, туку од годините и состојбата на менталниот развој на детето.

Табела 3. Малолетници кои се осудени

Година	Германци	Странци	Вкупно
2009	11.875,00	4.467,00	16.342,00
2010	10.574,00	4.562,00	15.136,00
2011	10.715,00	2.796,00	13.511,00
2012	12.716,00	4.742,00	17.458,00
2013	10.726,00	3.465,00	14.191,00
2014	11.954,00	2.574,00	14.528,00
2015	12.475,00	3.456,00	15.931,00
2016	10.577,00	2.884,00	13.461,00
2017	11.177,00	3.245,00	14.422,00
2018	9.462,00	2.924,00	12.386,00
2019	8.324,00	3.841,00	12.165,00
2020	13.854,00	4.626,00	18.480,00
2021	14.541,00	3.576,00	18.117,00
2022	18.924,00	3.946,00	22.870,00

Извор: Statistisches Bundesamt

Табела 2. Вкупна бројка на деца против кој е преземена некоја превентивна мерка и на ослободени деца

[306] Section 105 of the Youth Courts Law.

Ослободување		Германци			Странци			Вкупно		
		машки	женски	вкупно	машки	женски	вкупно	машки	женски	вкупно
СО ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ	Ограничувања	134	24	158	92	8	100	226	32	258
	Куќен притвор	592	28	617	81	59	140	673	77	750
	Поставување во интернат	412	51	463	298	105	403	710	156	866
	Превентивен притвор	350	25	375	185	51	236	535	76	611
Други ослободувања	Простување и слобода	182	50	232	168	72	240	350	122	472
	Истекување на казна	7	1	8	3		3	10	1	11
	14- годишни	5	2	6	21		21	26	2	28
	Бремени малолетници					2	2		2	2
	Недостаток на предуслови за притвор	6		6	20	9	29	26	9	35
Вкупно		1.588	171	1.865	868	306	1174	2.556	477	3.033

Извор: Statistisches Bundesamt

6.3.2 Обезбедување на информации

Ако се очекува дека дете над 14 години ќе биде предмет на некаква казна, Јавниот обвинител или пак претседателот на судот за малолетници мораат да го испрашат детето пред да биде казната досудена[307]. Обвинетото дете мора да биде известено за неговите права на начин кој ќе ја земе во предвид неговото ниво на едукација и развој. Родителите или старателот и правниот застапник мора да бидат информирани за правата кои ги има детето, а во случај да не се присутни на испрашувањето, ке бидат информирани писмено.[308]

[307] Section 44 of the Youth Courts Law.
[308] Section 70a of the Youth Courts Law.

Од моментот на првото испрашување од страна на Јавниот обвинител или пак од претседателот на судот за малолетници детето мора да биде информирано за следните права[309]:

■ за прекршокот за кој е обвинет и за применливите одредби од кривичното право;

■ за фактот дека правото му овозможува да одговори на обвинението, или пак да не дава никаква изјава по повод на обвинението;

■ за неговото право да се консултира со адвокат во било која фаза од постапката, дури и пред самото испрашување;

■ да побара да бидат изнесени некои докази во негова одбрана;

■ дека може да поднесе писмена изјава во одредени случаи;

■ за можноста за медијација помегу обвинетиот и жртвата;.

■ за можноста да ги отфрли сомневањата и да ги потврди фактите кои одат во негова корист.

Родителите или старателите и правните застапници се информирани за сите аспекти на судската постапка.[310]

6.3.3 Непосредни активности по првиот контакт со полицијата или други релевантни органи

Веднаш по започнувањето на постапката, ќе се отвори истрага за животот на обвинетото дете и неговото семејство, развојот, предходни контакти и други околности ќе се земаат во предвид колку може побрзо, се со цел да се оцени неговиот карактер и психолошката и емоционалната состојба. Исто така родители или старателите, како и училиштето во кое одело детето и неговите учители мораат да бидат контактирани и колку може побрзо и да бидат сослушани.[311]

Родителите или старателот и правниот застапник на обвинетото дете имаат право да бидат сослушани, да поставуваат прашања и да бараат да бидат присутни при некои акти од истрагата како и самото дете.

[309] Section 136 of the German Code of Criminal Procedure.
[310] Section 67(2) of the Youth Courts Law.
[311] Section 43 of the Youth Courts Law.

Правото да избере одбранбен советник и да пополнат легални правни лекови го имаат и родителите или правниот застапник на осомниченото дете. Како и да е, судијата може да ги отстрани овие права од родителите или старателите и правниот застапник ако и тие се осомничени како соучесници во делото или се осудени за ова дело. Ако и се одземени овие права на родителите или старателите и на правниот застапник, судијата ке одбере лице негувател кое ке се грижи детето да ги оствари правата и интересите кои го следуваат во постапката.[312]

Службите за помош во Судот за малолетници мора да бидат известени без одложување кога е побарано притвор за дете, или кога дете е привремено уапсено[313]. Нема специфични одредби затоа како дете треба да биде уапсено и одведено во полициската станица или затвор.

6.3.4 Услови за притвор

Притвор може да биде доделен само на дете над 14 години, ако не може да се оствари целта со прелиминарен надзор или со други мерки и ако е пропорционален. Може да биде доделен само ако се верува дека обвинетото дете навистина го направило делото и ако има основа за апсење. Основа за апсење има кога осомниченото дете побегнало или се крие, има ризик дека тоа ке ја избегне кривичната постапка, или пак кога делото на осомниченото дете дава строго сомневање дека тоа ќе уништи, отстрани, промени, потисне или пак фалсификува докази, ќе влијае на другите обвинети, сведоци или експерти, или ќе направи друг да го стори тоа.[314]

Генерално, притворот пред судењето не треба да трае повеке од 6 месеци. Сепак, притворот во одредени случааи ќе трае повеќе од 6 месеци, поради одредени тешкотии или пак поради невобичаено продолжување на истрагата или пак поради други важни причини, пресудата се уште не е конечна.[315]

Кога притворот пред судењето е нареден во текот на истрагата, наредбата за притвор мора да се оправда, зошто други мерки не се доволни, особено се мисли на на привремено сместување во дом за благосостојба за млади и да се обезбедат докази дека

[312] Section 67 of the Youth Courts Law.
[313] Section 72a of the Youth Courts Law.
[314] Section 112 of the German Code of Criminal Procedure.
[315] Section 121(1) of the German Code of Criminal Procedure.

овој притвор не е непропорционален[316]. При давањето на предлог за оваа мерка, мора исто така да се земе во предвид и стресот кој притворот го има врз детето.[317]

За деца под 16 години, притворот пред судењето поради опасност од бегство е усвоен, само ако обвинетото дете веќе побегнало од постапката или пак направило обид затоа, или пак нема постојано живеалиште.[318]

Одлуките за наредба за задржување се донесени од судија кој ја издал наредбата, или во ургентни ситуации, од судија од младинскиот суд во чија област треба да се извршува притворот.[319]

Ако детето е задржано во притвор, постапката мора да биде спроведена брзо[320]. Со цел да се заштити детето кога е возможно тоа мора да биде сместено во притвор пред судењето во специјална институција, или во специјален оддел во затворот, или пак во институција за притвор на малолетници[321]. Сепак, ова не е секогаш случај и во пракса. Понекогаш децата се притворени заедно со возрасните. Понатаму, при престојот во притвор мора да да бидат запазени и едукативните потреби на детето и тоа мора при задржувањето да биде задржано на безбедно место, во согласност со неговите потреби.[322]

Ако е нареден притвор за детето, мора веднаш да бидат информирани службите за помош во Судот за малолетници. Исто така правните организации за поддршка на младите и адвокатот на одбраната имаат право да зборуваат со детето.[323]

6.3.5 Алтернативи на судската постапка

Во кровичните постапки против деца, принципот на супсидијарност игра одлучувачка улога, диктирајќи само ако при гонењето не се гледа начин да се заврши постапката на неформален начин, детето треба да биде кривично гонето.

---

[316] Section 72(1) of the Youth Courts Law.
[317] Section 72(1) of the Youth Courts Law.
[318] Section 72(2) of the Youth Courts Law.
[319] Section 72(3) of the Youth Courts Law.
[320] Section 72(5) of the Youth Courts Law.
[321] Section 93(1) of the Youth Courts Law.
[322] Section 93(2) of the Youth Courts Law.
[323] Section 72a and 72b of the Youth Courts Law.

Со цел да се избегне судењето јавниот обвинител може да се откаже од гонење, ако детето извршило прекршок, детето е виновно за дело од минорна природа и ако нема јавен интерес за гонење[324]. За да се откаже од гонење на јавниот обвинител не му е потребна дозвола од судијата.

Јавниот обвинетел треба да се откаже од гонење, ако веќе била доделена мерка за супервизорски надзор и ако тој смета дека обвинение со вклученост на судија не е неопходно.[325]

Супервизорските мерки може да го бараат следното од детето:[326]

■ да следи инструкции кои се однесуваат на неговото место за престој;

■ да живее со родителите, или пак во станбено сместување;

■ да прифати место за обука или вработување;

■ да извршува одредени работни задачи;

■ да ја прифати негата и супервизорскиот надзор од одредена личност;

■ да присуствува на курс за обука за специјални вештини;

■ да се обиде да склучи спогодба со оштетената личност (спогодба помеѓу жртва и престапник);

■ да избегнува контакт со одредени личности или фреквентни места, кои обезбедуваат јавно гостопримство или забава;

■ да присуствува на курс за сообраќај;

■ да се подложи на супервизорска помош од социјален работник или на помош од институција која работи и дење и ноќе.

Јавниот обвинител треба да му предложи на судијата од Судот за малолетници, да изрече опомена, инструкции или пак услови ако обвинетото дете признае дека е виновно и ако Јавниот обвинител земе во предвид дека наредувањето на таква судска мерка е потребна, а изрекувањето на казна е несоодветно. Ако судијата од Судот за

[324] Section 153 of the German Code of Criminal Procedure.
[325] Section 45(2) of the Youth Courts Law.
[326] Section 9 of the Youth Courts Law.

малолетници се согласи со овој предлог, Јавниот обвинител треба да се откаже од гонењето.

Пример за инструкции вклучува и потреба да се одработи некоја работа, потребата за обид да се направи спогодба со жртвата или пак да се присуствува на курс за обука во сообракајот.[327]

Целта на искажување на опомена на детето, е тоа да сфати во целост дека неговите постапки се недозволени.[328]

Услови кои се бараат од детето се:

■ најдобро што може да ја поправи штетата на неговиот престап;

■ да се извини лично на оштетената личност;

■ да изврши одредени задачи;

■ да уплати одредена сума на пари на добротворна организација.

Притоа, не смеат да се поставуваат неразумни барања од детето.[329]

Откако Јавниот обвинител ќе го поднесе обвинителниот предлог, судијата може да ја прекине постапката во следните случаи[330]:

■ кога детето извршило некој прекршок, ако детето е виновно за дело од минорна природа и нема јавен интерес за гонење;

■ кога е изречена и се извршува надзорна мерка, со што се прави непотребно извршување на судски одлук;.

■ ако детето ја има признато својата вина и судијата смета дека судска одлука би била непотребна, во тој случај судијата може да побара детето да изврши одредени задачи, да побара детето да се обиде да направи спогодба со оштетениот (спогодба помеѓу жртва и престапник), или да учествува на курс за сообракај;

■ кога престапникот не е кривично одговорен, по основ на недоволна зрелост.[331]

---

[327] Section 10(1) of the Youth Courts Law.
[328] Section 14 of the Youth Courts Law.
[329] Section 15 of the Youth Courts Law.
[330] Section 47(1) of the Youth Courts Law.
[331] Section 47(1) of the Youth Courts Law.

Во согласнот со родител или старател и правен застапник, судијата може да побара детето да биде подлежено на третман за рехабилитација или под третман за зависност. Ако детето е над 16 години, такви услови може да бидат наметнати само со негова согласност.[332]

Кога постапката завршува со инструкции, а не со афинална пресуда, случајот нема да биде забележан во криминалното досие на детето. Како и да е, ваквите мерки ќе бидат вклучени во регистарот за едукативни мерки.

6.3.6 Минимизирање на товарот на постапката и обезбедување пријателска средина за деца

Во принцип може да се каже дека кога деца ќе направат помалку сериозен прекршок, истрагата може да заврши со мерки за пренасочување.

Постапките во кои деца се инволвирани, се одвиваат во Судови за малолетници. Судиите во Судот за малолетници и Јавните обвинители кои работат во материи поврзани со деца мора да имаат специјална обука и образование како и искуство во едукација и воспитување на деца. Просториите во кои се одвива постапката се помалку застрашувачки и се повеке пријателски настроени кон децата, за разлика од другите судови.[333]

Со цел да се обезбедат насоки и поддршка за децата осомничени кои се во очекување на постапката, судијата може да му додели на обвинетото дете- советник во било која фаза од постапката, дури и кога не е облигаторно да додели советник за одбраната. Родителите или старателот и правниот застапник можеби нема да бидат назначени како советници, ако ова може да се смета дека нема да биде предност за образованието и развојот на детето. На советникот може да му биде дозволено да ги разгледа фајловите од случајот. Тој ги има истите права при сослушувањето како и советникот на одбраната.[334]

При судењата на децата задолжително е присуство на служби за помош во Судовите за малолетници и социјален работник од канцеларииите за благосостојба за

[332] Section 10(2) of the Youth Courts Law.
[333] Section 39 of the Youth Courts Law.
[334] Section 69 of the Youth Courts Law.

млади[335]. Нивната улога е да ги опишуваат аспектите поврзани со образование, воспитување, социјален живот и благосостојба на децата, аспекти кои може да бидат релевантни за постапката. Дополнително, од нив се бара да учествуваат на судењето, со цел да приложат докази за личната позадина на децата и да му асистираат на судијата да ја најде соодветната санкција.

Судијата може да го исклучи обвинетото дете од сослушувањето со цел да го заштити, ако има ризик од потенцијални штети за неговото образование. Родители или старателите и правниот застапник исто така може да бидат исклучени кога лични околности на обвинетото дете се дискутираат, или пак кога се осомничени дека биле соучесници на детето при извршување на делото, или кога се осудени дека биле соучесници при извршување на делото.[336]

Јавниот обвинител може да побара од судијата во Судот за малолетници писмено или пак усно, да донесе одлука во поедноставена процедура кога се инволвирани деца. Ова може да се случи само кога се очекува дека судијата од Судот за малолетници ќе наметне само инструкции, ќе нареди супервизорски надзор од социјален работник или од службеник за условна казна, ќе побара дисциплински мерки, забрана за возење, ќе ја суспендира возачката дозвола и ќе наметне граница која не надминува две години или да наметне запленување или заплена.[337]

Судијата од Судот за малолетници може да донесе одлука во поедноставена процедура кога се вклучени деца, базирана според усните сослушувања. За да се поедностави, забрза и структурира постапката на пријателски начин кон децата, дозволено е некои од процедуралните одредби да се избегнат, но таквото избегнување да не значи дека ќе се спречи да се дојде до вистината. Одредбите кои се однесуваат на присуството на обвинетиот, статусот на родител или старател и на правниот застапник и нотификациите за одлуките мора да бидат набљудувани. Ако обвинетиот не дојде на усното сослушување, а притоа не го оправда неговото отсуство, може да биде наредено да се донесе пред судијата.[338]

[335] Section 38 of the Youth Courts Law.
[336] Section 51 of the Youth Courts Law.
[337] Section 76 of the Youth Courts Law.
[338] Section 78 of the Youth Courts Law.

Приватно обвинителство не е возможно против деца[339]. Во однос на опцијата на поднесување на обвинение против дете како помошен обвинител, ова е само возможно од лице кое било жртва на сериозно кривично дело како дело против животот, физичкиот интегритет или сексуалното самоопределување кое сериозно физички или ментално ја оштетило жртвата или ја изложило на таква опасност.[340]

6.3.7 Заштита на децата во текот на сослушувањето и при сведочењето

Уште од првото сослушување од страна на Јавниот обвинител или пак од страна на претседателот на Судот за малолетници, обвинетиот мора да биде информиран за неговите права.[341]

Родителот или старателот и правниот застапник, училиштето и вработените во него мора да бидат контактирани и што е можно побрзо да бидат сослушани.[342]

Родителите или старателите и правниот застапник на обвинетиот имаат право да бидат сослушани, да поставуваат прашања и да поставуваат барања, или да бидат присутни во текот на некои акти од истрагата на ист начин како и обвинетото дете.

Судијата може да нареди обвинетото дете да не биде присутно во текот на сослушувањето, ако ова може да влијае негативно за неговото образование и развој. Детето мора да биде информирано за сите сослушувања кои се одвивале во негово отсуство, затоа што ова е неопходно за неговата одбрана.

При судењето на млади лица, задолжително е присуството на службите за поддршка во Судот за малолетници и на социјален работник од канцеларијата за благосостојба на млади.

6.3.8 Право на правен советник, правна помош и застапување

Обвинетото дете исто како и возрасните мора а биде советувано, дека правото му гарантира одредени права, во секоја фаза, дури и пред испитувањето, да се консултира со советник на одбраната по негов избор.

---

[339] Section 80(1) of the Youth Courts Law.
[340] Section 80(3) of the Youth Courts Law.
[341] Section 136 of the German Code of Criminal Procedure.
[342] Section 43 of the Youth Courts Law.

На детето мора му биде доделен бесплатен советник на одбраната од страна на судијата, кога се исполнети условите да му биде доделен[343]:

■ главното првостепено сослушување се одвива во повисокиот Регионален суд или пак во Регионалниот суд;

■ обвинетото дете се товари за кривично дело;

■ постапката може да резултира со наредба со која се забранува извршување на занимање;

■ обвинетото дете било во институција најмалку 3 пати по судска одлука, или со дозвола на судијата и не било ослободено од таа институција најмалку две недели пред почетокот на главната расправа;

■ може да му се изврши тест за неговото ментално здравје, со цел да се процени неговата ментална состојба;

■ претходниот правен советник бил исклучен од постапката со судска одлука[344].

Дополнително, детето има право на задолжителен бранител:

■ ако на родителите или старателите и на правниот застапник им се одземени правата или се исклучени од сослушувањето;

■ ако се земе во предвид обвинетиот да се одведе во институција со цел да се подготви извештај од експерт за неговиот личен развој;

■ ако била донесена одлука за притвор пред судењето.[345]

6.3.9 Правни лекови или надомест за повреда на права и непостапување

Со цел да се осигура дека кривичните постапки во Германија, кога е вклучено дете, се кратки колку е можно повеќе, правни лекови се бараат само кога е неопходно.[346]

[343] Section 68n.1 of the Youth Courts Law.
[344] Section 140(1) of the German Code of Criminal Procedure.
[345] Section 68 n. 2-5 of the Youth Courts Law.
[346] N. 1 to Section 55 of the Guideliies to the Youth Courts Law.

После известувањето за некоја судска одлука, која може да биде обжалена во одреден временски период, детето и неговите родители или правен застапник, ќе бидат информирани за опциите да ја обжалат таквата одлука и за временскиот лимит и пропишаната процедура.[347]

Одуката, која содржи само мерки за супервизорски надзор или дисциплински мерки, не може да се обжали со цел детето да стане предмет на некоја друга едукативна мерка. Понатаму, детето може да ја обжали одлуката само еднаш, или да упати жалба до Регионалниот суд со цел да добие второ сослушување, или пак до повисокиот суд на повисокиот Регионален суд, за повторно разгледување на правни прашања. Родителот или старателот или правниот советник, може да го повлечат правниот лек поднесен од детето, само со негова согласност.[348]

Ако детето било осудено на вкупна казна како резултат на неколку кривични дела, судот за жалби може, пред главното сослушување, да ја прогласи пресудата за дел од казната за извршна ако вината на детето за некои од прекршоците не е оспорена. Ова е дозволено само ако е во најдобар интерес за детето. Овој дел од казната не може да ја надмине казната предвидена за оние кривични дела за кои не е оспорена вината на детето. Може да се пополни веднаш жалба против оваа наредба.[349]

Кога судот одлучува за жалба во врска со повреда на правото, поради повреда на правото на детето да биде сослушано, а тоа било клучно за крајниот исход на случајот, после барање од детето кое е застапувано од родителите или од правен застапник, судот мора да ја врати постапката во состојбата пред да биде донесена одлуката.[350]

[347] Section 35a of the German Code of Criminal Procedure.
[348] Section 55 of the Youth Courts Law.
[349] Section 56 of the Youth Courts Law.
[350] Section 356a of the German Code of Criminal Procedure.

6.4 Детето како жртва или престапник

6.4.1 Обезбедување на информации

Обезбедување на информации за жртвата

Нема специјални одредби за обезбедување на информации за децата. Детето жртва како и возрасните, може после барање, да биде известено за завршувањето на постапката и за нејзиниот исход. Дополнително, тие имаат право да бидат информирани кога на осуденото лице му било наредено да се воздражи од контакт со нив. Детето мора да го испрати ова барање преку неговиот правен застапник. Ова барање се дава писмено на полицијата или судот.[351]

Исто така детето- жртва може да бара информации дали мерките за задржување се наредени или пак се завршени за обвинетото или осуденото лице, или дали условите за притвор се поблаги или е одобрено отсуство.[352]

Обезбедување на информации за обвинетиот

Ако обвинетиот е виновен според судот тој ќе биде известен затоа усно, а ќе биде известен и за основите на пресудата. Подоцна, истото ќе му биде доставено и писмено. Пресудата ги содржи сите околности кои биле земени во предвид и биле одлучувачки за таквата казна, за наредените мерки, или за причините поради кои биле пресудени и дисциплински мерки и санкција. Моралот детето, неговиот интелектуален и физички капацитет исто така ќе бидат земени во предвид. Обвинетото дете нема да биде информирано за основите на пресудата, ако има основан страв дека со тоа ќе се влијае негативно врз неговото образование и развој.[353]

6.4.2 Санкции

Клучниот принцип на германскиот млад судски систем е правилото притвор за дете да биде мерка во краен случај. Како што спомнавме предходно, само деца над 14

[351] Section 406d of the German Code of Criminal Procedure.
[352] Section 406d of the German Code of Criminal Procedure.
[353] Section 55 of the Youth Courts Law.

години може да бидат осудени за прекршок кој го направиле. Со цел да се обезбедат мерките и санкциите за деца кои се во конфликт со законот да се во согласност со принципот на пропорционалност и возраста на детето, а се земат во обзир и физичката и менталната благосостојба и развој на детето, судијата може да донесе надзорни мерки (*Erziehungsmaßregeln), дисциплински мерки (Zuchtmittel) и казни за млади (Jugendstrafe). Надзорните и дисциплинските мерки, како и комбинација од неколку надзорни или неколку дисциплински мерки, може да се донесат во комбинација.*

Надзорните мерки значат издавање инструкции и наредба да се искористи надзорна помош.[354]

Инструкциите се состојат од насоки и забрани, со кој младата личност мора да научи да го смени своето однесување во животот и со кој мора да се гарантира и промовира неговото образование. Во интрукциите мора да нема неразумни барања за начинот на кој детето го променува своето однесување во животот. Во суштина, судијата може да го упати детето:

■ да почитува инструкции поврзани со неговото престојувалиште;

■ да живее со семејството или во станбено сместување;

■ да прифати место за обука или вработување;

■ да извршува одредени работни задачи;

■ да се препушти себеси на негата и надзорот на одредена личност ;

■ да присуствува на обука за социјални вештини;

■ да се обиде да постигне примирје со оштетената личност (примирје помеѓу обвинет и жртва);

■ да избегнува контакт со одредени луѓе или пак да избегнува фрекфентни места, да промовира гостопримство;

■ да присуствува на курс за патен сообраќај.

Во согласнот со родителот, старателот или пак законскиот застапник, судијата исто така може да бара детето да подлежи на специјален третман за рехабилитација

[354] Section 9 of the Youth Courts Law.

или третман за зависност. Ако детето е 16 години или пак повеќе, такви услови може да се вметнат само со негова согласност.[355]

Откако ќе се слушне канцеларијата за благосостојба на млади, судијата може да бара детето да има надзорна поддршка од социјален работник или пак да оди во соодветна установа.[356]

Ако казната за млади не се изрече, а се уште се смета дека детето има одговорност за делото кое го има направено, судот ќе изрече дисциплински мерки и тоа:

■ опомени со цел целосно да му бидат разјаснети неговите погрешни делувања[357].

■ наметнување услови, што може да бараат од детето да:

- да ја поправи штетата што настанала од неговиот прекршок најдобро што може;

- да се извини лично на оштетената личност;

- да изврши одредени задачи;

- да уплати одредена сума на пари на добротворна организација;[358]

■ притвор за млади (Jugendarrest), кој не надминува повеќе од четири недели.

Достапните опции за одлука се да се одлучи слободно за затвор (Freizeitarrest) во рок од два или четири дена, краток термин во затвор (Kurzarrest) кој изнесува четири дена, или подолг термин во затвор (Dauerarrest), од една до четири недели.[359]

Младинската казна се однесува на мерки со кои младото лице се лишува од слобода, во објект во кој тоа е одделено од возрасните. Може да се примени, како резултат на штетните склоности демонстрирани од детето во текот на делото кое го има извршено, надзорните и дисциплинските мерки не се доволни за да се исполни целта на надзорот, или пак ако таквата казна е неопходна поради сериозноста на вината на детето.[360]

[355] Section 10 of the Youth Courts Law.
[356] Section 12 of the Youth Courts Law.
[357] Section 14 of the Youth Courts Law.
[358] Section 15 of the Youth Courts Law.
[359] Section 16 of the Youth Courts Law.
[360] Section 17 of the Youth Courts Law.

Минималнато траење на младинската казна може да биде шест месеци, а максималното пет години. Ако пак делото претставува сериозен кривичен прекршок, за кој е пропишано казна затвор од над десет години, во таков случај младинската казна затвор за детето може да биде од максимум десет години.[361]

6.4.3 Лишување од слобода

Основниот закон, германскиот Устав, вели дека личната слобода е неприкосновена[362]. Рестрикции се дозволени само според базите од формалното право. Дополнително, одлуката да се ограничи нечија слобода може да биде донесена само од судија.[363]

На деца над 14 години во Германија може да им биде одземена слободата:

■ како мерка на превенција;

■ преку притвор пред судењето;

■ преку младинско старателство (притвор и казна за млади);

■ преку поставување во привремен притвор;

■ пред нивно депортирање.

Со цел да се заштити општеството од престапникот (или потенцијалниот престапник), мерките на реформи и превенција може да бидат наметнати, како сместување во психијатриска болница или пак институција за третман од зависност.[364]

Притвор и казна за млади треба да бидат наметнати само во краен случај, кога супервизорските мерки и други дисциплински мерки повеќе не се ефикасни.[365]

Казната за млади може да биде суспендирана. Ако поминале повеќе од 6 месеци од укинувањето на одлуката, таа не треба да се наметнува во целост. Извршување на притвор за млади е недозволиво, ако има поминато една година од донесување на

[361] Section 18 of the Youth Courts Law.
[362] Article 2(2) of the German Basic Law (Grundgesetz)
[363] Article 104(2) of the German Basic Law (Grundgesetz)
[364] Section 7(1) of the Youth Courts Law.
[365] Section 5(2) of the Youth Courts Law.

одлуката од страна на судот[366]. Одлуката за младинска казна, може да биде суспендирана од страна на судот, за одреден пробен период, ако судот смета дека самата пресуда, дури и неприменета, имало доволно едукациски и предупредувачки ефект врз детето[367]. Дури и вистинското изрекување на младинската казна може поради едукативни причини, да биде суспендирано поради добро однесување.[368]

Осудено дете кое има наполнето 18 години и не може да подлежи на младинска казна, ќе биде затворено според правилата за возрасни.[369]

Мерките за притвор за млади треба да го зголемат чувството за самопочит на детето и да го натерат да разбере дека треба да преземе одговорност за погрешното кое го има направено. Притворот за млади треба да биде структуриран извршен според едукативните потреби на детето. Треба да му помогне да ги надмине тешкотиите, кои го воделе до извршување на кривичното дело. Младинскиот притвор треба да се изврши во центрите за притвор на млади.[370]

Овие мерки се донесуваат во согласност со принципот 'попустливост пред сериозност'. Ова се одразува на принципот на пропорционалност и во пракса значи дека секоја дадена мерка, може да биде наметната само ако следната помалку сериозна мерка не е доволна во смисла на едукативниот ефект[371]. Во пракса, безусловната казна за млади е доделена само на 2% и суспендирана пресуда затвор за млади за 4% за сите формални и неформални санкции против престапници од 14 до 21 година[372]. Судот може да нареди поставување во привремен притвор, откако детето извршило казнена пресуда од најмалку 7 години поради сериозно кривично дело против животот, физичкиот интегритет или од сексуална природа, или поради тоа што било пронајдено дека е виновно за кражба при која било предизвикано смрт, употребување на сила при вршење на кражба за да се задржи украдената стока, уцена, и користење на сила или закана против животот или здравјето од кои жртвата добила тешко физичко или ментално оштетување. Ова е можно ако пред детето да ја служи својата казна, има

[366] Section 87(3) of the Youth Courts Law.
[367] Section 21 of the Youth Courts Law.
[368] Section 27 of the Youth Courts Law.
[369] Section 89b of the Youth Courts Law.
[370] Section 90 of the Youth Courts Law.
[371] Horst Viehmann, Strategies for Violence Prevention within the German framework of Juvenile Criminal Law in Crime Prevention and Criminal Justice, for the XII. United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice 2010, p 109 published by the Federal Ministry of Justice, pp. 1-29.
[372] Frieder Dunkel, Migration and ethic minorities in Germany: impact on youth crime, juvenile justice and youth imprisoment, 2012, p. 22 (pp-1-42).

факти кои укажуваат дека детето е се уште опасност за општеството и силно се верува дека тоа ќе ги изврши пак истите кривични дела.[373]

Привремениот притвор по првичната осуда се задржал во Германија до мај 2011 година, затоа што тоа преставува повреда на човековите права според Европската конвенција за права на човекот, досудена од Европскиот суд за човекови права. Според ова, Германскиот уставен суд утврдил дека таквиот превентивен притвор е противустав.

6.4.4 Кривична евиденција

Само казна за млади[374], без разлика дали суспендирана или не, ќе биде забележана во Федералниот регистар за криминал[375]. Кога постапките ќе завршат со инструкции, а не со финална пресуда, случајот ќе биде регистриран во регистерот за едукативни мерки, на кој пристапот има повеќе рестрикции.[376]

Судовите, Јавниот обвинител, администрацијата во затворите, департаманите на полицијата за кривична истрага, органите за такси и неколку специфични организации немаат рестрикции за пристап до сите информации во кривичната евиденција, преку барање за таканаречена изјава за регистар[377]. Кога засегнатата личност има над 14 години таа може да направи увид во фајловите ако испрати барање.[378]

Сертификатот за однесување може да го побара вработен. Во него има помалку информации од изјавата во регистарот[379], дневни казни и многу кратки затворски казни нема да бидат забележани во сертификатот. Ако друг влез не може да биде пронајден во регистарот. Што се однесува за децата, само пресуди кои не се суспендирани и се поголеми од две години, ќе бидат забележани.[380]

---

[373] Section 7(2) of the Youth Courts Law.
[374] Section 27-30 of the Youth Courts Law.
[375] Morgenstern, C, Arndt, E.M, Judical Rehabilitation in Germany – The use of Criminal Records and the Removal of Recorded Convictions (2011) 3 Europian Journal of probation 20-35.
[376] Section 4 n. 4 of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.
[377] Section 41 of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.
[378] Section 42 of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.
[379] Section 32 of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.
[380] Section 32(2) of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.

Што се однесува до пресудата за прекршок, информациите за деца престапници ќе бидат побрзо избришани од оние информации за возрасни и тоа за период од 3 до 20 години.[381]

7. Компаративна анализа на кривичното право во Франција, Италија, Германија со кривичното право во Република Северна Македонија

Секоја држава си има свои законски прописи, на кои мораат да се придржуваат граѓаните, во спротивно ќе сносат санкции. Истото се однесува и за малолетниците, кои ќе мора да ги сносат последиците, во случај на сторено кривично дело во годините кога веќе имаат стекнато кривична одговорност.

Француското кривично право вели дека децата кои имаат наполнето 13 години се кривично одговорни, па поради тоа француското кривично право ги дели децата на две групи помегу 10 и 13 години и втората грпа помегу 13 и 18 години. Само заштитни, помошни, надзорни и едукативни мерки (mesures de protection, d'assistance, de surveillance et d'éducation), може да се досудат за дете кое ќе се најде дека е криминално, одговорно за прекршок што го направило пред да наполни 13 години. Децата помеѓу 10 и 13 години понатаму можат да бидат предмет на едукативни санкции кога околностите на случајот и личноста на детето тоа ќе го налага.

Италијанското кривично право за кривично одговорни ги смета децата кои имаат наполнети 14 години. Секое дете кое нема наполнети 14 години се смета дека тоа не е кривично одговорно и тоа мора веднаш да биде пуштено на слобода со ослободителна пресуда од страна на судијата. Притоа и самата казна за детето треба да биде помала од вообичаена .Италијанското кривично право се залага судијата при определување на казната да ја испита средината во која детето живеело, како и социјалната релевентност на кривичното дело.

Германското кривично право исто така децата за кривично- одговорни ги смета со навршени 14 години, додека децата кои не наполниле 14 години може да одговараат само за направена штета според граѓанското право. Санкции кои може да се наметнат на деца кои навршиле 14 години се надзорни мерки, дисциплински мерки и казна за млади. Судијата во секој случај пред да ја наметне санкцијата треба да ја оцени

[381] Section 34 of the Act Governing the Federal Registar of Criminal and Court Records.

физичката и менталната состојба на детето, како и дали е тоа свесно за негативните последици кои ги предизвикало од неговите постапки. Во секој случај според германското кривично право дали детето е кривично одговорно зависи од годините и менталната развиеност на детето, а не од видот на кривичното дело.

И кај нас е прифатено дека детето е кривично одговорно со навршени 14 години. Потоа децата кои веќе навршиле 14 години се делат на две групи мегу 14 и 16 години и мегу 16 и 18 години. Против првата група на деца може да се наметнат само воспитни мерки, додека против втората група на деца може да се наметнат како воспитни мерки, така и кога има оправдана причина и кривична санкција. Притоа при определување на било каква мерка или пак санкција судијата мора да ја земе во предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, тежината на стореното кривично дело, во каква средина живеел, дали спрема него порано била изречена казна затвор за деца или пак воспитна мерка и сите други околности кои мора да се земат во предвид при определување на мерката за да се оствари нејзината цел. При изрекување на воспитните мерки детето не се огласува за виновно.

Француското кривично право има предвидено жирок опсег на мерки кои може да се наметнат против детето. За деца помеѓу 10 и 18 години може да се наметна голем број на едукативни мерки како на пример, мерки за поставување, медијација, активности во текот на денот. За деца од 13 до 18 години може да се наметнат следните превентивни мерки, привремен притвор и социјално-едукативна судска контрола. За деца од 10 до 18 години може да се изречат и воспитни мерки како вина, медијација, дневни активности и мерки за сместување, а исто така за оваа група на деца може да бидат наметнати и едукативни мерки.

Италијанското кривично право наметнува алтернативни казни за притвор и тоа ги става децата под надзор на социјалните служби, куќен притвор, полустарателство, предвремено ослободување и условно ослободување. Исто така има и специјални мерки кои му овозможуваат на детето да ја напушти кривичната постапка колку може побрзо, а исто со тоа да му се овозможи брза рехабилитација и реинтеграција. Како такви одлуки се сметаат веднаш изјаснување за отсуство на кривична одговорност, ослободителна пресуда за криминална нерелевантност на фактот, запирање на

судењето со условна казна, судско помилување и условно одложена казна. Децата во никој случај не можат да бидат осудени на доживотен затвор.

Германското кривично право против дете кое навршило 14- годишна возраст може да наметне надзорни мерки, дисциплински мерки и казни за млади. Надзорните и дисциплинските мерки може да се донесат и во комбинација. Со претходна согласност на родителот, а во случај детето да има навршено 16 години и со негова согласност судијата може да наметне и специјален третман за зависност или третман за рехабилитација. Судот исто така може да му изрече на детето и дисциплински мерки, во случај да не изрече казна за млади и тоа опомени, наметнување услови или пак притвор за млади кој не надминува повеќе од четири недели. Исто така кога детето извршило сериозен прекршок може да му се наметне и казна за млади, во објект одделен од возрасните.и тоа минимално од шест месеци, а максимално од пет години. Ако казненото дело е од 10 години, во таков случај максималната казна ќе биде до десет години.

Македонското кривично право против детето сторител на кривично дело најчесто применува воспитни мерки. Тие потоа се делат на дисциплински мерки, под кои спаѓаат укорот и упатување во дисциплински центар за малолетници. Потоа имаме мерки на засилен надзор, во кои спаѓаат мерки на засилен надзор од страна родителите, посвоителот или старателот, засилен надзор во друго семејство и засилен надзор од страна на социјален орган. На крај постојат и заводски мерки, упатување во воспитна установа и воспитно- поправен дом.

Италијанското кривично право е со став дека само деца кои сториле кривично дело за кое казната е над 9 години или доживотен затвор, ќе им биде изречена затворска казна. Ваква санкција може да се наметне само на деца со наполнети 14 години. Тие кога ќе наполнат 21 година ќе бидат префрлени во затвор за возрасни, но се до 25 години ќе бидат одделени од возрасните затвореници.

Француското кривичното право е со став дека затвор за деца може да се наметне само на деца кои имаат навршено 13 години и тоа за деца од 13 до 16 години мора да има ублажување на казната, додека деца над 16 години можеби нема да имаат бенефит од оваа мерка поради сериозноста на кривичното дело кое било сторено. Децата до 18 години задолжително ќе бидат одделени од возрасните сторители на кривични дела.

Според германското кривично право само на деца кои имаат наполнето 14

години, може да им биде одземена слободата. Со цел да се заштити општеството од престапникот (или потенцијалниот престапник), мерките на реформи и превенција може да бидат наметнати, како сместување во психијатриска болница или пак институција за третман од зависност. Притвор и казна за млади треба да бидат наметнати само во краен случај, кога супервизорските мерки и други дисциплински мерки повеќе не се ефикасни.

Затвор за деца според кривичното право на Република Северна Македонија може да се пресуди само против деца кои имаат наполнето 16 години, за затворска казна за која е предвидено минимум казна затвор од 5 години и делото е сторено под отежнувачки околности и има висок степен на кривична одговорност на сторителот. Казната затвор се изрекува во обем од една година најмалку до 10 години најмногу.

Заклучок

Основниот правен иструмент поврзан со малолетничката правда кај италијанското кривично право е Претседателскиот декрет број 448 од 1988 година, дополнет со Кривичниот закон и Законот за кривична постапка. Основни принципи во системот за малолетничка правда се заштита на најдобрите интереси на детето и нивното право за образование. Структурата на постапката за кривична правда балансира помеѓу потребата на детето за образование и потребата на државата да го казни неговото непримерно однесување. Судот за малолетници е компетентен за кривични дела извршени од деца. Полицијата, властите за малолетничка правда и службите за малолетничка правда, како и правните советници кои работат со децата се специјализирани за прашања поврзани со деца и имаат специјална обука за таа намена. Кривичниот закон и Законот за кривична постапка, предвидува заштитни мерки за децата сведоци и жртви.

Малолетничката правда според Француското кривично право се потпира на три главни столба:

■ образованието е фаворизирано пред казнувањето.

■ јурисдикциите треба да бидат специјализирани.

■ пресудите треба да се индивидуализираат.

Родителите се одговорни да ги користат правата на децата во нивен најдобар интерес, затоа што детето не е препознаено како правно способно. Како и да е, детето ќе се смета за кривично одговорно со наполнети 13 години, а други мерки може да бидат преземни за деца под оваа возраст. Деца од 10 до 13 години може да бидат прогласени за виновни за прекршок, но системот за правда ќе ја земе во предвидената возраст на детето и самообразовни мерки или санкции може да се наметнат. Без разлика на годините на детето, судијата секогаш треба да се увери, дека тоа е доволно

зрело. Поради тоа, судијата треба секогаш да се увери, без разлика дали детето е жртва или осомничен, дека е инволвирано во сите фази од постапката колку што дозволува нивното разбирање, а исто така дека се инволвирани и родителите на детето.

Инволвираноста на детето е возможна, пред се поради специјализација на различни професионалци инволвирани во кривичната правда. Прво, беа воведени специјализирани полициски млади бригади, кои работат исклучиво со жртви кои се малолетници. Тие се одговорни за истрагата и испрашувањето на детето, да му ги објаснат неговите права, процедурата и инволвираните лица. Второ, некои јавни обвинители се специјално обучени за случаи во кои се инволвирани деца и ќе бидат директно контактирани кога дете е жртва или осомничено за сериозно кривично дело. Судот за малолетници е специјализиран за малолетници и може да преземе било какви акции кога се работи за деца- жртви и осомничени. Трето, неодманешните напори преземени од Националниот совет на адвокатската комора, имаат за цел да создадат специјализирани француски адвокати за малолетничка правда, преку обезбедување редовна обука и создавање локални групи за адвокати на деца. Исто така, се вклучени и други неправни актери во текот на истрагите, рочиштето и потоа, обезбедувајки мултидисциплинарен пристап. Некои од овие актери се компетентни да обезбедат комплетен профил на детето како осомничен и да бидат сослушани од судијата, да бидат присутни на сослушувањето и можат да дадат дирекно сугестија за мерка или санкција на судијата.

Конечно, правдата погодна за деца е обезбедена преку комплетната ‘’кутија со алатки’’ дадаена на Јавниот обвинител и на Судот за малелтници. Јавниот обвинител може да одлучи дали е соодветно да преземе правна акција или едноставно да побара заштитни или алтернативни мерки, како прв чекор во имплементацијата на столбовите за образование и индивидуализација. Како и да е Судот за малолетници има на располагање повеќе видови на образовани, помошни и казниви мерки и санкции, прилагодени на секое дете и неговата специфична ситуација. Овие мерки или санкции може дополнително да се прилагодат, изменат или укинат, притоа мора да се земе во предвид најдобриот интерес за детето и во текот на постапката и потоа.

Според Германскиот кривичен правен систем за деца- жртви и сведоци, како и осомничени може да се смета во целост како пријателски настроен спрема децата и

како основен пример како треба да се земаат во предвид годините на детето, неговата физичка и ментална способност, како и неговите образовни потреби.

Заштитата на децата- жртви се обезбедува со неколку полициски иницијативи, закони и со владини и невладини институции. Децата жртви и возрасните жртви ги уживаат истите права. Како и да е, некои права се однесуваат само за децата- жртви, а некои за сите жртви земајќи ја во предвид нивната ранливост.

Дете над 14 години е кривично одговорно според Германискиот кривичен закон, кога тоа е доволно зрело и има ментален и морален развој во текот на вршењето на делото, со што ја разбира недозволеноста на прекршокот и може да се однесува во линија со таа разбирливост. Судијата може да наметне мерки на супервизорски надзор, дисциплински мерки и казна за млади. Што се однесува за децата осомничени, обвинети и прекршувачи на законот, кривичниот правен систен се грижи за нивна реинтеграција и избегнување на повторување на кривични дела. Со цел да се обезбеди ова, правниот пристап кон деца кои го прекршиле законот следи првично образовен концепт. Неформалните санкции како диверзија или суспензија се воспоставени како правило, за деца кои првпат се судираат со законот.

Користена литература:

1. Камбовски Владо, Казнено право, општ дел, Штип
2. Закон за правда за децата
3. European Commission, 'Agenda for the Rights of the Child', 2011.
4. European Convention of Human Rights.
5. Suzanne Van der Van, 'Variable Vulnerabilities? Comparing the Rights of Adult Vulnerable Suspects and Vulnerable Victims under EU Law', 2016
6. UN Committee on the Rights of the Child, 29 May 2013
7. Convention on the Rights of the Child, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly Resolution 44/25 of 20 November 1989.
8. International Covenant on Civil and Political Rights, Adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 2200A (XXI) of 16 December 1966
9. Committee of Ministers of the Council of Europe, Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child-friendly justice, 17 November 2010.
10. Resolution of the Council on a Roadmap for strengthening procedural rights of suspected or accused persons in criminal proceedings, 30 November 2009.
11. Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings, 11 May 2016.
12. Directive (EU) 2016/343 of the European Parliament and of the Council on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings, 9 March 2016
13. Suzanne van der Aa, 'Post-Trial Victims' Rights in the EU: Do Law Enforcement Motives Still Reign Supreme?', 2014
14. General Assembly Resolution 40/34, adopted on 29 November 1985
15. General Assembly Resolution 2005/20, adopted on 25 May 2005.

16. Recommendation Committee of Ministers to the member states concerning children of imprisoned parents, 4 April 2018.
17. Memorandum of Understanding between The Ministry of Justice, The National Ombudsman for childhood and Adolescence and Bambinisenzasbarre ONLUS, 2014.
18. Italian Penal Code, of 19 October 1930.
19. Decree of the President of Republic n. 230 of 30 June 2000 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'
20. Law n. 269 of 3 August 1998 'on exploitation of prostitution, pornography, sexual tourism as new forms of slavery'.
21. Code of Criminal Procedure, of 22 September 1988.
22. National Juvenile Chambers 'Guidelines on the special legal representative in the proceedings of adoptability'
23. Italia Civil Code of 16 March 1942
24. Treviso Chart of 5 October 1990
25. Decree of the President of Republic n. 448 of 22 September 1988 'Approval of provisions on the criminal procedures applicable to juvenile offenders'.
26. Law n. 354 of 26 July 1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'
27. Code of Civil Procedure of 28 October 1940
28. Ministry of Education 'Criminal responsibility and children: the role of the school director'.
29. Viale S., 'Juvenile Justice in Italy'.
30. Law n. 354 of 26 July 1975 'on penitentiary system and on the execution of measures depriving or limiting liberty'.
31. Circular of the Ministry of Justice of 2 May 2005 on the improvement of the judicial treatment of procedures on sexual offences
32. Criminal Circular 99-4 F1 of 20 April 1999
33. Civil Code promulgated on 21 March 1804 (30 Ventôse Year XII) by Consul Napoléon Bonaparte.
34. Law n° 98-468 of 17 June 1998 on the prevention and repressing of sexual offences, and the protection of children
35. Judiciary Organisation Code created by Decrees n° 78-329 and n° 78-330 of 16 March 1978 establishing the Judiciary Organisation Code (1st Part) and (2nd Part)

36. Civil Procedure Code created by Decree n° 75-1123 of 5 December 1975 establishing a new Civil Procedure Code
37. Criminal Procedure Code created by Ordinance n° 58-1296 of 23 December 1958 modifying and completing the Criminal Procedure Code
38. Criminal Code created by Law 92-686 of 22 July 1992 reforming the Criminal Code relating to the prosecution of crimes against the nation, the state and the public peace.
39. Public Health Code, France.
40. Education Code, France.
41. Law n° 89-487 of 10 July 1989 : 'un écrit objectif comprenant une évaluation de la situation d'un mineur presumé en risque de danger ou en danger nécessitant une mesure de protection administrative ou judiciaire'.
42. Law of 29 July 1881 on press liberty modified by the Law n°2000-516 of 15 June 2000
43. Family code, France.
44. Criminal Procedure Code created by Ordinance n° 58-1296 of 23 December 1958 modifying and completing the Criminal Procedure Code.
45. Ordinance n° 45-174 of 2 February 1945 on juvenile delinquency.
46. Criminal Code created by Law 92-686 of 22 July 1992 reforming the Criminal Code relating to the prosecution of crimes against the nation, the state and the public peace.
47. http://www.polizei.nrw.de/rhein-kreis-neuss/artikel__3043.html.
48. Federal Child Protection Law, of 22 December 2011
49. Protection Against Violence Act, of 11 December 2011
50. Act to Harmonise Protection for Witnesses, of 11 December 2011
51. Residence Act, of 20 July 2004
52. The Guidelines for the Public Prosecution Office, of 1 January 1977
53. Act Governing the Federal Register of Criminal and Court records, of 18 March 1971
54. Guidelines to the Youth Court Law, of 15 February 1955.
55. Courts Constitution Act, of 12 September 1950.
56. German Code of Criminal Procedure, of 12 September 1950.
57. German Criminal Code, of 15 May 1871.
58. The Basic Law, of 23 May 1945.
59. German Civil Code, of 18 August 1896.
60. Youth Courts Law, of 4 August 1953.
61. .Morgenstern, C., Arndt E. M, Judical Rehebilitation in Germany – The Use of Criminal Records and the Removal of Recorded Convictions, 2011

62. Frieder Dunkel, Migration and ethic minorities in Germany: impact on youth crime, juvenile justice and youth imprisoment, 2012